РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ''

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

НАСОКА АРХИВИСТИКА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ ВО ЛИЧНИОТ ФОНД „СТЕВАН СИМИЌ“ ВО АРХИВОТ НА МАНУ КАКО ИЗВОР ЗА ИСТОРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Кандидат: Ментор

Никола Веселинов Проф. Д-р. Борче Илиевски

Скопје 2019

СОДРЖИНА

ВОВЕД

1. Архивски фондови поим и значење.....................................................................................7.

1.2. Архивско законодавство во Македонија...........................................................................15

1.3 Критериуми за формирање на архивски фонд...................................................................21

1.4.Принципи за формирање на архивски фонд.......................................................................23

1.4.1 Постапка на формирање на фонд кога има прекини, укинување, и раздвојување..............................................................................................................................23

1.5 Периодизација на фондовите.............................................................................................25

1.6 Критериуми за одредување назив на фондот-збирката.....................................................26

1.7. Критериуми за одредување на седиште на создавачот......................................................27

1.8. Критериуми за одредување на гранични години на создвачот и материјалот........27

1.9. Критериуми за одредување на фондовска припадност.....................................................29

1.10 Категоризација на архивските фондови-збирки ..............................................................29

1.11 Класификација на фондовите......................................................................................... .30

1.12. Истражување.....................................................................................................................30

1.13. Досие на фонд/збирка........................................................................................................36

2. Семејни и лични фондови....................................................................................................39

2.1 Средување на семејни и лични фодови..............................................................................42

3. Архивскиот фонд „Стеван Симиќ“...................................................................................... 51

3.1 Архивистички опис на фондот ...........................................................................................54

3.1.1.Содржина на фондот:...........................................................................................................54

3.1.2.Историска белешка.....................................................................................55
3.1.3.Историјат на фондообразователот...........................................................55
3.1.4. Историјат на фондот.................................................................................... 57
3.1.5.Класификационен план.................................................................................57
3.1.6.Архивскиот материјал во фондот „Стеван Симиќ“ како историски извор..... ........59
3.1.7.Сумарен инветарен преглед..............................................................................64
3.1.8. Алитички инветарен преглед..............................................................................67
4. Вредност (валоризација) и значење на фондот „Стеван Симиќ“.................................... 128
ЗАКЛУЧОК.........................................................................................................148
Прилог.............................................................................................................152
Список на користена и консултирана литература ...............................................................166

# Вовед

Архивите традиционално биле основани од државата, за да и служат на државата, како дел од хиерархиската структура и организациската култура. Архивската наука својата рана легитимизација ја пронаоѓа во статистичките теории и модели, од проучувањето на карактерот и својствата на постарите државни записи. Добиените теоретски концепти оттогаш се усвоени од речиси секој друг вид архивска институција ширум светот, вклучително и приватните архиви за собирање

Архивите се социјални конструкции. Нивното потекло лежи во потребите за информации и социјалните вредности на владетелите, владите, деловните активности, здруженијата и поединци кои ги воспоставуваат и одржуваат. И покрај промените во природата на евиденцијата, употреба за тие записи и потреба од нивно зачувување, архивите, уште од антиката, биле за моќ - за одржување на моќта, за моќта на сегашноста да контролира што е, и ќе биде познато за минатото, за моќта на паметење над заборавање.

Иако е тешко да се утврди кога за прв пат се појавила потребата луѓето да ги зачуваат своите записи, со појавата на уредување на човековите заедници се створиле разни правни односи меѓу луѓето и различните работни трансакции, каде се јавила потребата да се запишат и сочуват, како би во случај на потреба тие правни акти послужат како доказ.

На почетокот на дваесет и првиот век, архивите почнале фундаментално да се менуваат: архивите биле на народот, за народот, дури и од народот. Додека одржувањето на одговорноста на владата и административниот континуитет и заштитата на личните права сеуште со право се препознаваат како важни цели за архивите, главната оправданост за архивите за повеќето корисници, како и рефлектирана во повеќето национални и државни архивски законодавства, се потпира на архивите кои можат да им понудат на граѓаните чувство за идентитет, локација, историја, култура и лична и колективна меморија

Архивистиката со својата теорија и практична дејност, пред се, со изворниот архивски материјал одговара на потребите на речиси сите општествени и хуманистички науки. Како научна дисциплина архивистиката е нераскинлив дел и поврзана со историјата. Архивите преку средувањето и обработката на архивскиот материјал ја олеснуваат работата на историчарите. Историските истражувања речиси без исклучок почнуваат со консултирање и проучување на архивскиот материјал. Тие претставуваат основни извори за историографски проучувања.

Првите фондови кои почнуваат да се архивираат биле семејните и личните архиви, со развојот на архивската наука доаѓа до сознание дека овие фондови припаѓаат на посебна групација. Нивната комплексна структура и разновидноста на архивските материјали предизвикува посебно влијание, како од теоретска така и од практична гледна точка.

Личните архиви или фондови, се состоеле од документација за текот на животот и работата на лица кои припаѓаат на високите слоеви од политичкиот и економскиот живот. Организацијата и целината на овие архиви зависеле од општествените околности и уредувања на истите тие личности, затоа иако денес имаме голем број на иформации за општественото уредување на одреден временски преиод, сепак повеќето од нив се добиени со помош на архивските документи на влијателните личности од тој период.

Истражувањето и проучувањето на архивираниот материјал како и неговата содржина и обем е посебен предизвик. Во архивските фондови се наидува на разновиден материјал кои треба да се утврди според неговите содржински и дипломатски одлики. Еден таков архивски фонд, е збирот на документи на Стеван Симиќ врз кој ќе обрнам посебно внимание и анализа.

Вариететот на архвскиот колектив на Стеван Симиќ дава претстава за одреден временски период и неговите политички и социјални движења, но во неговата анализа мора да се земе во предвид и пристрасноста на самиот колекционер. Богат со материјали од разни области од кои најголем бенефит имаат етнологијата и етнолошките науки, исто така дава голем придонес во лексикологијата и лексиколошките истражувања на јазикот.

Тоа е поради големиот број на ракописи, бележници, статии кои темелно и сликовито го прикажуваат политичкиот и животот на обичниот народ.

Токму пишаните извори забележани во истаржувањата на Стеван Симиќ денес претставуваат еден извореден историски извор за проучување на историскиот и етногеографскиот карактер во Македонија во периодот од балканските војни и периодот меѓу двете светски војни, каде овие ракописи се чуваат во Архивот на МАНУ во личниот фонд на Стеван Симиќ.

Една од основните причини за кои што се решив да истражувам на конкретната тема е дека многу мал број на материја и информации за Стеван Симиќ се обработени.

# Прва Глава

## Архивски фондови поим и значење

Архивистиката како наука не може да се занимава само со опишувањето на архивскиот материјал, односно нејзините целини и нивниот историјат. Напротив, врз основа на историските методи, таа треба да истражи на кој начин во одредени временски периоди одделни документи се споени во поголеми целини, што се темели на сфаќањето на Бренке во неговата Наука за архивите [1]. Таквото сфаќање и денес е општо прифатен принцип за органско единство на архивските целини на основа на нивната провиниенција, како за архивскиот материјал во создавање, така и за архивскиот материјал[2] во архивите, без оглед на носачот на кој таа е забележана[3].

Иако архивистиката долго време била вбројувана во помошно-историските науки, поаѓајќи од филозофското гледиште што е наука и научните факти коишто упатуваат на тоа дека архивската дејност се темели на научно-истражувачка работа, следи констатацијата дека архивистиката е наука. Објект на интерес е архивскиот материјал и регистратурскиот материјал се до моментот кога од него не е одбрана архивскиот материјал. Оттука, архивистиката се дефинира како збир на знаења за карактерот и значењето на архивскиот материјал и дејноста на архивите. Архивистиката како наука ја оформила својата теорија, методологија и практика. Архивска теорија е збир на архивистички идеи за тоа што е архивскиот материјал; архивска методологија е збир на архивистички идеи како да се постапува со таа граѓа; архивска практика е примена на теоретските и методолошките идеи во одредени ситуации.

Со појавата на писмото започнало означувањето и документирањето на поголемиот дел од работењето на одредено општество. Така настанале записите кои претставуваат трагови и пораки од минатото и со помош на кои се пренесуваат значењето и искуството.

---

[1] Brenneke, A., Archivkunde. Ein Beitrag zur Theorie und Geschichte des europäischen Archivwesens bearbeitet nach Vorlesungsnachschriften und Nachlasspapieren und ergänzt von Wolfgang Leesch, Leipzig 1953

[2] Архивски материјал е целокупниот изворен и репродуциран (пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудиовизуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан) документарен материјал од трајна вредност, кој е од значење за Републиката, науката, културата, имателите, како и за други потреби, Службен весник на Република Македонија, (бр. 95/212, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015), Закон за архивски материјал, член 3, стр. 43.

[3] Duranti, L., Arhivski zapisi, teorija i praksa, HDA, Zagreb 2000

Имено архивските документи и архивите, постојат уште од времето кога била создадена писменоста и кога сопствениците пројавиле интерес за зачувување на своите документи заради себе или идни поколенија.

Првите облици на вакво човечко дејствување во светот се појавиле во дворовите на владетелот Асурбанипал (668 – 626 п.н.е.) во Ниневија и во Вавилон, каде се откриени многубројни глинени плочи испишани со клинесто писмо[4]. Во ваквите пишани остатоци треба да се пронајдат содржините на еден од најстарите архиви.

Во VI век пред наша ера во Атина постоел архив сместен во Метрон, храм на Мајката на боговите, каде се чувале договорите, законите и записниците од народните собранија. Метроонот се издигал како општо збирно место за сите општествени документи и бил претворен во вистински државен архив на атинската република[5].

Во Рим државните акти се чувале во Сатурновиот храм и во Табулариумот и претставуваат државни архиви на римската империја.

Пресвртница на европската цивилизација претставува падот на Римската империја. Овој настан имал пресудно значење и влијание на цивилизацијата првенствено во западна Европа која влегла во период на раниот среден век кој се карактеризира со пропаѓањето на антиката и нејзините текови, што се однесува и на писменоста, односно на создавањето и чувањето на документите.

Низ епохата на промени на народи, варварски освојувања, војни и пустошења кои ставиле крај на антиката и го одбележале периодот на средниот век, многу документи кои биле зачувани од антиката биле уништени и разнесени. Архивите кои содржеле богати пишани документи за минатото на елинските градови – републики и за самата римска империја биле уништени. Од целото богатство што го поседувале сега се останати само мали делови[6].

Во суштина ова претставува основна карактеристика на западноевропската цивилизација се до појавата на Каролиншката ренесанса која претставува израз за обнова

[4] Иван Дуйчев, Лекции по архивистика, София, 1993, стр. 37
[5] Ibidem, 38
[6] Ibidem, 44

на државните и црковните организации врз темелите на антиката. Покрај останатото, пак се започнало со документирање на одредени активности.

Во средниот век како средство за бележење најчесто се користи пергамент. Најчест облик на средновековна документација се повелбите кои се создадени во одредена форма и според зададени правила кои претставувале веродостојно доказно средство. Оваа документација најчесто претставувала доказ за имот или некое феудално право, односно власт па се чувало со останатите драгоцени работи во ризниците, односно станувало збор за недостапна документација. Поедини феудални владетели ги чувале своите архиви во кулите, црквите и палатите, додека другата документација секогаш ја носеле со себе во зависност од местото на престојот на дворот. За разлика од владетелските, црковните архиви останале многу подобро сочувани, бидејќи црквата имала многу постабилна организација.

Погледнато низ историјата, архивскиот материјал честопати се сметала како воен плен и се разнесувала низ светот. Оттука многу значајни архивски материјали се наоѓаат низ разни архивски збирки во разни институции низ светот, но и кај приватни колекционери.

Француската револуција на принципи на еднаквост, братство и слобода донела и значајна придобивка – човечкото право на архивирање. Оваа придобивка претставува пресвртница и темел на формирање на современи архиви, бидејќи со неа се губи карактерот на затвореност, тајност, феудалното средство за чување на документацијата за имотите и власта, односно човекот остварува право на информации и знаење, додека науката добива право на своите извори.

Во почетоците на архивите не се гледало како на установи кој материјал ќе служел за науката, туку се гледало како да имаат само правно значење и почесто како административна намена. Сепак тој материјал за таа употреба требало да биде средена за да биде попристапна за користење бидејки со години се натрупувала. Како последица на тоа дојдено е до потреба во Европа да се појават бројни теоретичари. Во погледот на средувањето на почеток се предлагало да се создадат вештачки групи кои ке немаат никаква врска со потеклото на документот.

Вакви слични тези и идеи се појавуваат во доцниот XVII век во разни места и држави каде што траело до XVIII век, но сите се биле со различни сфаќања, објаснувања и предлози како да се средува, сепак се е било недоволно јасно бидејки во глвнина се гледало на правната страна на документите и правното значење на установата. Во втората половина на XVIII век голема новост во Германија донесол Филип Ернест Спис со неговиот запис објавен во Хале 1777 година во кој за прв пат теоретски ја образложува важноста на архивата, каде од архивистот се бара не само познавање на правото и историјата, но и познавање на помошните историски науки. Тој во својот запис бара донесување на помошни историски средства, го разработува проблемот во изборот на документот, а во поглед на средувањето смета дека најдобар начин е да се препише специфичната природа на материјалот. На овие записи одредени теоретичари тврделе дека планот во средувањето и поделбата на материјалот треба однапред да се утврди како тоа да е единствен правилен систем во работењето. Таква употраба на рационален систем на разделување на фондот на материја се задржала до првата деценија на XIX век[7]. Во XIX век правецот во европската архивистика го диктира Франција, која со овие прашање, теоретски и практично се занимава после револуцијата.

Се до XIX век средувањето на архивскиот материјал во архивите не се засновал на утврдените принципи. Средувањето е работено според однапред утврдена шема. Класификационата шема била под влијание на начинот на средување на книгите во библиотеките. Таа вештачка класификација на материјалот ја изработувале библиотекарите, а најголемо влијание имало во Франција. Нивното размислување околу средување на материјалот неможе да се ослободи од принципот на средување на книгите во библиотеките. Во услови на неразвиена архивска теорија и пракса кај библиотекарите оставил сериозен белег на структурата на архивскиот материјал во архивите. Последицата на непочит на фондовските целини и примената на библиотечниот принцип на средување на материјалот била сопрена со интегритетот на содржината на поврзаноста на документите и отежнато со користењето на архивскиот материјал. Посебен проблем

[7] Brenneke, A., Op.cit, 44-66

настанал кога се утврдени начелата на средување, односно кога ќе се врати материјалот во оквирот на фондовската целина и првобитната цел.

Во Франција во 1794 година е основан Националниот архив кој на чело дошол Армандо Гастон Комус, а после него Пјер Клод Франсоа Дану. Овие две имиња имаат големо влијание врз средувањето на архивскиот материјал. Во нивното средување е направен превид во тоа што ја немаат забележано разликата помеѓу органската целина на книгите и органската целина на архивскиот материјал на создателот на некој фонд. Поистоветувањето на овие два потполно различни поими довело до формирање на четири групи на записи од страна на Комус, а со доаѓањето на Дану се зголемил бројот на групите. Групите се делеле на секции така како што настанале: административна секција, историска секција, топографска секција и други. Внатрешно во групите материјалот е групиран во подгрупи. Начинот на вакво групирање на архивскиот материјал не го почитувал начелото на целовитоста на фондот ниту провинијенција на материјалот.

Француските архивисти во вакви прилики имале големи проблеми со приливот на новиот материјал каде што во архивите бил во големи количини, што не можел да се средува на овој начин во догледно време каде што ќе биде достапна. Поради оваа причина се забразал теоретскиот развој. Спрема тоа принципот на провиненција не само што е лулка во Франција туку било и потреба. Првото напуштање на ваквиот метод на средување на архивскиот материјал е дојдено кога во 1839 година е донесена првата регулатива која во деталност е регулирано средувањето и класификацијата на депарманските и комуналните записи. Кои на 24 април 1841 година се усвоени од Министерството за внатрешни работи. Со овој пропис е утврдена шема на групирање на департманските записи. Новина во ова претставува во тоа што е утврдено основно начело на почитување на фондовските цели. Оваа наредба која во прво време била намената само за депармантските архиви, не само што подоцна се пренесла и на останатите француски архиви, меѓувремено прераснала во едно интернационално правило. Таа транзиција од различни методи на принцип на провиненција претставува еден долг и лесен развој. На

глобално поле во архивистиката се смета дека системот на провиниенција е во целосно и доследно прифатен како condition sine qua non (услов без кој неможе да биде)[8].

Меѓутоа принципот на провиниенција на потеклото на материјалот не е почитуван, така да во внатрешноста на фондот средувањето се вршело по хронолошки, географски и анафалбетски ред.

Со наредбата од 1841 година е поставено првото начело во почитување на фондовите. Општата класификација во записите на фондовите, а во внатрешноста на фондовите спрема материјалот, единствено е соодветно да го осигура непосредното остварување на правилното работење, сметале франсуските архивисти. Според ова може да се забележи дека францускиte архивисти освен почитувањето на фондовските целини не отишле подалеку во проблемот на средување на материјалот. Иако треба да се истакне дека постапката на утврдување на начелата околу почитување на фондовските целини е донесена основата за понатамошен развој на архивистичката мисла во целовитост со прогледување на принципот на провиниенција[9].

Сепак со наредбата од страна на францускoто Министерство се создал Поимот фонд, каде што авторството или кум на овој поим му се препишува на Наталис де Ваји. Ист таков поим се сретнува и во Прусија во 1881 година, односно кога со инструкции од 1898 истото било побарно од провинциските архиви. Терминот "архивски фонд" бил теоретски разработен во детали во книгата на Милер, Фејт и Фруин, и од 1898 година овој термин бил постепео усвоен и широко бил применет во Европа. Принципот на прифатеност на терминот фонд бил сериозно заштитен од директорот на Националниот архив на Франција, Анри Стен во 1910 година. Овој принцип по неговите зборови означувал, обединување на архивските материјали што произлегуваат од една регистартурска установа, организација, семејство или одделна личност во едно архивско тело односно фонд. Теоритичарите од 20-тите и 30-тите години на XX век меѓу кои и германецот А. Бренке (во неговата книга од 1953), архивскиот фонд го дефинираат како комплекс од документи чиј состав и организација зависат од историјата. А по зборовите на Н. А. Фомин " документите треба да се подредат по таков ред кој навистина би го

[8] Радмила Петковић Поповић, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд, 1972, стр.206
[9] Богдан Лекић, Архивистика, Беогад, 2006, стр.117

одразувал историскиот живот и дејност на еден или друг фондообразовател. Тогаш документите ќе се претстават пред истаржувачите во системот што логички го одразува одот на историскиот процес”.

Треба да се напомене дека поимот фонд во архивистичката литература во други земји се употребува и друг термин како што е архив, архивско тело, архивска група и група на списи[10].

Записите на една регистратура ја сочинува природна заедница која се темели на единството на потеклото. Секој запис во рамките на некоја органска целина зазема одредено место во заедницата на останатите списи кои имаат исто потекло. Целокупниот архивски материјал кој е меѓусебно органски поврзан и каде постои природна врска со правното и физичкото лице од каде што произлегува и работењето, го создава архивскиот фонд. Создавачот на архивскиот фонд може да биде установа во најширока смисла во зборот, некоја друштвена организација, но и некоја приватна особа. Широкото разбирање на поимот фонд опфаќа поголем збир на архивски материјал од различна провиненција кои се од меѓусебно сродни институции. Додека во тесна смисла значењето на поимот се ограничува на организационите единици во установата, поготово ако се самофинансирани. Во првиот случај се зборува за комплексноста на фондот, а во вториот околу едноставноста на фондот. Како пример за првиот случај може да се земи архивскиот материјал во судовите на одредено подрачје или архивскиот материјал на градските управи со сите нејзини организациони единици. По правило малиот збир на архивски материјал се спојува во еден фонд кој се темели на меѓусебната сродност. Од комбинациите на наведените критериуми разликуваме едноставен фонд настанат со работата на правни и физички особи и исто така сложен фонд на правни и физички особи[11].

Архивски фонд[12] и целокупниот архивски материјал кој го сочинува едно изворно тело, во суштина треба да го дефинираме фондот дали е од организациско – правно или од административно технички аспект. Фондот во организациско правна смисла и

---

[10] IZ ARHIVISTIKE, Prirucnik za sluzbenika arhiva, Beograd 1959 godina, str.105
[11] Priručnik iz arhivistike, Zagreb 1977,str. 28
[12] Во европа воглавно се користи терминот фонд, додека во Соидинетите Американски Држави се користи терминот Record Group (група на дадотеки)

целокупниот материјал кој настанал со работењето на една организација или со работењето на една особа која со својот правен статус се смета за самостојно правно тело.

Фонд во техничко административна смисла е целокупниот материјал кој според својата административна заобленост и структура создава една посебна целина. Често таквата техничка административна целина го смета материјалот кој е поврзан заедно со протокол и индекс.

Без оглед дали фондот ќе го дефинираме со првата или втората смисла, разликата во дефиницијата вообичаено нема влијание во структурата на архивот, бидејќи во секој случај треба да се обедини техничко административното тело во организациско правно тело. Прашање е дали првата и втората дефиниција не попречува во структурата на архивот според потеклото. Во архивите каде што се собира материјал од повеќе различни и многубројни извори соодветно ке биде фондот да се обработи во организациска правна смисла. Во архивите кои се ограничени со материјали од едно потекло како на пример една градска управа, зборот фонд е најдобро употребуван во техничко административна смисла. Во архивот од кој материјалот е од едно потекло далеку ги надминува помалите материјали од различни извори, може да се комбинираат во двојна смисла на зборот фонд[13].

Фонд е збир на органски поврзани документи настанати во работењето на една институција и истакнати семејства и поединци. Документот на еден фонд го сочинува оној документ кој се подготвува од други институции; кои се доставени од други институции (копија) и документи кои се создале во меѓусебна комуникација на организационите единици внатрешно во создавачот на материјалот. Кај фондот задолжително се почитува целината на архивскиот материјал и принципот на провиненција на документот и неговиот првобитен почеток на созадање во работењето. Овие принципи имаат задача да ја сочуваат органската целина на фондот и внатрешно неговите единици кои се природно здружени документи. Во рамките на фондот постојат единици кои се природно здружени документи (книги, предмети, досиеа, класификациони групи и подгрупи) и на неодреден број на физички единици за чување на архивски материјал (омоти, кутии, фасцикли, мапи

[13] Priručnik iz arhivistike, Zagreb 1977,str.111

и друго). Фондот својот назив го добива според називот на институцијата на кој документите припаѓаат[14].

## 1.2. Архивско законодавство во Македонија

Архивското законодавство се занимава со проучување, утврдување и прием на правна регулатива околу заштитата и користењето на архивскиот материјал и регистраторскиот материјал како извор на архивскиот материјал, се утврдуваат правата и обврските на сите субјекти како творци на архивски материјал во поглед на нивната заштита обработка и користење, конституира систем на заштита на архивскиот материјал така да надвор од него не може да биде никој кој поседува архивски материјал по било која основа. Ги регулира и некои витални прашања кои се значајни за градење на единствен систем на заштита, користење, обработка, валоризација, категоризација, информирање и утврдување на основни начела-принципи на кои се заснова системот на заштита и користење на архивскиот материјал, како и организирање на архивската служба, одржува степен на развој на архивистичката мисла и го насочува понатамошниот практичен развој на архивиските служби во целина. Тоа врз база на пракса и искуство, создава предуслови за понатамошен развој на архивистичката мисла и пракса која треба да го следи современиот тек на друштвениот развој.

Архивското законодавство е еден од основните извори за проучување на историјата на архивските служби. Тоа овозможува континуирано следење на законодавството и архивистичката мисла. Тоа е по природа на својот предмет на обработка, исклучително е значајно за согледување на архивистичката теорија и пракса[15].

Со создавањето и организирањето на современата македонска држава се бележат и првите почетоци на македонското архивско законодавство. По втората светска војна во Македонија, паралелно со донесувањето на конститутивните документи за македонската државност и за кодификација на македонскиот јазик се појавуваат и првите архивски прописи.

[14] Богдан Лекић, Op.cit, 34
[15] Богдан Лекић, Op.cit,16

Прв документ од таков вид претставува писмото на Министерството за просвета од 3 мај 1945 година [16] со кој се има намера за основање на Архив на Народно ослободителното движење на Македонија во состав на Народната библиотека во Скопје, кој за задача на овој архив била да се прибере, заштити и среди за користење во научни цели архивскиот и мемоарскиот материјал.

Набргу потоа со Решение од 31 мај 1946 година [17] била формирана Комисја за прибирање на архивскиот материјал, каде што по своето конституирање испратила распис до просветните оддели при Народните одбори со барање да формираат комисии од редовите на просветните работници, со задача да собираат архивски материјал.

По донесувањето на неколку привремени прописи во периодот од 1944 до 1949 година, во 1950 година бил донесен првиот Општ закон за државните архиви во Југославија [18], со кој во согласност со овој закон на 6 јануари 1951 година Народното собрание на НР Македонија го донел првиот позначаен пропис "законот за државни архиви [19]", каде архивското законодавство на Македонија го добила првиот закон за архивска служба и врз основа на него е формиран Државниот архив на НР Македонија, а од 1950 до 1960 година е изградена архивската мрежа со формирање на девет регионални архиви. Државниот архив имал за цел да собира, чува, заштитува и обработува архивски материјал создаден кај републичките институции и материјал што е од значење за историјата на македонскиот народ, како и да овозможува нејзино користење за научни и други цели.

---

[16] Писмо од Министерството за народна просвет на ДФМ до Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија во Скопје, бр. 2500, од 3 мај 1945., писмото се чува во Државниот архив на РМ во фондот на министерството за просвета.

[17] Решение на Министерството за просвета, бр. 2543 од 31 мај 1946, објавено во Службен весник на НРМ бр. 19/46 од 19 јуни 1946, стр. 177.

[18] Службен весник на ФНРЈ, бр. 12/50 од 18.февруари 1950 година, стр. 287-289.

[19] Службен весник на НРМ, бр. 1/51 од 12 јануари 1951 година, стр. 3-5.

Архивското законодавство во Македонија во периодот од 1951 до 1965 се карактеризира со преовладување на самоуправен правен систем на односи и со нагласено влијание на сојузното законодавство. Но со јакнењето на суверените права на републиките, архивското законодавство се пренесува во нивна исклучива надлежност[20].

Во СР Македонија од 1965 до 1977 година се поставени нормативно - правните основи на кое се засновало денешното архивско законодавтво. Така во 1965 година е донесен Законот за архивски материјал и архивите[21] каде согласно со него Државниот архив на НРМ бил преименуван во Архив на Македонија а регионалните во историски архиви. Со овој закон подобро биле разработени поимите архивски материјал и регистратурски материјал, обврските на имателите, надлежностите на архивите, начинот на предавање на материјалот во архивите, откупот и користењето на архивскиот материјал. Во овој период донесени се и неколку стручно - методолошки упатства, одлуки и решенија каде што се регулираат одделни прашања со архивското работење, а едно од позначајните е Упатството за вршење повремени прегледи и одбирање на архивскиот материјал од регистратурскиот кој е донесен во 1968 година[22], каде со оваа упатство се регулираат повремените прегледи во регистратурите, со цел да се овозможи правилно одбирање на архивскиот материјал од регистратурскиот, а во врска со ова е донесен и планот за архивски знаци за рапоредување на решените предмети, листа на категории на архивски материјал од трајна вредност и листа на категории на регистратурскиот материјал со рокови на чување за секоја година. Упатството донесено 1968 година било од значително значејне бидејки била унапредена архивската практика и во архивите се повеќе се примал среден и евидентиран архивски материјал.

---

[20] Иван Алексов, Актуелни задачи на архивите во времето на транзицијата, Архив на Македонија, Скопје 1996, стр 200-205

[21] Службен весник на СРМ, бр. 16/65 од 21 април 1965 година, стр. 380-386.

[22] Службен весник на СРМ, бр. 43/68 од 23 декември 1968 година. Стр. 691-693

Во 1973 година бил донесен Законот за архивска дејност[23], што со него се развило архивското право, кое добило европски димензии. Овој закон во архивската дејност опфаќал заштита, евидентирање, собирање, средување, обработување, стручно одржување, користење и објавување на архивскиот материјал, како и заштита, евидентирање, чување, одбирање и стручно одржување на регистартурскиот материјал во регистратурите[24]. Посебно се истакнува дека архивската дејност е од посебен општествен интерес и се остварува задолжително на целата територија на СР Македонија[25].

Уредбата и упатството за канцелариско работење и за одбирање на архивскиот материјал од регистратурскиот која била донесена во 1977 година[26], освен прашањето за канцелариско работење за прв пат се уредува и материјата за одбирање, каде одбирањето се врши во самите регистратури во процесот на работа на актите и предметите, во моментот на одлагање и архивирање на решените предмети. Со Уредбата подетално се регулираат работите и правилата од доменот на канцеларискoто работење: примање, прегледување и распоредување; административно техничката обработка на актите: експедирање, разведување, архивирање, чување и средување; одбирањето, евидентирањето, заштитата и користењето на архивскиот материјал кај имателот до нејзиното предавање на надлежниот архив. Додека со Упатството подетално се пропишуваат правилата и техниката на постапување со актите во канцеларискoто и архивското работење на имателите.

Законите, Уредбите и Упатстават донесени во периодот од 1965 до 1977 година, создадени се нормативно - правни и стручни основи, каде што е изграден еден архивски законодавен систем со кој мошне успешно се регулирани прашањата што се од витално значење за современата архивска теорија и пракса.

Со прописите вградени усогласени се светските архивски стандарди и законодавни решенија, каде на здрави основи се решени некои проблематики во Македонија како што се основањето, организацијата, надлежностите и задачите на архивската служба,

---

[23] Службен весник на СРМ, бр. 47/73 од 31 декември 1973 година, законот стапил на сила на 8 јануари 1974 година, стр. 1301-1305
[24] Закон за архивска дејност, Член 1, Сл. В. На СРМ, бр. 47/73 од 31 декември 1973 година, стр. 1301
[25] Ibidem, Член 9, Сл. В. На СРМ, бр. 47/73 од 31 декември 1973 година, стр. 1301-1302
[26] Службен весник на СРМ, бр. 14/77 од 14 април 1977 година, стр. 273-289.

архивските мрежи, поимот и значењето на архивскиот материјал и регистратурскиот, законските обврски на имателите на материјалот, заштитата, чувањето и користењето.

Општествените промени предизвикани со распаѓањето на социјалистичкиот систем од 1988 до 1991 година, архивската служба во Македонија ја имала потребата за донесување на ново архивско законодавство. Основна причина била нагласената потреба за јакнење и подобрување на статусот и улогата на архвите во државата и општеството и примена на единствена методологија на работење.

Во 1990 година по иницијатива на Државниот архив е донесен Законот за архивки материјал[27], по државното осмостојување на Македонија, Законот за архивски материјал во 1995 година е изменет и дополнет[28]. Во согласност со законот се донесени неколку промени каде што е подобрен статусот и третманот на архивскиот материјал, Државниот архив на РМ се трансформирал во интегрирана управна организација со девет подрачни одделенија воспоставени се единствено управување, финансирање и кадровска политика, создадена е архивска испекција, им е наложено на имателите да вршат редовно одбирање и евидентирање на арахивскиот материјал и во таква состојба да му ја предават на Архивот чија крајна цел е ефикасна и квалитетна заштита и нејзино користење.

Со цел да се обезбеди подетална разработка и примена на Законот во период од 1996 до 1998 година донесени се неколку подзаконски акти. Најпрво е донесена Уредбата за канцелариско и архивско работење со кој се уредува начинот на работата и правилата на постапување со документарниот материјал и архивскиот материјал во канцеларискотo и архивското работење на сите иматели во Република Македонија[29], потоа Уредбата за утврдување на критериуми за подолги рокови за користење на архивскиот материјал[30] и Уредбата за посебна заштита на архивскиот материјал во воена и вонредна состојба[31].

Како резултат на интезивната нормативна дејност на Архивот на Македонија, претставува донесувањето на Упатството за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивскиот материјал во канцелариското и архивско

[27] Службен весник на СРМ, бр. 36/90 од 8 ноември 1990 година, стр. 646-650.
[28] Службен весник на РМ, бр. 36/95 од 27 јули 1995 година, стр. 900-902
[29] Службен весник на РМ, бр. 58/96 од 17 октомври 1996 година, стр. 3025-3028
[30] Службен весник на РМ, бр. 31/96 од 24 јуни 1996 година, стр. 1141
[31] Службен весник на РМ, бр. 37/98 од 29 јули 1998 година, стр. 2009

работење [32], каде со оваа упатство се разработуваат одредбите на Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и постапката на одбележување на документите со подолги рокови на користење[33].

Законот, Уредбите и Упатствата во временски период од 1990 до 1998 година ги регулирале неколкуте прашања како што се: канцелариското и архивското работење на имателите, заштитата на архивскиот материјал во воена и вонредна состојба, продолжените рокови за достапнпост и коритењето на материјалот како и методологијата за работа во Архивот.

Со донесувањето на Законот за архивски материјал[34] во 2012 година и Уредбата за канцелариско и архивско работење[35]во 2014 година, нормативното и правното регулирање на канцелариското и архивското работење во Република Македонија го задолжува сите субјекти во државата кои со своето работење создаваат архивски материјал од трајна вредност да го евидентираат и чуваат, во согласност законските прописи, се до моментот на неговото предавање во Државниот архив на Република Македонија[36].

Архивското законодавство во Р Македонија главна карактеристика е што претставува еден разработен и заокружен нормативен систем. Значително влијание има врз инапредувањето на архивскат практика, како кај имателите така и во Државниот архив. Денес се следат сите светски насоки, особено во поглед кон демократизација на рхивите, примена на меѓународните архивистички стандарди и електронските архивистички материјали.

[32] Службен весник на РМ, бр. 60/97 од 28 ноември 1997 година, стр. 2655-2668
[33] Службен весник на РМ, бр. 59/98 од 9 декември 1998 година, стр. 3146-3147
[34] Службен весник на РМ, бр. 95/2012 од 26 јули 2012 година, стр. 43-51
[35] Службен весник на РМ, бр. 01/2014 од 03 јануари 2014 година, стр. 4-8
[36] Службен весник на Република Македонија, бр. 95/2012, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015, стр. 43-51

## 1.3 Критериуми за формирање на архивски фонд

Често организациските промени настанале по основа на промена на државното уредување, законски преструктуирање на организациите и надлежности на државните институции, промена на канцеларискиот систем на работење, недоволна грижа околу архивскиот материјал и неговите создавачи, довело до нарушување на различните фондовски провиненцији, така да донесено е упатсво за утврдување на критериуми[37].

Прашањето за примена на провиниенција на архивскиот материјал и за најголемото ниво на здружување на документите - архивски фонд, било разгледувано и во Македонија. За оваа пишувале бројни архивисти, каде во 1985 година советот за научно истражувачка дејност при Сојузот на архивски работници на Југославија ја донел Препораката за условите и начинот на формирање архивски фонд и архивска збирка[38], а основна цел била да се изградат и применат единствените критериуми при определување и формирање архивски фонд и архивска збирка. Врз основа на оваа препорака Сојузот на друштвата на архивски работници на Македонија формирала посебна Комисија[39] која ги има изработено Криитериумите за условите и начинот на формирање архивски фонд и архивска збирка[40]. Овие критериуми во главно ги следат критериумите содржани во Препораката, каде што се внесуваат и одредени дополнувања.

Сепак во критериумите најпрво се објаснува за поимот архивски фонд и архивска збирка, но овде земена и дефиницијата за сеемен и личен фонд кои се дефинираат како:

- целина на архивски материјал кој се создал во работата на правното лице или лицата кои имаат својства на самостоен правен субјект (фонд)

[37] Богдан Лекић, Op.cit, 121
[38] САРЈ до Архивот на Македонија, акт бр. 555/6-85 од 31 јули 1985 година
[39] Комисијата била формирана 1985 гидина во која учествувале:Трајко Зајковски, Иван Алексов и Виолета Герасимова
[40] Критериуми за условите и начинот на образување архивски фонд и архивска збирка, Архив на Македонија, 1986 година

- Семеен или личен фонд е целина на архивскиот материјал кој се создал во делување на едно семејство (семеен) или личност (личен) која има значајна општествена улога
- Архивска збирка претставува вештачки создаден збирка на одделни целини на архивскиот материјал, без оглед на провиниенцијата, сврзани според хронолошки, тематски критерими или медиуми на кој е забележан., но не смее да се поистоветува со поимот фонд[41].

Архвскиот материјал се оформува како архивска целина во фонд кога нејзиниот создавач и самата документација ги исполнуваат следниве услови:

1. Да е донесен правен акт или акт со правна сила (законска или подзаконска) за формирање на фондообразовател,
2. Создавачот на архивскиот материјал да имал својство на правно лице или својство на самостоен правен субјект,
3. Создавачот на материјалот да делувал во услови на еден општествено-политички систем и едно државно-правно уредување,
4. Кај создавачот на материјалот да немало побитни промени во неговото овластување, статус и делокруг на работа, во неговата организацијаи територијална надлежност,
5. Архивскиот материјал да биде создаден во рамките на самостојно регистратурско работење на нејзиниот создавач[42].

Доколку се работи за државен орган, орган на управата или правосуден орган тој стекнува својство на архивски фонд кога создавачот на материјалот ги исполнува условите на овие Критериуми. Тој сочинува еден фонд и во случај на раздвојување,

[41] Критериуми за условите и начинот на образување архивски фонд и архивска збирка, Архив на Македонија, 1986 година, Глава I, стр.1,
[42] Ibidem, стр. 1-2

спојување и икинување, но и доколку повторно се основа со исти функции и територијална надлежност во ист опжтествен и државен систем[43].

Доколку се работи за некоја просветна, културна и научна институција која е создадена во различен општествен систем, во случај на престанок со работа и повторно основање со ист назив на територијата на Р. Македонија, таа не сочинува фонд, со оглед на специфичностите на општествено - политичкиот развој и територијалните промени во Македонија[44].

## 1.4.Принципи за формирање на архивски фонд

Основни принципи според кои една целина на материјалот може да се дефинира како архивски фонд се:

- архивскиот материјал да претставува една органска целина,
- материјалот да претставува одраз на работењето на создавачот, односно да ги одразува неговите основни функции за кои е формиран,
- архивскиот материјал да биде целосен односно, комплетен,
- да има континуитет во работењето на фондообразователот.

### 1.4.1 Постапка на формирање на фонд кога има прекини, укинување и раздвојување

1. Архивскиот материјал се смета дека му припаѓа на ист фонд ако има прекин во работат (заради спојување, припојување и повторно воспоставување на самостојна работа) и по тој прекин фондообразователот продолжува да работи без изменети дејности (1944-1945; 1947-1949);

2. Ако се соединат две или повеќе правни лица, до мементот на соединувањето секој од нив посебно ќе се смета како посебен фонд, а по соединувањето нов фонд (пример Сидикат на земјоделство и Синдикат на шумарство се спојуваат во Синдикат на земјоделство и шумарство - се формираат три посебни фонда).

---

[43] Ibidem, стр. 2

[44] Препораката за условите и начинот на формирање архивски фонд и архивска збирка, САРЈ, 9 јули 1985 година; Архивист, бр. XXX, 1-2, Beograd, 1985, стр. 284-290.

3. Ако едно правно лице се припојува кон друго, а по извесно време се издвојува како посебен орган (односно првобитниот фондообразовател), архивскиот материјал може да се издвои како два посебни фонда до спојувањето (првиот) и по раздвојувањето (вториот), а коко трет фонд е заеднички создадениот архивски материјал по спојувањето, или во зависност од обемот на материјалот да се третира како еден фонд (Синдикат на просвета, Синдикат на култура во Синдикат на просвета и култура). Ако фондообразователите продолжуваат со истата дејност по раздвојувањето, материјалот се припојува кон првобитните фондови;

4. Кога од едно правно лице се формираат повеќе правни лица, односно повеќе иматели (фондообразователи), материјалот на секое издвоено правно лице се третира како посебен фонд;

5. Ако едно правно лице (имател, фодообразовател) преминува од едно во друго административно оперативно раководство без измени во работата, функциите и надлежностите, материјалот ќе се третира како еден фонд (средно стручно училиште - Економски техникум во еден период се наоѓа под Министерство за финасии, а потоа под Министерство за просвета);

6. Ако се укине правното лице и станува организациона единица на друго - до укинувањето на архивскиот материјал претставува посебен фонд, а правното лице во кое станало организациона единица продолжува (пр. Републички секретаријат за информации станува Секретаријат за информации во Извршниот совет);

7. Ако една служба, односно организациона единица на правното лице се одвои и формира ново правно лице, архивскиот материјал ќе се тертира како посебен фонд, односно како два фонда - првиот до моментот на одвојување и вториот до моментот на самостојно работење;

8. Ако правното лице (имател, создавач) кое е формирано при друго правно лице и создава мал обем на архивски материјал ќе се смета како еден фонд, односно како подфонд, или организациона единица на основниот фонд[45].

---

[45] Ibidem, Глава III,9 јули 1985.

### 1.5 Периодизација на фондовите

Периодизацијата е зависна од промените во државното уредување, општествено-политичките промени, уставните промени и други политичко-правни промени кои можат да варираат од една во друга држава. Ваквите промени во принцип доведуваат и до измени на канцелариското работење во смисла на измени во дејноста, делокруг на работа, територијалната и функционална надлежност и тн., а најчесто с одразуваат кај фондовите од управата и власта кај кои промените се одразуваат директно, но и на фондовите на кои овие примени се однесуваат индиректно. Во Република Македонија е усвоена следната периодизација на фондовите:

- до 1371
- 1371-1912
- 1912-1915
- 1915-1918
- 1918-1941
- 1941-1944
- 1944 – 1953
- 1953-1990
- по 1991

Оваа периодизација не се применува кај семејните и лични фондови и кај архивските збирки.

### 1.6 Критериуми за одредување назив на фондот-збирката

Постојат неколку начини за одредување на конечниот назив на фондот, односно збирката, кој откако ќе биде заведен во основната евиденција регистар на фондовите, постојано го носи тој назив. Сите останати називи кои биле во функција за време на создавањето на материјалот се наведуваат во Историската белешка. Критериуми за одредување на називот на фондот се:

1. најчесто се користи последниот назив под кој делувал фондообразователот;

2. како назив може да се земе и најпознатиот на фондообразователот во научната, стручната и јавната употреба;

3. седиштето на фондообразователот во рамките на името на фондот може да биде вклопен само во случаи кога името на седиштето е составен дел на називот (на прим. Скопски саем);

4. во називот на фондот-збирката се вклопува и делот на називот на фондообразователот кој укажува на надредени органи или пошироки административно-политички единици, како и делот од називот во форма на титуларен или сличен атрибут (најчесто кај семејните и личните фондови која покрај името, односно презимето се наведува и дејност и титулата - прим. Делчев, Гоце, револуционер, Мошин, д-р Владимир, академик и сл.);

5. називот на фондот од туѓа провиниенција се испишува во превод на македонски јазик, а во заграда се додава оригиналниот назив;

6. личните фондови го носат името и презимето на личноста;

7. семејните фондови според презимето или припадноста на семејната лоза;

8. збирките се насловуваат според типот на граѓата, темата според која е формирана, име или назив на првобитниот имател[46].

[46] Ibidem, Глава IV, 9 јули 1985.

### 1.7. Критериуми за одредување на седиште на создавачот

Седиштето на фондообразователот се наведува во Влезниот инвентар и тоа останува непроменето, а во историската белешка се наведуваат сите називи на седиштето, односно ако има промена на седиштето, а основната дејност на фондообразователот останала непроменета, и тоа:

1. името на седиштето се наведува во современа форма, а во заграда првобитниот назив, ако името на седиштето односно местото на делување е променето;

2. за личните и семејните фондови се зема местото на раѓање или местото на делување на личноста, односно централната личност во семејниот фонд;

3. За збирките во принцип не се наведува местото на создавање, освен за збирка на акти каде тоа е сосема извесно, или се групирани според географски принцип[47].

### 1.8. Критериуми за одредување на гранични години на создвачот и материјалот

Секогаш треба да се настојува граничните години на фондообразователот да се определат, како точни или како претпоставени години на делување, врз основа на сродни или слични фондови, а поткрепено со историските сознанија за делување на фондообразователот. Стекнатите сознанија за делување на фондообразователот се наведуваат во Историската белешка за фондот, како и литературатурата од која се стекнати тие сознанија. Граничните години на делување на фондообразователот секогаш се наведуваат во заграда и тоа:

1. како гранични години на фондообразователот се земаат годината на основање и годината на престанок со работа, односно годината кога е донесен акт за престанок со работа;

2. ако кај фондообразователот има прекин во работењето за секој континуиран период се наведуваат граничните години (прим. 1946-1948; 1949-1953);

---

[47] Ibidem, Глава V, 9 јули 1985.

3. за лични фондови како гранични години на фондообразователот се земаат годината на раѓање и годината на смртта;

4. за семеен фонд како почетна година се зема годината на раѓање на најстариот, а како крајна годината на смртта на најмладиот член на семејството;

5. бидејќи збирките се вештачки создадени како гранични години се земаат годината на настариот документ и годината на најмладиот документ во збирката и во принцип тие се исти со граничните години на материјалот;

6. ако создавачот сеуште работи, што значи има континуирано дополнување на архивската граѓа со повремени или циклични приеми, крајна година не се става, односно се става тире (-).

Граничните години на материјалот најчесто не се совпаѓаат со граничните години на делување на фондообразователот. Единствено совпаѓање на граничните години има кај архивските збирки.

1. Почетна - годината на најстариот сочуван документ и крајна - годината на најмладиот документ на фондообразователот;

2. Ако има граѓа која претходела на формирањето на фондообразователот, или ако тој делува и по укинувањето како почетна се зема годината на најстариот сочуван документ и крајна - годината на најмладиот документ;

3. Кај семејните и личните документи како почетна се зема годината на најстариот сочуван документ и крајна - годината на најмладиот документ;

4. Кај збирките како почетна се зема годината на најстариот сочуван документ и крајна - годината на најмладиот документ, или распонот на годините на кој таа се однесува;

5. Ако фондообразователот сеуште работи не се означува крајната година на материјалот[48].

---

[48] Ibidem, Глава VII, 9 јули 1985.

### 1.9. Критериуми за одредување на фондовска припадност

Кај размешаните фондови, во фазата на класификација, најчеста е дилемата како да се определи фондовската припадност. Критериумите за определување на фондовската припадност се:

1. Примените документи му припаѓаат на оној фонд чиј фондообразовател ги примил;

2. Концепти и копиии на документи му припаѓаат на оној фонд чиј фондообразовател ги создал;

3. Документите кои се создале во работата на еден фондообразовател му припаѓаат на тој фонд;

4. Документите кои се водат кај двајца или повеќе создавачи, или во постапка на нивно формирање биле вклучени две или повеќе правни лица, припаѓаат кај оној фондообразовател кај кој е донесен завршниот акт на предметот;

5. Предметите кои се почнати кај едно правно лице, а се завршени кај друго му припаѓаат на оној фондообразовател каде е донесен завршниот акт[49].

### 1.10 Категоризација на архивските фондови-збирки

По приемот и евидентирањето на фондот/збирката се врши нивно категоризирање во 3 категории:

- во I категорија - од исклучително и вонредно значење;

- во II категорија - од посебно значење;

- во III категорија од значење.

Во категоризирањето на фондовите влијание имаат и следните фактори:

[49] Ibidem, Глава VIII, 9 јули 1985.

- време на создавање на материјалот,

- хиерархиската поставеност на фондообразователот,

- функционалните и територијални надлежности,

- содржинската и информативната вредност на материјалот што е содржана во фондот и сл.

Категоријата на фондот најнепосредно влијае на неговата локација во депото, приоритетот во средувањето и обработката, типот на информативните помагала кои ќе бидат изработени, техничко-технолошката заштита, условите под кои фондот ќе се користи и тн.

### 1.11 Класификација на фондовите

Фондовите се групираат, односно класифицираат, во три фази според востановена класификациона шема.

Во Првата фаза фондовите и збирките се класифицираат според основната дејност на фондообразователот.

Во Втората фаза се класифицираат во рамките на основна група на дејност, според хронологија, односно период на делување на фондообразователот.

Во Третата фаза, во рамките на хронологијата, фондовите се класифицираат според хиерархиската поставеност на фондообразователот.

### 1.12. Истражување

Со цел да се изврши дополнат архивските фондови со кои располага Државниот архив на Република Македонија, организира истражување на архивскиот материјал во земјата и странство[50]. Со оглед на честата промена на доминациите што во минатото ја имала Македонија и нејзиниот народ, сочуваните оригинални архивски извори се фрагментирни, а за одделни периоди и недостигаат. Од овие причини основна цел на

[50] Службен весник на РМ (бр. 95/212, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015), Закон за архивски материјал, член 39, стр. 47

истражувачката дејност е откривање, евидентирање, прибавување и донесување во депото на Архивот документи кои се наоѓаат во приватна сопственост на територијата на нашата држава или надвор од државата во разни архиви и библиотеки и други установи. Во земјата истражувањето се спроведува кај приватни иматели, или тн. потенцијални иматели на архивски материјал.

Извршувањето на оваа сложена задача подразбира неколку фази во кои секогаш се води сметка за спецификите при истражувањата во земјата и истражувањата во странство. Процесот на истражувањето на архивската граѓа се одвива низ повеќе фази, а опфака:

- Општи предуслови за истражување
- Посебни предуслови за истражување
- Подготовка за истражување
- Организација на истражувањето
- Изведување на истражувањето
- Обработка на податоците

Општите предуслови за истражување се: склучени билатерални или мултилатерални договори за меѓудржавна културна соработка, склучени договори (спогодби, програми и сл.) за меѓуархивска соработка и постоење на взаемен интерес

Посебни предуслови за истражување: правна регулатива (меѓународна и домашна) со која се определуваат роковите, начинот и постапката на истражување, одредбите од меѓусебните договори (рецопрочност, или начин на истражување и размена на истражувачи, копии и сл.

Основно правило – да постои посебен интерес кон земјата во која се истражува заради меѓусоседски соодноси, доминации, развиени дипломатско-конзуларни претставништва итн.

За истражувањата кај приватните иматели се изготвуваат списоци на потенцијални иматели на архивска граѓа врз основа на одредени претходни сознанија. Во принцип, тоа

се личности кои обавувале одредена функција, биле на раководни места, или биле истакнати личности во општествено-политичкиот, културниот или научниот живот и имале одредена продукција на архивска граѓа. Во подготвителната фаза се врши истражување на податоците преку:

- следење на резултатите од сите поранешни истражувања преку евиденција доколку порано била оформена;

- набавка и следење на водичи и други научно информативни средства од архиви во странство во коуи се предвидува истражување и екцерпирање од нив податоци во кој архив и кои фондови треба да се изврши истражувањето;

- оформување на картотека и соодветни досиеја од екцерпираните податоци како база за идните истражувања;

- следење на изданија од областа на историографијата, посебно зборници со документи, со цел преку нив да се гради политиката на идните истражувања како во земјата така и во странство. Оформување на ексцерпираните податоци во картотеките и во досиејата;

- евиденција за истражувањата кај приватни иматели која се индицира и собира од литература и други изворни податоци за можни иматели при кои треба да се изврши истражувањето - оформување на две картотеки: за извршни истражувања и за можни иматели на архивска граѓа;

- прибирање на податоци и следење на интересот на историската наука, како и на органите на управата и другите општествени субјекти, за обработка на одделни периоди од минатото или интерес кон одделна тема или прашање - оформување на преглед на темите и прашањата од интерес;

За истражувањата во земјата, врз основа на прибраната евиденција, се пристапува кон изработка на предлог план на Архивот и програмирање на задачите што треба да се извршат и бројот на лицата и средствата што треба да се ангажираат.

За истражувањата во странство се утврдува планско истражување со ангажирање на соодветни стручни, научни или културни работници:

- се утврдува интересот и предноста за истражување во следниот период (годишен план и програма);

- се оформуваат прегледи на досега истражените фондови и снимени сигнатури во архивите во кои се планираат истражувањата за да се избегне дуплирање;

- се оформуваат прегледи со подоатоци за фондови во кои треба да се врши истражување и укажување на веќе објавени збирки со архивска граѓа за кои треба да се води сметка при истражувањето;

- се изработуваат прегледи на потребните финансиски средства и лица за изведување на истражувањата од Архивот и надвор од него.

Во земјата истражувањето се изведува, главно со ангажирање на архивистите од Архивот со можните иматели се води преписка, лични контакти и договара услови под кои може да се остапи архивската граѓа што е во приватна сопственост.

Во странство одделно внимание се посветува на:

- склучување на билатерални договори за соработка со соодветните архивски служби во земјите кадешто имаме интерес за истражување и внесување во овие договори на елементи со кои се овозможува и олеснува изведувањето на истражување на архивска граѓа - при ова се води соодветна преписка и се учествува во изработката на договорите за соработка и програмите што произлегуваат од нив;

- се договара со соодветните архивски или научни работници од повеќе научни интституции за учество во истражувањата - преписка околу нивниот ангажман, преписка со соодветните архиви каде треба да истражуваат, склучување на договор со истражувачот за условите под кои ќе соработува со Архивот,

- прецизирање на предложен можен и фактички остварлив истражувачки престој,

- на истражувачот му се доставуваат прегледи на фондови и сигнатури што треба да бидат предмет на истражување;

- преписка со надлежните органи околу обезбедување средства за истражувањата предвидени во текот на секоја година.

Од истражувањата во земјата се учествува во организирање и извршување на приемот на архивската граѓа во Архивот, се води соодветна преписка со имателите, се оформуваат извештаи и записници од секое извршено истражување.

По завршување на истражувањата во странство:

- по добиениот извештај од истражувачите се врши проверка на донесените материјали;

- се оформува записник за примената граѓа;

- се оформуваат картотечни единици за добиената граѓа и се дуваат податоците во соодветните картотеки (земји и институции);

- извештаите, преписката, записниците и другите материјали поврзани со секое истражување се оформуваат во одделни досиеја;

- на крајот на секоја година се оформуваат збирни евидентни формулари со податоци за секое истражување извршено во секоја земја одделно.

- се изработуваат и поднесуваат редовни или повремени извештаи во врска со извршените истражувања;

- се одржуваат контакти со заинтересираните научни установи и поедини научни работници за резултатите од истражувањата и се даваат информации за јавноста преку средствата за јавно информирање.

Истражениот и донесен архивски материјал потоа се класифицира во постојните фондови како нивна дополна, или се оформуваат засебни фондови. Од приватните иматели и создавачи, кои ќе го предадат материјалот што ја создале во своето работење,

обично се формираат лични или семејни фондови или архивски збирки, во зависност од карактерот и обемот на архивскиот материјал која ќе биде преземен во архивот.

Видови на евиденции што се водат во депото[51]

- Книга на преземена архивска граѓа (Влезен инвентар);

- Книга на микрофилмувана архивска граѓа;

- Книга на откупена и подарена архивска граѓа;

- Книга на депонирана граѓа (Книга за депозит);

- Регистар на архивски фондови и збирки;

- Досие на архивски фондови и збирки;

- Работен картон;

- Топографски водич или картотеки за локацијата на фондовите во депото.

Од депото архивскиот материјал се издава за:

- средување-обработка
- техничко-технолошка заштита - микрофилмување, конзервација и реставрација и книговезачки работи;
- користење на архивскиот материјал согласно Законот за архивски материјал и Правилникот на користење;
- презентација - организирање архивски изложби и публикување

[51] Упатство за единствено и задолжително евидентирање на архивскиот материјал и фондови во Архивот на Македонија, член 2 до 6,, ДАРМ, стапило на сила од 02.07.1992 година,заведено под Бр. 01-633/1 од 10.04.1998 година

### 1.13. Досие на фонд/збирка

Досието на архивскиот фонд или збирка почнува да се создава во службата за работа со имателите, се дополнува и дооформува по средувањето и обработката, а податоците постојано се дополнуваат и ажурираат по дефинитивниот прием во депото. Досето е составено од три дела[52]:

I - документација создадена до предавањето на архивскиот материјал во Архивот. Почетниот дел на досието се формира од службата за евиденција и заштита на архивскиот материјал кај имателите во Архивот, а се дополнува во процесот на класификација на архивскиот материјал и се состои од:

1. статусни акти: решенија за формирање, спојување, припојување и престанок со работа,

2. законски и подзаконски акти, или акти со законско дејство со кои се регулира дејноста

3. нормативни акти: статути, акти за организација и систематизација, регистрација, организациони промени,

4. планови на архивски знаци и листи на категоризација на архивскиот материјал и документарен материјал и согласности за нивна примена,

5. документација за одбирањето на архивскиот материјал,

6. евиденции на архивскиот материјал од трајна вредност (описи и пописи),

7. пописи на документарен материјал со изминати рокови предложен за ништење и согласности за негово уништување,

8. примопредаен записник и др.

II - документација создадена при средувањето, обработката и заштитата на фондот во Архивот:

[52] Ibidem, член 17 и 18

1. класификационен план со методолошко упатство за средување на обработка фондот/збирката (вклучително прелиминарна историска белешка и листата на категории на документарен материјал за излачување),

2. конечна историска белешка за фондот/збирката,

3. сите видови информативни помагала за архивскиот материјал за фондот/збирката изработени во текот на средувањето и обработката,

4. пописи за излачениот безвреден документарен материјал со согласности од комисискиот увид,

5. документација за преземените мерки на техничко-технолошка заштита на архивскиот материјал (конзервација, реставрација, микрофилмување, скенирање, укоричување),

6. податоци за користењето на архивскиот материјал, публикувањето и библиографија,

7. записник за прием на средениот фонд во депото,

8. работен картон.

III - документација за фондот што се ажурира по нејзиниот дефинитивен прием во депото, односно “живи” податоци:

1. повремени прегледи и констатирани состојби за физичката состојба на архивскиот материјал и преземени дополнителни мерки за натамошна заштита,

2. хемиска и бактериолошка анализа на граѓата и преземени дополнителни заштитни мерки,

3. податоци за користењето на архивска граѓа, копирање и публикување, потоа редовното и заштитното микрофилмување или скенирање,

4. библиографија за фондот (публикувани документи од фондот, најчесто сигнатури) и фондообразователот (монографии и сл., односно изданија кои директно или индиректно се однесуваат на делувањето на фондообразователот)

.

# Втора Глава

## Семејни и лични фондови

Семејните и личните архиви во правилна смисла на зборот се архивски фондови, кои настанале со организирана работата на една личност, односно повеќе членови на едно семејство кои имале свое одредено место и улога во општеството. Тие едноставно морат да содржат материјал со кој ќе може да се добие слика на приватниот и јавниот живот на една особа или семејство[53]. Овие фондови се првите фондови кои како целини почнале да се примаат, средуваат и обработуваат во архивите.

Семејниот фонд е целина на архивскиот материјал настанат во текот на животот на одделни членови на едно семејство, а личен фонд[54] е собир на органски поврзани докумнети за тековниот живот и работат на лицата кои имале значајна улога во друштвено политичкиот живот. Семејниот фонд е шаренило од документи за поседување на имоти, лични документи и писма, деловна преписка, архивски материјал настанат од општествено – политичка, стопанска, научно културна- просветна дејност и други дејности на некои од членовите на семејството, а додека структурата на архивскиот материјал на личниот фонд зависи од друштвениот живот е системи во кои личностите делувале, од место и положба кое го имале во друштвото, од нивната професија како и од нивните приватни работи. Затоа е разбирливо што личните фондови од времето на феудалните друштва одржуваат работи на феудалните достоинственици.

Фондовите од овие врсти од периодот на капитализмот, покрај место, положба и политички културен впечаток во друштвото, одржуваат и економска положба на личностите. Без разлика на друштвениот систем од кој потекнуваат фондовите може да бидат скапоцен извор од минатото. Значењето на градбата на фондовите зависи од прв ред, од значењето на семејствата и личностите кои биле во друштво или во било која друштвена работа. Поради структурата на фондовите и разновидноста на архивскиот

---

[53] D Božić-Buzančić, Priručnik iz arhivistike, Zagreb, 1977, 128

[54] Личните фондови се првите фондови кои како целина почнале да се примаат во архивите. На почетокот тие не биле евидинтирани, но подоцна се покажала потребата да бидат прикажани како посебна група.

материјал што се среќава, посветено им е големо внимание, како од теоретско, така и од практично гледиште.

Така што семејните и личните архивски фондови имаат практично и историско значење, па анализирајќи за кои гранки на науката во нив можат да се најдат податоци, се истакнува дека овие фондови се вистински рудници на податоци Со овој вид фондови се занимавале повеќе архивски теоретичари [55]. Особено внимание на стручните служби во архивите се посветува на евидентирање на потенцијалните иматели, посети, разговори и записничко констатирање на состојбите со цел материјалот да биде евидентиран и преземен во надлежниот архив. Значајно е да се одбележи дека кај овој тип фондови речиси нема излачување на безвреден документарен материјал[56], освен евидентни дупликати.

Овие фондови исто така претставува еден вид на извор за проучување на генеалогијата, посебно ако се однесува за семејставата за кои се истражува. Овде спаѓаат документи кои настанале од работат на една личност, или повеќе членови на едно семејство, кои одиграле важна улога или имале одредено место во општеството. Во архивското наследство личностите и семејствата кои имале значајна општествена улога и работа која ја извршувале, или заради тоа што биле значајни колекционери може да се најде податоци и за други семејства или членови од други родови како што се преписки, фотографии и слично[57].

Кај формирањето на личните фондови, покрај критериумот за валоризација на архивскиот материјал потребно е да се има на увид и поврзаноста со животот и работата на творецот на фондот и во многу други сегменти кои го сочинуваат фондот. Поединечните документи без разлика на нивното содржинско значење, за расветлување на животот и работат на творецот на фондот не го сочинуаат целиот фонд.

---

[55] Со овие фондови се занимавале архиските теоричари како што се Казанова, Болиер, Бренке, Шелемберг, Џексон, Мајснер и др

[56] Документарниот материјал како извор за архивскиот материјал го сочинува целокупниот изворен и репродуциран (пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудиовизуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан) и книги и други евиденции за тој материјал создадени во работата на имателите додека тој е од значење за нивната тековна работа и сè додека од него не е издвоен архивскиот материјал.

[57] Boriša Radovanovič, Ogledi iz Arhivistike, Kragujevac, 2010, str. 54

Кога во фондот ќе се пронајдат документи кои творецот на фондот ги собрал како колекционер или на некој друг начин, можат да се задржат во фондот како еден вид работа на творецот на фондот, ако е тоа желба на донаторот и ако архивот не формирал збирка за видот на тој материјал. Од фондот се издвојуваат документите кои не се поврзани за работите на творецот на фондот во случаеви кога архивот формирал збирка за тој вид на документи. Материјалот на институцијата во која работел творецот на фондот или во некои други институции, се попишува и соединува во соодветни фондови, што се внесува како податок во историска белешка. Издвоениот мартеријал секогаш се попишува со сигнатури. Еден примерок од пописот на материјалот се става во лично досие, односно во личниот фонд, а другиот во досие на фондови кои припаѓаaат на материјалот. Во случај кога архивот не го чува фондот на кој се однесува материјалот, таа се задржува како личен додаток.

Именувањето на семејниот и личниот фонд се состои од презимето на семејството односно името и празимето на лицето од кое со негова работа настанал фондот[58].

Граничните години на семејниот фонд е годината на раѓање на најстариот и годината на смртта на најмладиот член на семејството а за личниот фонд го сочинуваат годините на раѓање и смрт на творецот на фондот, каде што создадениот материјал не мора да се поклопува со годините на творецот на материјалот[59]. Материјалот може да биде создаден од времето пред имотно-правни списоци, документи на колекција или после смрта на творецот на фондот како што се јубилејни говори, извадоци од весници и сл. во кои се зборува за творецот на фондот[60]. Средувањето на семејните и личните фондови се извршува на основа на посебни упатства[61].

[58]Упатство за средување на семејни и лични фондови, Државен Архив на Република Македонија, Бр. 01-271/1 од 25.01.2017 година, член 2, стр.3

[59] Граничните години на материјалот може да биде и надвор од овие датуми, кога се сочувани поединечни документи од семејството, настанати пред раѓањето на фодообразователот или по неговата смрт.

[60] D Božić-Buzančić, Op.cit, 128–139.

[61] Упатство за средување на семејни и лични фондови, Op.cit, член 3, стр. 3

## 2.1 Средување на семејни и лични фодови

Средувањето на архивскиот материјал во еден фонд е процес во кој се вршат стручни работни процеси на класификација, систематизација, вредување и изработка на информативни средства.

Вреднувањето на архивскиот материјал, односно екскрецијата на безвредниот документарен материјал со изминати рокови на чување се врши во принцип во фаза на средување, додека во фазата на обработка се извршуваат повисоките фази од вреднувањето кога е потребна потемелна и поопстојна анализа на вредноста на материјалот.

Општите принципи за средување на архивскиот материјал почнале да се развиваат со самото формирање на архивските установи. До XVIII век архивскиот материјал најчесто се наоѓал кај самите создавачи, односно нивните наследници, поради докажување на одредени права и привилегии. Материјалот понекогаш бил средуван најчесто според содржината и формата, во зависност од моменталните потреби и сфаќања, но не како резултат на некаков изграден систем и критериуми.

Во XIX век први почнале историчарите да го средуват материјалот според сопствени критериуми, обично според содржината, поради нивен личен истражувачки интерес, не водејќи притоа сметка за изворот.

Со формирањето на архивите во развојот на средувањето се судриле два принципи од кој првиот бил принципот на провиненција со кој се задржувал првобитниот ред и пертиненција нова структура создадена во самиот архив според содржината на документите.

Средувањето на архивскиот материјал, како една од основните задачи на еден архив е процес низ кој се овозможува орентација ни материјалот и пронаоѓање на одделни делови, како предуслов за користење. Секогаш треба да се има на ум дека ниту еден среден и обработен фонд не може да ги задоволи сите можни критериуми на истражувачите[62] .

---

[62] Prirucnik iz arhivistike, Zagreb 1977. Стр 107-127

Покрај архивите на државните органи, кои по закон мораат својот материјал да го предадат во надлежност на историскиот архив, во самиот архив пристигнуваат материјали и од приватни лица кои довагаат пред се преку поклони и откуп кои се од јавен или приватен каратер.

И за оваа врста на материјал како и за преземаниот постои едно правило, материјалот кој настанал во работат на една установа, личност или семејство во текот на нивниот живот треба да се третира како една целина односно фонд. Покрај ова треба да се запази до максимум начинот на уредување на овој фонд од страна на неговиот сопственик, доколку тој постои. Ова особено се однесува за семејната архива ако е некој член од семејството ја има средено на некој начин. Отстапување од овој начин треба само во случаеви кога уредувањето не претставува некој систем. Тогаш се применува хронолошкиот начин на средување по групи.

Познати се два начина на средување на овие документи. Според првиот документите од фондот сукцесивно се редат, како што ќе пристигнат, без разлика што нивната содржина и временската поврзаност, а листите на обработените предмети се групираат спрема теми.

`По вториот начин, кои го застапуват Белгијците, семејните архиви се делат на лични, деловни, официјални и имотни. Оваа поделба не секогаш доследна спроведена. Може да се има повеќе слобода во изборот но мора да се тежнее кон тоа да распоредот на средувањето што подобро да биде прегледен животот и работата на личностите и семејството. Материјалот кој го сочинува една лична архива треба да се подели на групи како што се, официјални документи кои ја објаснуваат биографијата на творецот на фондот (крштеница, сведоштво, одликување, унапредување) подредени под типот на документ и хронолошки. Коресподенција – средена по хронолошки, ако средувањето најпрво се добие по континуиран развој на личноста, па потоа податоци за особата со која се доваѓа во допир, деловна (од нејзина природа зависи како ќе биде средена дали по тип или хронолошки). Производи од личната работа, научната, книжевната или уметничката, средени по области, родови и хронологија, Имотни листови, средени по азбучен ред. Семејните архиви прво се групираат спрема семејствата а потоа по личностите[63] .

[63] IZ ARHIVISTIKE, Priručnik za sluzbenika arhiva, Beograd 1959 godina, str. 129-130.

Во случај кога материјалот кај семејниот и личниот фонд е среден кај творецот на фондот, односно кога нејзиниот поредок е утврден, средувањето на материјалот се извршува според принципот на провениенција. Несредениот и измешаниот материјал се средува спрема принципот на слободна провениенција. Без обзир каква е ситуацијата на среденоста на материјалот, изборот на принцип на средување, постапката за примена на средување на фондот и средување на материјалот мора да се испочитува како и кај фондовите чии творци се правни лица.

Средувањето на материјалот го опфаќа проучувањето на историјата на творецот на фондот и историјата на фондот. На основа на тие податоци се изработува преелиминарна историска белешка[64] со класификационен план и методски упатства за средување.

Проучувањето на структурата на архивскиот материјал на фондот, содржината и обемот е многу значаен. Овие фондови имаат разни видови на документи. Материјалот се утврдува според дипломатски и содржински особености. Досегашната пракса покажува дека документите од овие фондови можат да се поврзат во следните основни групи : лични документи, имотно правни списоци, документи од работа, документи од различни активности, преписки, документи од разни лица за творецот на фондот, илустративни документи и документи од поврзаноста на творецот на фондот.

Прелиминарната историска белешка се работи на основа на литература и материјал. Содржи податоци за биографијата на творецот на фондот, генеолошка таблица, детални податоци за активностите на творецот на фондот, за фондот и неговиот хронолошки оквир и обликот на материјалот, ситуацијата на материјалот, знаќењето на материјалот и други податоци. Со класифиционият план се утврдуваат групите на материјал, методското упатство, фазата на работата и методот на средување.

---

[64] Историска белешка е основно научно – информативно средство кое без разлика за која цел ќе биде користена на корисниците им дава најцелосни податоци за фондот или збирката. Таа на најбрз начин треба да ги воведе во историјатот на фондообразователот и фондот, да не упати во содржината на архивскиот материјал и да не упати на библиографски податоци за и од архивскиот материјал, како и податоци за архивистот кој ја изработил. Како основа за изработка на историска белешка се користи досието на фондот, пописите и архивскиот материјал од фондот, службени гласила, аконски, подзаконски и интерни акти на фондообразователот (статути, правилници и сл.), сите изданија што се однесуваат на фондот и фондообразователот и дневниот печат. Историската белешка треба точно и концизно да ги изнесе сите факти во сите нејзини делови врз основа на конкретни истражувања.

Кога се во прашање сложените и обемните фондови, материјалот се средува со помош на листови. Тие ги содржат следните податоци : гранични датуми, привремен број кој се добива и лист и документ, содржинска одредница која може да биде предмет на именска личност, помош со која документите се сврзуваат. Листовите подоцна се користат за изработка на научно информативни средства.

За различноста на архивскиот материјал на семејните фондови, треба најпрво да се состави план, односно шема за класифокација. Тој план е потребен за да се покаже редот на извршување на научно техничката обработка на архивскиот материјал од даден фонд, за да се утврди обемот, содржината и редоследот во работата и методот за нивно работење.

Планот за класификација на семејните фондови се одредува според видиот на дејноста на фондообразователот, видот на документите, според нивното политичко-општествено, економско, културно и научно значење.

Основните работи на класификацијата се сведуваат на следниве работи: распоредување на архивскиот материјал во фондот по групи и подгрупи; систематизација на материјалот во групи и подгрупи и формирање на предмети и сестематизација на нив.

При обработка на архивскиот материјал од семејните фондови треба да се има во предвид дека тие се делат на два дела и тоа на семеен и имотен архивски материјал, односно на група на документи создадени од дејноста на пооделни членови на семејството, како и на документи поврзани со имотите на семејството.

Семејните фондови по својата суштина се лични фондови на пооделни члиенови на семејството како фондообразователи. Во најголем број на случаи тие се средуваат тематски.

Тематските групи кои се утврдуваат во семејните фондови треба да се базираат на логичната врска со архивскиот материјал. Така на пример кај еден уметник или писател, видовите на документи кои се во врска со ралични нивни дела, потпаѓаат во голема тематски групи (писма, акти, белешки во врска со драми, нобели и сл. се групират заедно).

Документите кои се во врска со секое одделно дело се групираат во подгрупи кои се одделени.

За да се утврди редоследот на членовите на семејството, раководен принцип е генеолошкиот ред. Архивскиот материјал на секој одделен член од семејството се групираат пооделно: посебно на сопругот односно сопругата, на фондообразователот по неговата смрт и посебно на децата по смртта на родителите. Посебен проблем претставува средувањето на архивскиот материјал по смртта на фондообразователот, а истата се става во групата биографски материјал.

Кога станува збор за личните фондови, се појавуваат две групи на документи. Во едната група припаѓа материјалот од личниот фонд, што се однесува не само на фодообразователот, туку и на целото семејство, додека втората го опфаќа материјалот кој настанал од вршење на општествени функцииибна фондообразвателот.

Архивскиот материјал кој се однесува на целото семејство треба да се издвои од личните фондови. Додека материјалот кој е од правна положба на сите членови, поточно е за управување на имоти, наследство, запазување на семејните имоти и историјата на семејството се средуваат пред материјалот на одделните членови на семејството. Кон личните фондови припаѓа цел архивски материјал што е сопственост на некој член на семејството, а кои во однос на наследниците немаат никакви правни последици.

Архивскиот материјал кој не може да се среди во некоја од групите се приклучува кон групата на ВАРИА.

Во одделна група се поставува архивски материјал што се однесуба на самиот фонд. Ако содржи податоци за системот за средување на фондот и ако тој систем е запазен до примањето на материјалот во архивот, таа група се поставува во почетокот на фондот за да им користи на истражувачите како инфорамтивно средство.

Целиот архивски материјал кој бил запазен кај фондообразователот и кој не бил зафатен со средувањето, се средува на тој начин што еден дел од тематските групи, што треба да се формираат се совпаѓаат со групата на документи создадени од

фондообразователот уште при нивното содавање. Со тоа однапред се определува местото на голем дел од архивскиот материјал.

Изработените списоци од старна на фондообразователот, при средувањето на архивскиот материјал, содржат податоци кои даваат информации за содржината на архивскиот материјал. Со ова се олеснува средувањето на документите, бидејќи се добиваат врските на дел од архивскиот материјал  кој не е сигнирана. Токму затоа средувањето на материјалот не претставува механичка работа, бидејќи паралелно треба да се анализираат каква е врска се открива, какви тематски групи можат да се образуват и какви теми може да содржи сигнираниот архивски материјал. Вака може да се добие многу посигурна и појасна претстава за целиот материјал.

Определувањето на тематската припадност на документите е тешка и релативна. Еден документ може да се однесува кон повеќе тематски групи. Документите кои по својата содржина припаѓаат на две или повеќе тематски групи, архивскиот работник треба да ги стави во онаа група, која според неговото мислење најмногу одговара на содржината, а од друга страна најдобро ќе послужи на барањата и интересите на истражувачите. Средувањето на архивскиот материјал во тематски групи бара голема трпеливост и работа каде треба секој документ да се оцени и во каква врска истиот настанал. По оформувањето на тематските групи, документите во нив се систематизираат хронолошки[65].

Генерално во семејните фондови, што најнепосредно зависи од дејноста на семејството, архивската граѓа може да се подели на неколку комплекси:

1. документација за семејството: изводи од матични книги, генеалошки стебла, образование, стекнати привилегии и сл.

2. документација за сопственост и сопственички односи (договори, парници, тестаменти, изградба на згради, набавка на опрема и сл.)

3. документација од дејноста на семејството (деловна кореспонденција)

---

[65] Упатство за средување на семејни и лични фондови, Op.cit, член 3, стр. 4

4. документација од други семества која поради роднинските врски се наоѓа во фондот

5. документација од други лица

6. илустративен и друг материјал (фотографии, уметнички слики, библиотека и сл.)

Додека во личните фондови, генерално, што најнепосредно зависи од дејноста на личноста, архивскиот материјал може да се подели на неколку комплекси:

1. лични списи (биографии, автобиографии, изводи од матични книги, медицинска документација, образование, стекнати привилегии, одликувања, имотна состојба и сл.)

2. документација од творечката, односно дејноста (рецензии за и од личноста)

3. кореспонденција (деловна и приватна)

4. илустративен материјал (фотографии и др.)

5. некролози, говори и др.

Личните документи содржат официјални докази за творецот на фондот како што се: крштеница, сведетелство од школување, воени обврски, службени работи, напредување во службата и струката, признанија од кои може да бидат друштвени, стручни и други, лична карта, членска карта од некоја организација, венчаница, умреница и друго. Средувањето на овие документи се извршува според видот, а внатрешно според хронологијата.

Имотно правните списоци опфаќаат : документи за право на имот како што се тапии, тестаменти, решенија, подароци, купопродажни договори, договори за подарок и слично, документи за управување со имотот, сметки за расходи во домаќинството, за приходи и други документи кои зборуваат за имотните прилики на творецот на фондот. Средувањето на работите внатре во групата е според содржинските видови на документите а внатре според хронолошката врста.

Документите за активностите можат да бидат разни. Овде спаѓаат документи за службен, политички, друштвен, научен, уметнички, хуманитарен вид на активности со кој работел творецот на фондот. Од овде спаѓаат и научните ракописи и книжевни дела со забелешка на авторот или  други лица, потоа привремени ракописи, студии, расправи, пасоси, говори, извештаи, фељтони, патеписи, момоари, дневници и друго. Кога станува збор за авторот на фондот кој бил адвокат, овде спаѓаат и документи од неговата адвокатска канцеларија. Документите од овој вид се средуваат хронолошки.

Преписката на творецот на фондот како група може да се поврзи во три подгрупи : писмо на творецот на фондот, писмо на институцијата и лица на институцијата упатени на творецот на фондот и третата група ја сочинуваат фамилијарните писма.

Писмата на творецот на фондот можат да бидат во облик на концепт, копија и неиспратени писма (оригинали). Оваа група на документи до колку не постојат одговори на писмата, се средуваат хронолошки.

Писмата од разни личности и институции, по правило сочинуваат група на документи која е најобемна. Најчесто тоа се писма на познати, пријатели, соработници, институции други писма. Средувањето на овие документи е можна на повеќе начини, а три се најчести: според азбучен ред, тематски и хронолошки. За обемната коресподенција се применува азбучниот, а за малку хронолошкиот систем за средување. Писмата на владетелите и црковните веледостојници се средуваат според нивните имиња. Писмата со недешифрирани потписи и непознати автори се поставуваат зад писмата средени по азбучен ред. Писмата на адресантите ако ги има премногу се средуваат хронолошки. На крај документите од овие групи им се ставаат честитките и изјави за соучество, кој се средува тематски, а внатрешната тема по азбучен ред.

Фамилијарните преписи ги сочинуваат писма на членови на фамилија и други роднини упатени на творецот на фондот. Групирањето на овие писма се врши според членовите кои пишуваат. Средувањето на овие писма се врши според степенот на сродството, а внатре хронолошки.

Документите на разни лица за творецот на фондот како подгрупа ја сочинуваат следните документи: реферати, рецензии и критики, исечоци од весници, спомени,

некролози и друго. Документите може да се средат тематски и по видот, а потоа хронолошки[66].

Илустративниот материјал го сочинува посебна група на документи. Овде се зборува за творецот на фондот и не се сврзува во други групи. Тука спаѓаат фотографии, разгледници, преписки и други документи. Средувањето на овие групи се врши според видот на документот.

Документи на роднини на творецот на фондот ги опфаќа документите на членовите на фамилиите, ако е од таков обем и значење дека од нив неможе да се формира фамилијарен фонд. Документите се групираат според степенот на сродство, а внатре според шема за средување на лични фондови.

Во случаеви кога материјалот е колекција и институцијата е вклучена во личниот фонд, тогаш таа претставува посебна група во додаток на фондот. Се средува на начин кој се применува за тој вид документи.

Зависно од значењето на семејниот и личниот фонд, се изработуваат сумарен и аналитички инвентар со кој видот на документите се изразува целата содржина на документите како што на пример крштеница, пасуси, писма, студија и слично. Паралелно со изработка на аналитички инвентар, се изработуваат именски и тематски регистри. Најчесто се изработува и едно научно информативно средство. Ако се изработува аналитички инвентар со регистри, тогаш нема потреба да се изработува сумарен инвентар. Инвентарот со регистри и историска белешка се поврзува во една книга, со тоа што нивниот редослед треба да биди : историска белешка, инвентар и на крај индекс.[67]

---

[66]Упатство за средување на семејни и лични фондови, Op.cit, член 8, стр. 6
[67] Лекиќ, Богдан. Op.cit, 138-141

# Трета Глава

## Архивскиот фонд „Стеван Симиќ

Архивот на Македонската академија на науките и уметностите бил основан во април 1968 година, врз основа на статутот на МАНУ, само неколку месеци по основањето и почнувањето со работа на Академијата. Со законот за архивска дејност од 1973 година[68], било определено Архивот на МАНУ да собира, средува, заштитува и чува архивски материјал од работата на Академијата, институциите и центрите основани од неа, нејзините членови и од граѓанско-правни лица и поединци. Оваа задача била поставена со цел Архивот на МАНУ да ги опфати архивските материјали што се однесуваат на научните работници, културни и општествени дејци и уметници. Со самото основање на Архивот на МАНУ на почеток работел само еден архивист каде подоцна биле ангажирани и обучувани стручени кадри. Како прв раководител на Архивот на МАНУ бил Љубомир Герасимов кој работел заедно со Комисија за оценување, прием на дар и откуп на архивски материјал по објавен оглас за откопување на ракописни книги и архивски материјал[69]. Денес во архивот на МАНУ се собира, чува, обработува, заштитува и се обезбедува за користење архивски материјал создаден при работата на Академијата, од нејзините членови како и од институции и поединци значајни за науката и уметноста. Основна намена и функција на Архивот на МАНУ е да служи за истражување од областа на науката, културата и историјата, првенствено за членовите на Академијата и нејзините научно истражувачки центри но и за домашни и странски истражувачи. Поради неговата намена и функвција Архивот во најголем дел содржи лични фондови на академци и други личности од вонредно значење за историјата, науката и културата во Македонија, но и на друштва и институции од разни периоди[70].

Најстариот документ во Архивот на МАНУ претставува фрагмент од страсоловенски ракопис од 14 век, има и материјали од средината на 19 до почетокот на 20 век, но најголем дел е од средината на 20 век. Документацијата е пишувана на повеќе јазици, од кој првенствено на македонски јазик, потоа на српскохрватски, бугарски, грчки,

---

[68] Службен весник на СРМ“,47/1973, стр. 1301-1305
[69] Летопис на Македонската Академија на Науките и Уметностите 1968, Скопје 1969 година.
[70] www.manu.edu.mk

турски и други јазици. Материјалот претежно е преземан по пат на подароци, откуп и депонирање на творците или од нивните наследници. Скоро целиот архивски материјал што се чува во архивот на Ману е средуван и обработе кој е достапен за научни и други истражувања[71].

Во Архивот на МАНУ се чуваат, обработуваат и се даваат на користење голем број на семејни и лични фондови, меѓу кои се и фодовите на Лазар Колошевски[72], Блаже Коневски[73], Никола Мартиноски[74], Бранислав Русиќ[75], Кочо Рацин[76], Љубен Лапе[77], Светослав Симиќ[78] и многумина други значајни личности кои имале клучна улога во

[71] САРЈ: Архивски фондови и збирки во архивите и архивските одделенија во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982 година, стр. 215-216

[72] Лазар Колишевски роден е во Свети Николе на 12 февруари 1914 година, долгогодишен лидер на македонските комунисти и моќен човек во Македонија во периодот од ослободување на земјата до падот на кумунизмот. Во март 1945 едногласно е избран за прв претседател на Првата народна влада на Демократска Федерална Македонија, а од 19 декември 1953 година е претседател на Народното собрание на Народна Република Македонија. Умира на 6 јули 2000 година во Скопје.

[73] Блаже Конески роеден е во Небрегово Прилепско на 19 декември 1921, е истакнат македонски кножевник, културен и јавен работник, академик, поет, прозаист, книжевен историчар, фиолог и професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Тој е еден од кодификаторите на современиот македонски литературен јазик и значајна личност во македонската книжевнсот. Умира на 7 декември 1993 година во Скопје

[74] Никола Мартиновски е роден Крушево 18 август 1903 година е македонски сликар, педагог, академик и еден од најистакнатите претставници на македонското современо сликарство. Има огромна заслуга за вклучување на македонската ликовна уметност во медернистичките текови. Мартиновски е еден од основачите и прв директор на Уметничкото училиште во Скопје. Умира во Скопје на 7 февруари 1973 година

[75] Бранислав Русиќ роден 1912 година во Томино Село во Порече бил професор и етнолог кој најголем дел од работниот ангажман го посветил на теренските истражувања кои му започнале уште како студент, продолжувајќи како предавач, доцент и професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Истаржувањата негови ги бележат помнењето на населението, семејната историја, меморијата на преселбите, семејните стебла и предците. Умира 1971 година во Скопје.

[76] Кочо Рацин или Коста Солев Рацин е роден 22 декември 1908 година во Велес е македонски кножевен деец и комунистички активист, најпознат по својата поезија. Се смета за еден од основоположниците на современата македонска литература, а неговата стихозбирка Бели Мугри претставува едно од значајните поетски дела во македонската современа литертура. Освен со поезија се занимавал и со проза, а има напишано и неколку значајни трудови од областа на историјата, филозофијата и литертирната критика. Убиен е на Лопушник планина на 13 јуни 1943 година.

[77] Љубен Лапе роден е во Прилеп на 11 октомври 1910 година бил македонски историчар и универзитетски професор. Потекнува од сиромашно семејство но родољубиво семејство. Студиите ги завршува 1936 година во Белград каде потоа се вклучува во прогресивната студенска и работничка младина, која го продолжила недовршеното дело на илинденските предци. Починал на 25 ноември 1985 година во Скопје.

[78] Светослав Симиќ роден е во Ужице 1865 година бил српски дипломат, новинар и истакнат национален работник. Тој е еден од големите помагачи на српската четничка акција во Стара Србија и Македонија. Во март 1894 година станал секретар на Министеството за надворешни работи и српски конзул во Приштина. Од јули 1904 година е именуван за дипломатски претставник на Кралството Србија во Софија и на таа положба останува се до заминувањето на лечење во Швајцарија. Умира 1911 година во Лезен, Германија.

политичката и културната историја на Македонија. Во истиот Архив се наоѓа и архивскиот фонд Стеван Симиќ кој е произлезен од неговата работа како професор, научник, писател, публицист и јавен работник (пратеник), кои негови истражувања во голем дел не се објавени, а денес претставуваат важен извор за историските и политичките истражувања.

Архивот на МАНУ во 1970 година ги откупил пишаните материјали на Стеван Симиќ кои се наоѓале кај Љупчо Христов, кој живеел на ул. Вардарска, бр. 5, Скопје[79], кој претставуваат само еден дел од архивскиот фонд, додека другиот дел е копиран од Архивот на САНУ - Београд во 1978 и 1979 година и еден ракопис „Наша старовремска школа" е копиран од ИНИ - Скопје, каде што е заведена во инветарна книга под број 31. По приемот во Архивот е извршено средување и обработка на архивскиот материјал.

Целиот архивски материјал е сместен во пет архивски кутии. Одбележана е со сигнатури, формирани се групи и подгрупи, како и архивски единици. Секоја група е одбележана со римски броеви а подгрупите со арапски.

Архивските единици се одбележани со римски броеви, а бројот на листовите со арапски броеви како на пример:**С.С. I/4/ 1-29** .

Изработен е сумарен и аналитички инвентар[80], каде што од аналитичкиот материјал изработени се и регисти за целокупниот материјал на картончиња. Истите се средени хронолошки и според видот на документите и не се сместени во катротека за писатели, публицисти и научници. Сигнатурата на фондот е одбележана со почетните букви од името и презимето на творецот на фондот.

[79] МАНУ, Потврда бр. 873 од 18.09.1970 година и Записник бр. 873/1 од 27.11.1970 година

[80] Сумарен инвентар претставува опис на архивскиот материјал по архивските кутии во рамките на еден фонд и ги содржи следниве елементи: сигнатура, назив на фондот, гранични години, број на архивски единици, број на листови и содржина на материјалот во аррхивската кутија, додека аналитички инвентар претставува опис на архивските единици во рамките на еден фонд или збирка и ги содржи следниве елементи: сигнатура, датум на настанување, содржина, односно краток, јасен и концизен опис на содржината на архивската единица, јазик и писмо(Boriša Radovanovič, Ogledi iz Arhivistike, Kragujevac, 2010, str. 63-85, Igor Karaman, Studije i prilozi iz Arhivistike, Zagreb, 1993, str.77-79).

## 3.1 Архивистички опис на фондот

Во архивскиот фонд на Стефан Симиќ ќе се направи една точна презентација не само на фондот но и на составните делови, со што ќе овозможи лесна и брза индентификација на архивскиот материјал, лоцирање на ниво на опис во однос на целокупната структура на фондот, толкување на неговата интелектуална димензија, како и презентација на контекстот во кој настанал архивскиот материјал[81].

Сигнатура: МАНУ СС

Име на фондот: Стеван Симиќ - Скопје

Гранични години на фондот: 1882 - 1962

Гранични години на материјалот: 1918 - 1962

Количина:

1. Кутии: 5
2. Архивски единици: 39
3. Листови: 3693

### 3.1.1.Содржина на фондот:

1. Групата лични докунети, која се состои од официјални акти, кои непосредно говорат за животот на Стеван Симиќ, е непотполна. Немаме документи за неговото образовани, ниту за неговото раѓање. Групата е мошне оскудна и се на се содржи 4 документа, од коие три се членски книшки, а еден документ е книшка од физикална терапија).

2. Службеничките документи се исто така непотполна група, содржи само три докуемнти и тоа преписи.

3. Има доста докуемнти (оригинални и преписи) за регулирање на пензијата.

[81] ISAD(G) – Општ меѓународен стандард за опис на архивскиот материјал, Второ издание, Скопје 2016.

4. За регулирање на имотно-правни односи документите не се оригинални, туку за тоа постојат преписи, потврди од сведоци и преписи. Има само неколку оригинални документи од судот. Овде изобилува со списоци и пописи на имотот кој го оставил на чување фондообразователот.

5. Документите за постојан престој и државјанство не се многубројни.

## 3.1.2.Историска белешка

Историската белешка е основно-научно информативно средство, кое без разлика за која цел ќе биде користено, на корисниците им доделува најцелосни податоци за фондот/збирката. На најбрз начин треба да ги воведе научните работници во историјатот на фондообразователот и фондот, да упати во содржината на архивскиот материјал и да упати на библиографските податоци за и од архивскиот материјал и податоците за архивистот кој ја изработил.

Како основа за изработка на историската белешка се користи: досието на фондот/збирката, пописите и архивскиот материјал од фондот/збирката, службени гласила, законски, подзаконски и интерни акти на фондообразователот (статути, правилници акти кои ја разоткриваат дејноста и сл.) сите изданија кои се однесуваат на фондот и фондообразователот и дневниот печат.

Историската белешка треба точно, концизно и докажано да ги изнесе сите факти во сите нејзини делови врз основа на темелно истражување. Историскат белешка се состои од неколку делови: историјат на фондообразователот, историјат на фондот, содржински карактеристики на архивскиот материјал, список на кратенки и библиографија.[82]

## 3.1.3.Историјат на фондообразователот

Стеван Симиќ е роден во Кратово на 9 мај 1882 година од татко Симо и мајка Ефимија. Татко му бил занаетчија- мутафџија, мајка му домаќинка. Своето основно образование го започнува во родното место кај учителот Стефче Максимивиќ, кај кого ја

[82] Упатство за изработка на историска белешка на фонд-збирка, Македонски архивист, XVII, Скопје 1988, стр.31-38.

изучува словенската азбука, букварот и почетните страни на часловецот. Но поради несредените политички прилики во тоа време школувањето на Симиќ не се одвивало нормално. Започнатото основно образование го продолжува во 1891 година во Српското училиште во Кратово, а го завршува во 1894 година.

Потоа се запишува во нижата гимназија во Скопје, а по нејзиното завршување се запишува во вишата гимназија во Цариград која ја завршува во 1901 година. По завршувањето на гимназијата првата служба на Стефан Симиќ му започнува како учител во село Туралево кај Кратово на 2 август 1901, но истата година во месец декември е преместен во Куманово за наставник во граѓанската школа и овде останува до 30 септември 1902 година каде што самиот си дава отказ од службата. Во 1902 година заминува во Белград каде се запишува на Филозофскиот факултет во групата географија со антропологија и историја на србите и општа историја. Високото образование го завршува 1906 год каде што дипломирал кај Јован Цвииќ. По самото завршување на високата школа и по пауза од неколку години повторно започнува да работи на просветната работа.

Во 1906 година е поставен за суплент во гимназијата во Битола, а на почетокот на 1907 е преместен во Плевље, по потреба на службата. Во Плевље останува да работи неполна година, каде што од тука е преместен во Солун, таму останува до 2 септември 1910 година до кога се укинува Солунската гимназија, па од тука е преместен за Скопје, а на 29 април 1911 година е унапреден за професор.

Државниот испит го полага во 1911 година со темата Антропографските испитувања на картовската област, која му била примена за печатење но поради тоа што започнува првата светска војна не се отпечатува.

Во ноември 1911 година е преместен од Скопската во Велешката гимназија 19 октомври 1911 година поставен е за професор – директор на гимназијата во Гнилање.

На негово барање е пензиониран 18 март 1920 година, а на 27 август истата година е реактивиран и повторно вратен на работа во Гнилање.

Со указ на 15 мај 1922 година од министерството за просвета на тогашното кралство СХС е поставен за директор и професор во гимазијата во Велес, а на 30 октомври 1922 година е поставен за директор од прва класа во Велес. Во 1924 година повторно е преместен со указ во Охрид за директор на гимназијата, а следната година исто така со указ е преместен за директор на гимназија во Скопје. На 21 август 1925 година е преместен во Призрен за директор на гимназијата, а во 1927 година е унапреден во трета група прва категорија. Во 1929 година поради несогласувањето со артиското опкружување е пензиониран. Во почетокот на втората светска војна се враќа во белград каде што останува до самиот крај на војната. После војната се враќа во Скопје и одбива да го промени презимето и да се изјасни како македонец .

Умира во длабока старост на 25 јуни 1962 година во Скопје.

### 3.1.4.Историјат на фондот

Архивот на МАНУ во 1970 година ги откупил пишаните материјали на Стеван Симиќ, кој претставуваат само еден дел од архивскиот фонд, додека другиот дел е комипран од Архивот на САНУ - Београд во периодот од 1978 до 1979 година и еден ракопис е копиран од ИНИ - Скопје, каде што е заведена во инветарна книга под број 31. По приемот во Архивот е извршено средување и обработка на архивскиот материјал.

### 3.1.5. Класификационен план

Целокупниот архивска материјал во фондот е обработен и среден според принципите за обработка на лични фондови, зависно од содржината и видот. Сигнирана е потпечатена и оформени се архивски единици[83].

[83] Архивски единици се збир на документи кои ги здружил создавачот за тековно користење или за здружени во процесот на архивското средување, што се однесува на иста содржина или дејност.

Формирани се следниве групи:

I. АВТОБИОГРАФСКИ ракописи

II. ДОКУМЕНТИ

1. Лични
2. Службенички
3. За регулирање на пензија
4. За станарско-правни односи
5. За стален престој и жителство
6. За имотно-правни односи

III. РАКОПИСИ

1. Ракописи и негови дела
2. Бележници од I Светска војна
3. Бележници од пратеничка дејност
4. Бележници од II Светска војна
5. Лексички материјал
6. Дневници од секојдневието

IV. КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

V. ФОТОГРАФИИ

1. Лични
2. Туѓи

VI. ДОКУМЕНТАЦИОНЕН материјал

1. Литература и исечоци од весници за неговите објавени дела
2. Исечоци од весници за неговата дејност како професор, директор на гимназии.

VII. БИБЛИОТЕЧЕН материјал

1. Негови дела (книги)
2. Книги (сепарати и др.) на други автори

### 3.1.6. Архивскиот материјал во фондот „Стеван Симиќ“ како историски извор

Проучувањето на структурата на архивскиот материјал во личните фондот, како неговата содржина и обемот е предмет на истражување кои можат да ни користат како историски извор. Овие фондови имаат разни видови на документи. Материјалот се утврдува според дипломатски и содржински особености. Досегашната пракса покажува дека документите од овие фондови можат да се поврзат во следните основни групи: лични документи, имотно правни списоци, документи од работа, документи од различни активности, преписки, документи од разни лица за творецот на фондот, илустративни документи и документи од поврзаноста на творецот на фондот. Низ призма на овие постапки ќе се даде една целосна слика врз фондот на Стеван Симиќ како професор, научник, писател, општественик, географ, револуционер, историчар и долгогодишен гимназиски директор.



Сл.1  Стеван Симиќ

Стеван Симиќ припаѓа на генерацијата млади, кој со Цвииќ на чело на почетокот на овој век направија плејада на истражувачи на нашата земја, животот и обичаите на нашите народи и на целиот Балкан. Затоа, иако бил зафатен со образовна - педагошка и јавна работа, тој започнал од помладите денови да соработуваат во бројни списанија и весници. Неговиот интерес бил многу широк.

Во својот прв период од работата напишал голем број на статии и дискусии од кои тие се попознати: Босна и Херцеговина (1909), Нашите писатели и дописници од XIV до XVIII век (1911), Лесновски манастир Св. Гаврила (1913), Историја на Кратовскиот регион (1914), Срби и Бугари во минатото и сегашноста (1918), Велешките манастири Св. Димитрија (1923), Охрид (1925) и други. Ова се дела од големо значење кои имаат историски карактер. Исто така има и неколку објавени прозни дела. Обемниот ракопис за антропогеографските обележја на Кратовскиот регион пропаднал во Првата светска војна[84].

Подоцна Стеван Симиќ својата работа ја посветил на географијата и етнографијата. Ги објавил следните дела: Кратовски кули (1940), Кундинско Езеро (1955), Рудник за олово и цинк - Злетово (1955), Кратово (1957), Урвин и околина на Кратово (1957), Самотворка - еден вулкански кратер кај Кратово (1959), Црни врв кратовски (1960), Ерозија на тлото во околината на Кратово (1960), Кратовски богомили (1960) итн. Овие дела претставуваат значајни прилози и обезбедуват научна основа за понатамошни студии. Во некои од нив се наоѓа материјал кој е собиран со посебна страст. Неговите белешките некаде се опширни, бидејќи се плашел нешто да не пропушти или запостави.

Симиќевиот обилен ракопис за народниот живот во кратовските области и неговата Автобиографија биле примени во Српската академија науката и уметноста. Неколку трудови му останале во ракопис, а додека некои од нив за жал недовршени.

Стеван Симиќ оставил зад себе дела кои ќе послужат како убав споменик за неговото креативно творештво. Иако има направено доволно, тој малку се истакнал и тоа значеше повеќе отколку што изгледаше. Се одликувал со остар вид, големо искуство, знаење, ведро расположение, продорен и неуморен. Оние кои го познавале, не жалат за

[84] ГЛАСНИК СРПСКОГ ГЕОГРАФСКОГ ДРУШТВА, Год.42, бр. 1 Београд 1962 година, стр. 94

него само како работник туку и како другар на млади и стари, генерално човек кој имал топло разбирање за сите луѓето[85].

Стеван Симиќ уште во текот на своите студии, како студент кај професор Цвииќ почнува да се бави со истражувачка работа, собирајки материјали за земјиштето во Кратово и Кратовската област, за понатаму да го напише својот труд „Антропографските испитувања во Кратовската област“ и др. Покрај тоа се занимава и со истражување на етнолошко-етнографски материјали во својот крај, како резултат на што го напишува неговиот значаен труд „Живот и обчаји народу у Кратову[86]“, кој ракопис е откупен од Спрската академија на науките - Белград, а делмно му е објавуван.

Мошне интересен е ракописот „Наша старовремска школа[87]“, богато илустриран со слики и цртежи, каде ја опишува просветата во XIX век на какво ниво била. Ксерографски копии се наоѓаат во архивот на МАНУ.

Покрај тоа што се занимавал со научно-истражувачка работа Симиќ напишал и неколку литературни текстови, кои му се отпечатени, а еден дел од нив се наоѓаат во фондот на С.Симиќ во Архивот на МАНУ.

Од неговата пратеничка дејност зачувани му се повеќе бележници, а како позначаен труд му е ракописот „Успомене“, кој еден дел му е автобиографски чиј оригинал е откупен од САНУ, а ксенографски копии од овој ракопис се наоѓаат во фондот на С.С. во Архивот на МАНУ - Скопје.

За време на неговата служба во Скопје од 1910 година па до ослободување бил секретар во Просфетата, член на скопското друштво, српско географско, историско и архелошко здружение а после ослободувањето 1912 годона и член на Јадранска стража.

За неговата работа како наставник, професор и директор секогаш добивал високи оценки во образовната дејност а најмогу се посветил во Велешката гимназија.

---

[85] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-5, АЕ XXXIII, 1-2

[86] Оргиналот на ракописот се наоѓа во САНУ, Белград

[87] Оргиналот на овој ракопис се наоѓа во Институтот за национална историја во Скопје, а во Архивот на МАНУ е во вид на ксерографски копии кои се заведени во инвентарна книга под број 31, записник број 873/1 од 27.11. 1970 година. Иако претходно овој ракопис се наоѓал во Советот за школство на НР Македонија кој е откупен со договор бр.2725 од 6.12. 1956 година од Стеван Симиќ не се знае како е дојден во ИНИ.



Сл.2  Стеван Симиќ со наставниците од Велешката гимназија

Соработувал со голем број списанија и дневни весници како што се Српски книжевни гласник, Београд, Будучност, Живот и рад, Весник Српске цркве, Венац, Споменица Српске академија на наука, Српски географски гласник, Земља и људи, Цариградски гласник, Србин, Слободна Реч, Одјек и други.

Велешки манастир Св. Димитрија е научна студија која е издадена како монографија во 1923 година. Манастирот се наога во Велес кој е најизразито го претставува политичкиот, еконмскиот и културно просветниот живот во стара средновековна Србија.

Охрид е интерсна книга кој го опишува градот, околината и самото Охридско езеро. Овозможува на секој патник да го запознае градот како и неговото историско минато. Во неа е прикажано почетокот на словенската книжевност, царската претолнина како и владеењето на Цар Самоул, но и тажната историја на петвековното турско ропство[88].

По Ревизије е книга кој го опишува животот во Јужна Србија[89], каде по реминисценција на Стеван Симиќ ни дава опис за животот на просветните работници во

[88] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симиќ к-5, АЕ XXXIII, 21-23

[89] Јужна Србија го означува јужниот дел на Србија, а со текот на времето поимот го менувал значењето. Во првата половина на 20. век терминот се употребуваше за означување на просторот на денешна Република Македонија, односно просторот на Вардарска Бановина (кој ја опфаќал скоро истата територија). Србите го употребуваа овој термин во својата пропаганда и во историска конотација поради тоа што во времето на

овие краишта пред 1912 година. Во неа е даден и опис на црковниот и школскиот живот под Турската империја[90].

Значајна е групата - К о р с п о н д е н ц и ј а - и тоа со: Српската акедемија на науките и уметностите Београд, Југословенската академија - Загреб, во врска со откупите на неговите ракописи и др. која брои околу триесетина писма.

Во архивскиот материјал во фондот на С.Симиќ при МАНУ се наоѓа богата збирка на фотографии, негови и туѓи, вкупно 313 фотографии.

Фондот Стефан Симиќ е интересен по својата разновидност и опфаќа голем дел од дејноста на личноста С.С. и е слика на едно време иако е присутно субјективното разгледување на фондообразовател от. Мошне интересни се материјалите од областа на етнографијата и етнологијата за етнографската и етнолошката наука. Исто така заслужува да се обрни внимание и на лексичкиот материјал со зборови и изрази од Кратово и околината од страна на лингвистите.

Најобемна е групата на документи кој настанале како плод на неговата дејност, а тоа се ракописи и бележници, кои се состои од ракописи на научни книжевни дела, расправи и статии, мемоари и сеќавања за некои настани и личности, разни пратенички бележници и друго. Како непотполна, оваа група на документи ни сведочи за поширокатa дејност на Симиќ, а нивната содржина и прилозите ни зборуваат за можностите во Србија и Македонија во втората половина на 19 век и почетокот на 20 век. Детално ги опишува сите политички настани и ситуации во земјата, служејки му доследно на тогашниот режим и влада.

Стефан Милутин, Стефан Дечански и Стефан Душан (1284 - 1355), Немањичите владеат со областа Македонија. Од територијалната реорганизација по Втората светска војна, овој термин активно не се употребува, поради тоа што од тогаш поголемиот дел на јужниот дел на Србија го опфаќа Косово и Метохија, додека преостанатиот дел географски се нарекува југоисточна Србија

[90] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симиќ к-5, АЕ XXXV, I, 1-107

## 3.1.7.СУМАРЕН ИНВЕНТАРЕН ПРЕГЛЕД

Сумерен инвентарен преглед е основно научно информативно средство кое се изработува после средувањето на фондот и треба да го има секој архив. Негова задача е да ги информира корисниците за содржината на материјалот. Предмет на обработка на сумарниот инвентар е целиот фонд или збирка. Основна единица за опис е инвентарната единица а тоа е папка, кутија и книга. При изработка на сумарниот инвентар мора да се почитува принципот на провиненција. Инвентарните единици се обработуваат според редоследот по кој се средени и ништо не смее да се пропушти.

Сумарниот инвентарен преглед ги опфаќа поединечно сите архивски кутии од еден фонд/збирка а содржи: назив на фондот/збирката; сигнатура; гранични години; број на кутија; година; краток опис на содржината; количина-архивски едници, листови; вкупно-архивски кутии, архивски единици, листови; име и презиме на извршителот.[91]

| Број: | Гранични години на кутијата: | | Содржина: | Арх. единици: | Листови: |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | 1925 | 1962 | - Автобиогравски ракописи<br>- Лични и службени документи (1925-1951)<br>- Документи за регулирање на пензијата, живеењето и правни односи (1929 -1962)<br>- Спорови со станарите (1946-1962) | 6 | 795 |

[91] Богдан Лекић, Op.cit, 176-180; Boriša Radovanovič Op.cit, 63-70

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 02 | 1941 | 1961 | - Ракописи од неговоте дела, Наша старовремска школа (1943), Јужна Србија (1941), Карактеристики на бугарскиот карактер, Сеќавање на една канонска визитација, Стефан Павловиќ, Сеќавање на мојот проф. Јован Цвииќ (1961), Глупави магариња на Крал Петар, - Бележник со географски Проучувања во Кратово (1952) | 8 | 332 |
| 03 | 1941 | 1956 | - Карактеристики на разни личности од културниот и јавен живот во Македонија (1941-1947), - Спомени (1946-1951), - Српската револуционерна организација (1952), - Живот низ живот (1950-1956) | 2 | 972 |
| 04 | 1915 | 1962 | - Разни белешки од Прва светска војна (1915-1917) | 13 | 941 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Бележници од пратеничката<br>Дејност (1935-1938),<br>- Разни белешки од Втора<br>светска војна (1941-1944)<br>- Белешки со лексички материјал,<br>- Бележници и записи од<br>Секојдневието (1948-1962) | | |
| 05 | 1918 | 1960 | - Коресподенција (1932-1962)<br>- Лични и туѓи фотографии,<br>- Литература за авторот<br>прилози за неговите дела и<br>исечоци од различни весници<br>(1918-1937),<br>- Авторски објавени дела<br>(книги, сепарати) 1932-1957,<br>- Туѓи ракописи и сепатрати<br>(1928-1960),<br>- Разно-Varia | 10 | 653 |

## 3.1.8. АНАЛИТИЧКИ ИНВЕНТАРЕН ПРЕГЛЕД

Аналитички инветар е научно информативно средство од потесен тип кој детално ја опишува содржината и обликот на предметот. Се изработува за архивскиот материјал на еден фонд, најчесто постар и значаен, личен и семеен фонд или збирка. Неопходен услов за правилна подготовка на инвентарот е темелна подготвителна работа кој вклучува проучување на историјата на творецот на фондот и на самиот фонд. Основна единица за аналитичкиот инвентар е предметот, а може да биде и поединечен документ.

Аналитичкиот инвентар претставува опис на архивските единици во рамките на еден фонд/збирка , а ги содржи следниве елементи: сигнатура во која со арапски цифри се вградени архив, фонд, архивска кутија, архивска единица и листови од до; датум на создавање, односно најмладиот датум на архивската единица, каде што датумот може да биде точен или приближен; место на настанување; организациона единица, група, односно подгрупа на акти; содржина – краток прецизен, точен и концизен опис на содржината на архивската единица, односно предметот заради кој е создаден, сочинет во една или повеќе кратки реченици; оргиналност; јазик и писмо; година на достапност.[92]

### I. Автобиогравски ракописи:

С.С. А.Е I/1-211

Спомени, записи од животот и работат на Стеван Симиќ[93].

копија, отчукано

српскохрватски јазик.

### II. Документи

[92] Богдан Лекић, Ibid, 183-184; Boriša Radovanovič, Ibid, 71-78

[93] Оригиналот се наоѓа во Архива на САНУ, сигнатура бр. 14181

## 1. **Лични документи**

С.С. АЕ  II/1-6

<u>Членска синдикална книшка</u>, 1948.II.1, Скопје; бр.2404625.

оргинал, ракопис

македонски јазик

С.С. АЕ  II/1/7-8

<u>Книшка од физикална терапија</u>, 1957.V.11 – Београд.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ  II1/9-12

<u>Фронтовска членска книшка</u>, 1948.I.25. – Скопје, бр.5

оргинал, ракопис

македонски јазик

С.С. АЕ  II/1/13-16

<u>Фронтовска членска книшка</u>, 1951.IV.15, Скопје.

оргинал, ракопис

македонски јазик

## 2. **Службенички документи**

С.С. АЕ  II/2/1

<u>Уверение</u>, 1925.XI.10 – Београд, бр.27782 од Министерството за просвета, со кое се потврдува за одликувањата на Симиќ.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ    II/2/2

Писмо, 1926 г. Београд од С.С. до Министерството за просвета – во кое се жали поради честите преместувања во службата.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик,

С.С. АЕ    II/2/3-4

Писмо, 1932.VIII.24 – Скопје од С.С. до Живојин Лазиќ – министер во Министерството за Внатрешни работи, во кои се жали поради нанесената му неправда.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

### 3. За регулирање на пензија:

С.С. АЕ    III/1

Указ – 27.05.1929, Београд – од крал Александар I – со кој се наредува на Министерството на просвета Симиќ да биде ставен во пензија, како службеник од III група, I категорија.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ    III/2

Решение – 1930.VI.2, Скопје  - од "Краљевска банска управа Вардарске Бановине –Скопље – до С.С. со кое се решава С.С. да биде уредник на л. „Вардарска Бановина"

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE III /3

Молба, 1956.III.29 – Скопје – од Симиќ до „Државната архива“ на НРМ-Скопје – со која бара да му се издаде потврда дека на л. „Вардарска бановина“ – со одговор

оригинал, отчукано

македонски јазик

C,C. AE III /4

Молба, 1953.VII.7 – Скопје – од Симиќ до Секретаријатот за просвета, наука и култура во која бара да му се земе во обзир и стажот поминат во новинарство при пресметување за пензија и да се интервенира кај надлежните.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE III/5

Писмо – од Советот за школство, 1953.VII.14, Скопје, бр.4062 – до Заводот за социјал нно осигурување во кое се изнесува ставот на Комисијата при Советот во врска со признавање на новинарскиот стаж

оригинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE III /6

Молба – 1953.VIII.12, Скопје – од С. Симиќ до Секритаријатот за просвета, наука и култура, Скопје – со која бара новинарскиот

стаж да му биде признат при пресметувањето за пензија.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/7

Молба -1954.I.22, Скопје – од С.С. до Секретаријатот за просвета, наука и култура – Скопје, со која бара да ме се признае новинарскиот стаж, врз база на законски прописи.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С:С АЕ III/8

Молба – 1955.IV.13, Кратово – од С.С. до Секретаријатот за просвета, наука и култура – Скопје – со која бара да му се признае новинарски стаж од 1.I.1933 – 31.XII.1935 – согласно со Законот оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /9-14

Молба - 1959.XI.4, Скопје – од Стеван Симиќ до Секретаријатот на Совет за култура и наука на НРМ – Скопје, со која моли да се преведе на IV пензиски разред.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ III/15

Претставка – 1953.III.31, Скопје – Од С.С. до И.С. на НРМ – биро за молби и поплаки, бара да му се излезе во пресрет во врска со пензијата, непотполн текст

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/16

Поплака, 1954.XII.4 – Скопје – од С.С. до И.С. на НРМ – биро за молби и поплаки – Скопје – се жали на неажурноста на Заводот за социјално осигурување – по однос на решавање на неговиот предмет.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С.АЕ III /17

Поплака, 1955.I.27. – Скопје – од С.С. до И.С. на НРМ – биро за поплаки – Скопје, се жали на Заводот за социјално осигурување поради бавење на неговиот предмет

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик,

С.С. АЕ III/18

Писмо – 1955.III.9, Скопје, бр.1234/54 од ИС на СРМ – биро за молби и полаки – Скопје до С.С. – Кратово, со кое се известува дека е извршена проверка по предметот на С.С. во Социјално и го известува за состојбата,

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ III/19

Претставка, 1955 март 16, Кратово – од С.С. до ИС – биро за полаки, со кое се известува дека добил известување од

споменатиов наслов во врска со неговото барање.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /20

Писмо, 1955.V.20, Скопје, бр.1234/54 од И.С. на СРМ – биро за полаки, молби и жалби – Скопје – до С.С. – Кратово – одговор на повоторната претставка на С.С. со која моли за интервенција до Заводот на гр. Скопје – со која известува дека молбата е земена во постапка и ќе биде известен.

оригинален, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ III/21

Претставка – 1956.VI.23, Скопје од С.С. до И.С. – биро за молби и поплаки на СРМ – Скопје, бара интервенција до заводот зашто не му било исплатено според најново добиеното решение.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/22-23

Молба, 1953.X.30 – Скопје – од С.Симиќ до „Савез кљижевника ФНРЈ" – Београд, моли да му се признаат извесен број години како књижевник, поради регулирање на пензијата.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /24

Молба, 1954.III.31, Скопје – од С.С. до „Савез књижевника ФНРЈ –

Београд“, по втор пат бара да се признае стаж како книжевник, во граница на Законот.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/25-26

<u>Молба</u>, 1953.IV.7, Скопје – од С.С. до Друштвото на писателите на НРМ – Скопје – со која бара потврда дека се бавел со книжевничка работа (наведува и 33 објавени ракописи) и тоа од 1901 до денот кога ја поднесол молбата, поради регулирање на пензискиот стаж.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/27

Молба, 1953.IV.7, Скопје – од С.С. до Здружението на новинарите на НРМ – Скопје, со која бара потврда дека се бавел со винарство од 1901-1936, поради регулирање на пензијата.

оригинал, отчукано,

српскохрватски јази.

С.С. АЕ III/28

<u>Молба</u>, 1953.IV.28, Скопје – од С.С. до „Здружението на писателите на НРМ – Скопје“ – моли да биде примен за жлен на Друштвото.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/29

<u>Писмо</u>, 1953.V.14 – Скопје – од Здружението на новинарите на

НРМ – Скопје до С.С. со кое се известува дека не може да му се издаде потврда за новинарски стаж, поради немање на доволна документација.

оригинален, отчукан

македонски јазик

С.С. АЕ III/30

Молба, 1953.V.30, Скопје од С.С. до Здружението на новинарите на НРМ – Скопје – бара да му се издаде уверение за новинарскиот стаж, наведувајки некои податоци за тоа.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /31

Молба,1953.VI.30. Скопје – од С.С. до Здружението на новинарите на НРМ – Скопје, во која се наведува дека приложува и исказ од сослушувањето на Петар Талетов – новинар и книжевник од Београд, бивш уредник и директор на л. „Слободна реч“, како и на Делора Ивановиќ – исто од Београд, од кое се гледа дека С.С. бил главен соработник.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/32

Молба, 1953,X.8, Скопје – од С.С. до Здружението на новинарите на НРМ – Скопје, моли да му се издаде уверение дека се бавел со новинарство.

оригинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE III /33

Писмо, од Управата на Здружението на новинарите на Македонија до С.С. со кое му се соопштува дека не може да му се издаде уверение за новинарски стаж за бараниот временски период, бидејќи и не постоело ова здружение.

оригинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE III/34-36

Претставка, 1954.XI.1, Скопје од С.С. до Здружението на новинарите на НРМ – Скопје, се жали поради одбивањето да му се издаде уверение за новинарски стаж, кое му е потребно поради регулирање на пензијата.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE III/37

Молба, 1954.IX.1, Скопје, од С.С. до Здружението на новинарите на НРМ – Скопје, бара уверение дека бил стален соработник на л. "Вардар" – и тоа од 1.I.1933 -31.XII.1935, наведува дека го приложува и исказот од М. Јовановиќ – уредник и директор на истиот лист.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE III/38

Писмо, 1955.IX.28 Београд – од Здружението на новинарите на НР Србија до С.С. со кое му се дава толкување на чл.21 од Уредбата за одредување на пензијата и инвалиднината.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/39-41

Молба, 1953.X.26, Скопје, од С.С. до „Савез новинарских удружења ФНРЈ“ – Београд, бара да му се издаде уверение за новинарски стаж, поради регулирање на пензија.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ III/42-44

Молба,1954.X.26, Скопје, од С.С. до „Савез удружења новинара ФНРЈ – Београд, бара да му се издаде уверение за новинарски стаж, наведувајки повеќе образложенија.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/45-46

Молба, 1956.VIII.7, Скопје, од С.С. до Јавниот обвинител на гр. Скопје – за заштита на Законот, се жали поради неисплатување на заслужената пензија.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/47-56

Тужба, 1953.VIII.16, Скопје од С.С. до Врховниот суд (Управниот суд) на НРМ – Скопје од С.С. – го тужи Заводот за социјално осигурување на НРМ – Скопје.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/57

<u>Тужба</u>, 1954.IV.8, Скопје – од С.С. до Врховниот суд на НРМ – го тужи Заводот за социјално осигурување.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/58

<u>Тужба</u>, 1954.VIII.19, Београд – од С.С. до Врховниот суд на НРМ – Скопје, моли да се интервенира да му се врати предметот од Заводот за социјално осигурување.

оригинал, отчукано

српскохрватски јази

С.С. АЕ III /59

Претставка, 1954.IX.1, Скопје – од С.С. до Врховниот суд на НРМ – Скопје – со која ја повлекува тужбата од Заводот за социјално од 17.VIII.1953.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/60

<u>Писмо</u>, 1954.IX.28, Скопје – од С.С. до Врховниот суд на НРМ – Скопје, бара да не важи претставката за повлекување на тужбата против Заводот за социјално, бидејки истиот не ја поправил својата грешка по однос на неговиот предмет за регулирање на пензијата.

оригинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ  III/61

Решение, 1956.III.2, Скопје, бр.81/53 – од Врховниот суд на НРМ (по тужбата на С.С. против решението на Заводот за социјално осигурување на НРМ П.бр.2586 од 20.VI.1953) со кое се ослободува од таксата, поради благовремено повлекување на тужбата.

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С АЕ  III/62-65

Претставка, 1952.IV.25, Скопје – од С.С. до Управата на Заводот за социјално осигурување на II реон – Скопје, моли да му се пресметаат за пензија – 11 години, 1 месец и 15 дена.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ  III /67-69

Приговор. 1953.III.25, Скопје – од С.С. до Извршниот одбор на заводот за социјално осигурување на НРМ – Скопје – по решението од Заводот за Социјално на НРМ П.бр.2586 – од 1952, поради неземање во обзир на некои години при пресметувањето за пензија

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ  III/70

Писмо, 1953.XI.3 – Скопје, - одговор на тужбата од Заводот за

социјално осигурување до Врховниот суд на НРМ.

оригинален документ, отчукан

македонски јазик

С.С.АЕ III /71

Писмо, 1954.IX.1, Скопје (одговор) од Заводот за Социјално осигурување на НРМ по тужбата на С.С. до Врховниот суд на НРМ Убр.816 – признат му е стаж 23 години, 2 месеци и 23 дена, разврстен е во VIII пензиски разред.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/72

Решение, 1955.VII.23, Скопје, бр.2755 – од Заводот за социјално осигурување во Скопје до С.С. со кое му се уважува жалбата, а оспореното решение се преиначува, му се признава стаж за старосна пензија, препис заверен во НО – Скопје.

оригинал, отчукано

македонски јазик.

С.С. АЕ III/73-76

Молба, 1956.VI.5, Скопје, од С.С. до Републичкиот завод за социјално осигурување на НРМ – Скопје – моли да му се признае новинарскиот стаж – со опширно образложение.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/77-79

Решение, 1955.VII.23, Скопје, бр. 2755 од Околискиот завод за

социјално осигурување за СС – со кое делумно му се уважува барањето за старосна пензија.

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ III/80-82

Жалба, 1955.VIII.29,Скопје од С.С. до Околискиот завод за социјално осигурување на НРМ – Скопје – во врска со решението бр.2755 од 23.VII.1955 – Скопје.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /83

Молба, 1955.IX.6, Скопје – од С.С. до Околискиот завод за социјлано осигурување – Скопје – бара објаснување на еден став од решението бр.2755 од 23.VII 1955 година изд. Од споменатиот завод.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/84-85

Жалба, 1955.IX.17, Скопје од С.С. до Околискиот завод за социјално осигурување на НРМ – Скопје – дополнување на жалбата во врска со решението бр.2755 од 23.VII.1955, Скопје, издадено од истиот завод.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/86

Жалба, 1955.IX.29, Скопје дод С.С. до Околискиот завод за осигурувањ – Скопје – III –то дополнување на жалбата по решението бр.2755 од 23.VIII 1955 г. издадено од истоимениот Завод.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ III/87

Решение, (1955) – Заводот за социјално осигурување – Скопје, со кое се уважува жалбата на С.С. и му се признава право на старосна пензија, согласно со Законот.

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ III/88

Молба, 1956.VII.24, Скопје – од С.С. до Околискиот завод за социјално осигурување – Скопје, се жали поради неисплаќање по решението.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ III/89

Молба, 1958.VI.18, Скопје, од С.С. до Околискиот завод за пенсиско осигурување – Скопје за Р.З. за пензиско осигурување на НРМ – Скопје, моли да се преведе во IV пензиски разред.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/90

Молба, 1958.VI.19 – Скопје – од С.С. до Околискиот завод за пензиско осигурување – Скопје, моли да му се пресметаат во работен стаж – 2 години и да му се одреди по пет на сто.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /91

Жалба, 1959.II.1, Скопје – од С.С. до Околискиот завод за социјално осигурување за Републички завод за С.О. Скопје – по решението на Околискиот завод во Скопје, бр.2755 од 25.XII.1958.
оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/92

Молба, 1954.IX.2, Скопје, од С.С. до ГНО – завод за социјално осигурување – Скопје, моли да му се пресметаат во стаж освен ефектните години и др. кои тој ги наведува.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/93

Молба, 1955.VII.12, Скопје, од С.С. до Заводот за социјално осигурување при ГИО – Скопје – моли да му се пресметаат за пензија ефективните години и годините поминати во новинарска работа.

оригинал, отчукано

српсохрватски јазик

С.С. АЕ III /94

Молба, 1956.VI.9, Скопје, од С.С. до Градскиот завод за социјално осигурување – Скопје, моли во целост да се изврши постапката за пензија според решението бр.7613 од 7.I.1956 г.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/95

Решение, 1952.V.24, Скопје, од Советот за народно здравје и социјална политика до С.С. со кое се решава да не му се признаат бараните дополнителни години во работен стаж – за регулирање на пезијата.

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ III/96-98

Жалба, 1952.VI.17, Скопје, бр.2586 од С.С. до Советот за народно здравје и социјална политика на НРМ – Скопје за „Совет народног здравља и социјалну политику владе ФНРЈ у Београду“ – се жали на решението од Советот за народно здравје на НРМ – Скопје, бр.2586 од 24.VI.1952

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/99

Молба, од С.С. до Савезно И.В. на ФНРЈ – Београд, моли да се преведе во повисок пензински разред.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III/100-103

Уговор, 1952 - за социјалистичко осигурување на книжевниците. оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /104

Изјава, 1956.X.17, Скопје од проф. Б. Конески и доцентот д-р Ј.Трифуновски – за С.С. дека го познаваат како активен, културен и научен работник

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ III/105-131

Прибелешки – од С.С. во врска со регулирањето на пензијата, како и за изгубеното време околу тоа.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ III /132-137

Разно – некомплетни документи во врска со регулирањето на пензијата.

оригинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ III /138-140

Исечоци од весници – во врска со прашања и одговори за социјално осигурување.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

4. **Станарско-правни односи**

С.С. АЕ IV/1

<u>Решение,</u> 1946.II.23, од ГНО – Станбен отсек – Скопје, за С.С. со кое се донесува одлука да се испразни станот во кој живее Атанас Урумовски во сопствената куќа на С.С. и да му се додели на С.С. оригинал, отчукано

македонско јазик

С.С. АЕ IV/2

Решение, 1947.VII.24. од ГНО – станбен отсек до стефан Симиќ, со кое се задолжува С.С. да ослободи соба во сопствената куќа на станарот Уљус Рушмановски.

оригинал, ракопис

македонски јазик

С.С. АЕ IV/3

<u>Записник</u>,1947.VIII.1 – од ИО на гр. Скопје и решение по жалбата на С.С. против решението од Станбено одделение при ГНО – Скопје бр.4459 од 24.VII.1947 со кое се одбива С.С. и останува во сила горенаведеното решение – да ја ослободи собата на У.Рушманоски.

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ IV/4

<u>Жалба</u>, 1947.VII.26, Скопје – од С.С. до ИО на ГНО преку Станбениот отсек на ГНО – Скопје – на решението бр.4959 од

24.VII.1947, да се ослободи една соба на станарот Уљус Рушаноски. оригинал, ракопис

српскохрватски јазик.

С.С. АЕ IV/5

<u>Молба</u>, 1947.VII.17, Скопје од С.С. до Лазо Колишевски – претседател на владата на НРМ – Скопје, во која се жали поради решението на Станбен отсек и бара да се испита состојбата негова со станот.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ IV/6-7

Договор, 1960.XI.25, Скопје, склучен помеѓу С.С. и Ордевски Томислав – поради користењето на шупата под наем во двориштето на С.С. и плаќање на кирија однапред.

оригинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ IV/8

<u>Полиса</u> – бр.43328 од 1958-1959 (за осигурување) од Државниот завод – дирекција за НРМ – за куќата и покуќнината на С.С.

оригинал, ракопис

македонски јазик

С.С. АЕ IV/9

Приговор, 1962.I.18, од Стефан Симиќ до Управата за приходи – општина Кисела вода – во врска со задолжениот данок.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE IV/10-14

<u>Решенија</u>, 1960.II.7 – Скопје – од НО на општина Кисела вода до Стефан Симиќ и неговите кирации: Драгутин Понак (2 документа), Атанас Урумов, Глигор Давитков .

оригинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE IV/15-18 <u>Решенија</u>, 1954.VI.8 – од Управата за станбена заедница, бр.7, Скопје – за донесување на станбена тарифа за месечен наем во врска со станарите на С.С.

оригинал, ракопис

македонски јазик

**5. Престој и жителство на гр. Скопје**

C.C. AE V/1-2

<u>Решение</u>, 1946.V.15, Скопје, од Одделот за Внатрешни работи /Отсек за жители/ при ГНО за гр.Скопје до С.С. со кое се одбива С.С. за престој во Скопје, а во врска со уредбата од Законот која важи за жителите што го напуштиле Скопје на 6.IV.1941 г.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE V/3-8

<u>Молби</u>, 1946 мај 16, Скопје – од С.С. до Министерството за Внатрешни работи на ФНРМ – Скопје – 1 л. 2 стр. Во 3 еднакви примерка и уште 2 различни верзии од истиот предмет – моли за сталeн престој во Скопје.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE V/9-11

Молби, 1946.VI.6 и 1947.VIII.30 – Скопје, од С.С. до Боро Чушкар – помошник на министер за внатрешни работи – се жали поради разните вознемирувања од станарите и соседите и моли да се преземат заштитни мерки.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE V/12

Молба, 1946.VIII.29, Скопје, од С.С. до Јоша Продановиќ – потпретседател на Владата – Београд – бара да му се помогне во врска со сталниот престој.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE V/13

Молба, 1946.VIII.12, Скопје – од С.С. до Бане Андреев, министер на Рударството во Сојузната влада – Београд – бара интервенција за добивање на престој

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE V/14-20

Бележник (тетратка, мал формат) – 1946.II.15 -1947.XII.9 – белешки во врска со постојан престој и жителство на гр. Скопје, како и односи со негови станари.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ V/21

Записник, 1954.IV.2 – Скопје, бр.2536 од Заводот за социјално осигрување за Скопје, распит на свидетелите кои се искажуваат кога С.С. го напуштил местожителството од Скопје и кога се вратил,.

оргинал, отчукано

македонски јазик

### 6. **Имотно-правни односи**

С.С. АЕ VI/1-2

Пресуда, 1949.III.17, Кратово – од Околискиот суд во Кратово, донесена во врска со лозјето на С.С.

оргинал, ракопис

македонски јазик

С.С. АЕ VI/3-6

Пресуда, 1949.V.27 – од Штипскиот Окружен суд, со која С.С. се задолжува да плати Милица Геровска и Никодија Геровски за извршеното подобрување на лозјето и засадувањето со „американка“.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/7-8

Потврда, 1949 октомври 25, Кратово – од С.С. во врска со применатa сума за лозјето од неговата сестра Милица Герговиќ и

зетот Никодије Герговиќ, а во врска со изречената пресуда.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/9-11

Разни прибелешки – од С.С. во врска со имото за лозјето.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/12-13

Потврди, 1942.IX.11 – од Дирекцијата на Народната библиотека, за одземени книги сопственост на Стеван Симиќ, примени од Магдалена Давиткова и список.

оргинал, ракопис и отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/14-74

Бележник – од С.С. во врска со покуќнината дадена на чување кај разни личности и др.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/75-274

Списоци (1941.IV.27, Скопје) на предмети од С.С. – оставени на чување кај Нада Давиткова, сопственост на С.С.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/275-278

Една тетратка – со евиденции за (предмети) – покуќнина од С.Симиќ – дадени на чување на Енвер Фетак – кројач од Скопје. оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/279-303

Разни списоци – направени од С.С. во врска со имотот негов даден на чување кај Е.Фетах, кројач од Скопје, а нему предадени од Митко Какашевски - поручник, Горми Милановац.

оргинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/304-312

Разни тужби, молби и др. (1946-1948) до Околискиот суд на гр. Скопје од С.С. бара да му се повратат неговите предмети кои биле дадени на чување кај Е.Фетах или пак паричен надомест.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/313

Молба, 1946.VIII.31, Скопје од С.С. до Јавниот обвинител на гр.Скопје, со која бара неговите пронајдени предмети од покуќнината кај Исмаил и Ќемал Арслан – шуревци (роднини) на Фетах, да се наведат во списокот.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/314

Изјава, 1946.IV.25, Параќин, изјава за митко Какашевски, шеф на

финансиска секција, имж. бригада, I Армија Ј.А. Параќин до главниот обвинител за гр.Скопје, во врска со предадените предмети на Е.Фетах, а сопственост на С.С.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/315-322

Пресуда, приговори, жалби – 1947-1948 г. Скопје, од Окружниот суд до С.С. и обратно, препис и оригинали во врска со покуќнинанта од С.С. оставена на чување кај Е.Фетах.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/323-332

Разни материјали, прибелешки и др. од С.С. во врска со покуќнината дадена на чување кај Е.Фетах, кројач од Скопје.

оргинал, отчукано и ракопис

српскохрватски и македонски јазик

С.С. АЕ VI/333

Решение, 1974.II.14, Скопје, од Станбен отсек до Невена Давидова и С.С. со кое се решава да се отсели станарката на С.С. од станот во куќата на Симиќ од 1 соба и да се усели тој во истиот стан. оригинал, отчукан

македонски јазик

С.С. АЕ VI/334

Жалба, 1947.III.1 – Скопје, од С.С. до Станбен одбор на ГНО – Скопје – со кое се жали и бара како сопственик на куќата да му се

ослободи неопходниот простор за живеење и да се принуди Невена Давидова да се исели, за кое има и решение.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/335

1947.III.5, Скопје, од С.С. до Извршниот народен одбор ГНО – Скопје, се жали поради неослободувањето на собата што минатата година му ја доделил Станбен отсек, бара да се спроведе постапката според решението.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/336

Молба, 1947.III.5, Скопје од С.С. до Лазар Колишевски, претседател на Владата на НРМ – Скопје, се жали на Станбениот отсек, кој иако издал решение на Н. Давидова да се исели од нејзиниот стан, таа сеуште седи во неговата куќа, иако не му плаќа кирија.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/337

Молба, 1947.III.7, Скопје – од С.С. до Станбениот отсек ГНО – Скопје, бара да му се отстапидоделеното одделение во неговиот стан, а во кое живее Вебена Давидова.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/338

Молба, 1947.VIII.26 – Скопје, од С.С. до Горѓи Икономов, претседател на Изврshниот одбор на ГНО – Скопје – бара да му се ослободи станот на неговата сопствена куќа, а во кое добил решение за собата во која живее Невена Давидова, а која не сака да го ослободи станот.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/339-343

Молба, 1947.X.15 – Скопје, со решение од С.С. до Контролната комисија на ФНРЈ – Београд – со големо образложениаложение, во врска со неизвршување на решението дадено од Станбен отсек на гр. Скопје.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/344

Молба, 1947.XII:5, Скопје, од С.С. до Борис Мисаилов, началник на Станбениот отсек, Скопје, моли што поскоро да му се ослободи доделената соба, во која живеела неговата кираџика Невена Давидова, која не ја ослободила и покрај тоа што добила решение да се исели од тука. Бара преземање на соодветни мерки.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/345

Решение, 1947.XII.9, од ГНО – Станбен отсек за С.С. – одлука да се ислеи Н.Давидова и во тој стан да се усели С.Симиќ.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/346

Молба, 1947.XII.24 – Скопје од С.С. доБорис Мисаиловски, началник на Станбениот отсек при ГНО – Скопје – моли хитно да се заинтересирааат за ислеувањето наН.Давидова, која има извршно решение.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE VI/347-353

Список на ствари и разни други прибелешни од С.С. во врска со Н.Давидова, една тетратка.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C.AE VI/354-355

Записник, !947.IV.19, Скопје, од Околискиот народен суд – врз основа на сослушувањето на тужената Невена Давидова и од нејзината изјава да го исплати долгот од киријата на С.С. во три рати и решение од спогодбата склучена меѓу парничарите.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/356

Пресуда, 1947.VI.20, Скопје – од Околискиот суд на гр. Скопје за Невена Давидова, со која се осудува на 3 месеци затвор и се задолжува да плати на оштетениот С.С. 1000 д. – во рок од 3

месеци.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/357

Молба, 1947.VIII:28, Скопје, од С.С. до Околискиот суд на гр. Скопје.

оргинал, отчукано,

македонски јазик

C.C. AE VI/358

Молба, 1947.VIII.30, Скопје – од С.С. до Окружниот суд на гр. Скопје, бара да се прибави исчезнатата карактеристика од досието на Невена Давидова, како и да се исправи тоа што е наведено дека не е осудувана како неточно.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/359-360

Пресуда, 1947.XI.15, Скопје – од Окружниот суд во Скопје, со која Н.Д. се прогласува за виновна поради кражбата на С.С. жалбата не се уважува, се осудува на три месеци лишување од слобода и се задолжува да се исплати на С.С. 1000 д. – жалбата не и се уважува.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/361-362

Молба, 1947.XI.12, Скопје – од С.С. до Внатрешниот оддел при ГНО – Скопје – изразува сомнение на Невена Давидова за кражбата

на петелот, зашто таа и порано за кражба била осудувана, а истиот ден повикала и гости на ручек – нејзините пријателки: Љубица Петрова и Васка Вачева. Утврдување на точноста Симиќ бара да бидат испитани двете споменати лица да посведочат.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/363-364

Изјава, - од 1947.XII.8 – од Невена Давидова до С. Симиќ во која му се ветува дека ќе ги врати сите предмети наведени во тужбата на С.С. како и оние со кои таа се служи во станот.

оргинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/365-368

Молба, 1947.XII.10, Скопје – од С.С. до Околискиот суд на гр. Скопје, моли да се преземат мерки околу повратокот на неговите ствари кои се наоѓаат кај Невена Давидова.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/369

Решение, 1947.XI.12, Скопје – од Станбениот оддел при ГНО – Скопје, се ослучува Невена Давидова да го ослободи станот во кој живее (во куќата на Симиќ) и во него да се усели Стеван Симиќ.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI/370

Молба, 1947.XII.11, Скопје – од С.С. до Ѓорги Икономов, претседател на ГНО Скопје, се жали поради непреземањето мерки од страна на Отсекот за чистотата на ГНО – по однос на случајот со Невена Давидова и нејзиниот испад (во хигиена) моли за интервенција за тоа и да се преземат соответни мерки.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/371

Тужба (со станари) 1968.XI.13, Скопје – од С.Симиќ до Околниот суд – Скопје I, против Ристо Голубов, кирацииа кај С.Симиќ, кој не му го исплатил заемот од 1233 д. Предлог за пресуда.

оргинал, отчукано

македонски јазик

С.С. АЕ VI /372-374

Кривична тужба, 1960.XII.20 – Скопје – од С.С. до Околниот суд, а против Епса Урумова – за навреда на личноста, венција до заводот зашто не му било исплатено според најново добиеното решение, препис на машина, на српскохрватски јазик – 1 стр.

оргинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ VI/375

Соопштение – 1962.III.26. бр.187/61 од Јавниот обвинител до С.С. со кое се известува дека е отфрлена кривичната пријава против Ацо Урумов.

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/376-378

Реверс – за одземање машина на С.С. – 1947.III.24. – Скопје, од Одделението за Внатрешни работи – Скопје – за С.С. – оригинален документ – 1 стр. И молба – 1947.V.27 – Скопје – за С.С. до Одделението за Внатрешни работи при ГНО на гр.Скопје во врска соодземената машина – на рака,

оргинал, отчукано

македонски јазик

C.C. AE VI/379-385

Разни признаници и потврди – седум парчиња,

оргинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

## III. Ракописи

### 1. Ракописи и негови дела

C.C. AE VII/1/1-28

Наша старовремска школа, предавање. 21.2.1943 г. Белград

оргинал, отчукано

српски јазик

C.C. AE VII/2/1-202

1943 г.Наша старовремска школа, ксерографска копија, ракопис на машина, со илустрации од цртежи и фотографии, на српскохрватски јазик, стр. 211./Оригиналот се наоѓа во ИМИ – Скопје, под сигнатура: Сд.IV.8/1; Излегувал во продолженија во сп. „Учитељ“ уште пред војната, а по ослободувањето ракописот е преработен и понуден во Секретаријатот за просвета на НРМ и е

откупен.

копија, отчукано

српски јазик

C.C. AE VIII/1-18

1941 г.Јужна Србија, географски-хидрографки и историски преглед на оваа област.

оргинал, ракопис

српски јазик

C.C. AE IX/1-6

Карактеристика бугарског карактера, преписи од книгата на др. Васич. Нови Сад 1919 година

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE X/1-3

Сеќавање на једну канонску винзитацију,

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE XI/1-5

Стеван Павловиќ – српски начелник у Велесу.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE XII/1-39

Сеќавање на мога професора д-ра Јован Цвијиќа, 8.11.1961 г.

Скопје.  Во 3 примерка.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE     XIII/1-3

Краљ Петрони блесави магарци.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик

C.C. AE     XIV/1/1-25

1952 г. Бележник со географски проучувања од Кратово

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE     XV/I/1-13

11.05.1947. Разни прибелешки – Наши чиновци во Јужна србија, податоци за личностите Светослав Стевиќ-српски началникво Качаник, Петар Костич – владика од Призрен, Буда Будосавлевиќ-големиот жупан од Битола, Радојца Гокиќ-поглавар во Призрен, Шазиман Оран- претседател на општината во Радовиш,Михајло Кречкович-окружен началник во Призрен, др. Божа Костиќ-лекар во Призрен.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE     XV/II/1-72

16.07.1941-12.10.1941.Карактеристики II, податоци за лица кои играле видни улоги во Велес, Кратово и Битола

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XV/III/1-63

1941 г.Карактеристики III, податоци за 12 лица кои имале виден углед во политичкиот живот во Македонија.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XV/IV/1-108

24.11.1952 г. Скопје. Српска револуционерна организација, запси за револуционерната дејност од 1903 до 1912 на српските четници во Македонија (Оргиналот се наога во САНУ, бр.13318)

копија, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XV/V/1-513

1946-1952 г. Спомени, четири дела кои даваат приказ за случувањата во Македонија. (Оргиналите се наоѓаат во архивот на САНУ под Бр. 13313, 13314, 13315, 13316)

копија, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XVI/1-203

1950-1956 г. Живот кроз живот (Оргиналот се наога во САНУ, бр.13317)

копија, отчукано

српскохрватски јазик

## 2 Бележници од прва светска војна

С.С. АЕ XVII/1-40

15.01.-31.07.1917 г. Солун. Бележник од I-та светска војна, I тетратка, Обработува поедини прашања, заедно со преписи на акти и вести од весници.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XVIII/1-59

Бележник – тетратка II, разни прибелешки од I-та светска војна од Велес, Прилеп, Битола, Солун од 16.X.1915 до 31.III.1916. Дневник во кој се опишани повлекувањето на српската војска и власти.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

## 3 Бележници од пратеничка дејност

С.С. АЕ XIX/I/1-76

Бележник I од пратеничка активност на Симиќ – една тетратка со белешки од разни политички собири, прием при кнезот Павле, д-р Стојадиновиќ и др.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XIX/II/1-87

Бележник II од пратеничката активност на Симиќ од 27.XII до 30.XII 1936 г. и од 1.I до 30.XII 1937 г. Тетратка со белешки од разни политички собири, карактеристики на поедини политичари

и др.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XIX/III/1-20

Бележник III – од пратеничката дејност на Симиќ.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XIX/IV/1-71

Бележник IV, во врска со активноста на Симиќ во својство на пратеник; ги опишува настаните и постапките на луѓето и белешки од политички собири од 05.05. до 30.12.1935 година.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

## 4 Бележници од втора светска војна

C.C. AE XX/I/1-26

Бележник I, дневник од Втората светска војна, од 25.III до 9.V 1941 година, за тројниот пакт, демонстрациите, доживувањата на војната во Скопје и првите денови од окупацијата. Белград

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XX/II/1-47

Бележник II, од Втората светска војна од 10.V до 28.VI 1941.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XX/III/1-48

<u>Бележник III</u>, дневник до Втората светска војна од 29.VI до 6.XI 1941 г. Воден во Белград,

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C AE XX/IV/1-46

<u>Бележник IV</u>, Дневник од Втората светска војна од 6.XII 1941 година до 21.I 43 г. Воден во Белград, поголем дел од содржината во него се однесува на настани во Србија и Македонија.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XX/V/1-41

<u>Бележник V</u>, Дневник од Втората светска војна воден во Белград од 21.01.1943 до 4.09.1944 година.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XX/VI/1-18

<u>Бележник VI</u>, од Втореата светска војна од 7.IX 1944 до 7.XII 1944.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XX/VII/1-6

Бележник, Скопље пред ослобоѓењем.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

## 5 Лексички материјал

C.C. AE XXI/1-41

Белешки – на одделни ливчиња, граѓа за Хрвати.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXII/1-2

Белешки за Кратово, цитати за Кратово од разни научници.

оргинал, отчукано

српскохрватски јазик.

C.C. AE XXIII/1-33

Разни скици и белешки за дела и личности, пишувани на одделни ливчиња.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик,

C.C. AE XXIV/1-199

Лексички материјал (зборови и говор од Кратово), азбучно средуван материјал.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик,

C.C. AE XXV/1-14

Белешки – граѓа за Бугари,

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

### 6 Блежници од секојдневието

C.C. AE XXVI/1-7

Белник под наслов „Рад једног интелектуалца“, дневник од секојдневието од 1.I 1948 до 12.XII 1950 г. (воден со прекини).

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXVII/1-41

Бележник – евиденција за трошоци водена од 1956 до 1962.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXVIII/1-9

Записи од „Св. Јован“ – Кратово.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXIX/1-9

Бележник, евиденција за должници на Симиќ.

оргинал, ракопис

српскохрватски јазик

## IV. Коресподенција

C.C. AE XXX/1

1932.VI.11, Љубљана, писмо од „Краљевска банска управа“ дравска бановине – Љубљана“ во врска со исплата за ракописи

на Симиќа за книгата „По ревизији“.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/2

1932.V.23, Скопје, писмо од „Трговачко-индустриска комора - Скопје“ во врска со откупот на 50 парчиња од книгата „По ревизији“ од С.С.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/3

1938.VI.9, Београд, писмо од „Српска краљевска академија“ до Стеван Симиќ, се известува дека неговиот ракопис „Живот и обичаји народни у Кратову“ ќе се печати во етнографскиот зборник по решение на Одборот.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/4

1940, Писмо од Етнографскиот одбор на Српската академија во врска со одлукатаза печатење на ракописот на С.С., „Живот и обичаји народа у Кратову“ со забелешка од Симиќ.

оргинал, отчукан и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/5

1951.VII.23, Београд, писмо од Српската академија на науките до Симиќ, се известува дека Одделението за општествени

науки (на предлог од проф. Недељковиќ) се решава да се печати ракописот на С.С. „Живот и обичаји народа у Кратову.“

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/6

1954.VI.10, Београд, писмо од Српската академија на науките, Одделението за општествени науки до С.С. известување дека ракописот „Записи инатписи за Кратова и кратовске околине“ и „Кратовске богомоље“ се прима за печатење.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/7

1957.IV.29, Београд, писмо (препис) – преставка, од С.С. до САНУ во врска со предлогот негов за ракописот.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/8-9

1957.XII.31, Кратово, писмо од Стеван Симиќ до САНУ во врска со предлогот на Академијата за делумното печатење на неговиот ракопис, бара да му се плати по највисоката скала.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С АЕ XXX/10

1958.II.24, Београд, писмо од САНУ до С.С. се известува за одлуката на Извршниот одбор во врска со неговите ракописи.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/11

1958.III.24 – Београд, писмо до САНУ до С.С., соопштение дека во прилог му го испраќаат решението за откуп на ракописите.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/12 1958.III.24, Београд, решение од САНУ до Симиќ, во врска со откупот на трите негови ракописи.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/13

1958.V.19, Београд, писмо од Стеван Симиќ до Српската академија со ккое моли да му се исплати 60% за печатење на ракописите.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/14

1958.X.14, Београд, уверение (писмо) од САНУ до С.С. за регулирање на пензијата по барање на С.С.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/15

1959.VI.11, Београд, писмо од С.С. до САНУ, бара да му се даде максимална награда и од одредената сума да не му се задржува на име аконотација.

оргинал, отчукан

српскохрватски јазик

C.C.AE XXX/16

1959.VII.3, Београд, писмо од САНУ до С.Симиќ со кое му се соопштува одлуката од Извршниот одбор во врска со откупот на ракописот „Живот и обичаји народа у Кратову“.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

C.C.AE XXX/17

1959.VIII.17, Београд, писмо од САНУ – Председнишво, до С.Симиќ, се известува дека од вкупната цена за ракописот „ Живот и обичаји народа у Кратову “ е повишена за 16.000 дин.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

C.C.AE XXX/18

1959.VIII.21, Скопје, сметко-потврда на 166.60 дин., примени од касата на Српската академија на науките, Белград, на име од вкупната цена за ракописот „Живот и обичаји народа у Кратову“, со потпис од Симиќ.

оригинал, отчукан

српски јазик

С.С. АЕ XXX/19

1959.IX.25, Скопје, преставка од Стеван Симиќ до САНУ, Београд за исплата на 150.000 динари нето за ракописот.

оригинал, отчукан

српски јазик.

С. С. АЕ XXX/20

1959.IX.29,

Београд, решение од САНУ за С.Симиќ, со кое се известувадека му се откупува ракописот „Живот и обичаји народа у Кратову“, препис оверен со печат од Српската академија.

оригинал, отчукан

српски јазик.

С.С. АЕ XXX/21

1959.X.17, Скопје, писмо од Симиќ до САНУ, констатира неправилност во пресметувањето на аконотацијата што треба да ја добие од САНУ за неговиот ракопис, бара да му се исплати целокупниот износ од 150.000 динари.

оригинал, отчукан

српски јазик

С.С. АЕ XXX/22

1959.XI.14, Београд, писмо од САНУ до С.С. – објаснение во врска со откупот на ракописот и исплатата на целокупната сума.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/23-24

1959.XI.23, Скопје, писмо од С.С. до САНУ – Београд, бара да се постапи според неговата преставка во врска со исплатата на ракописот.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/25-26

1960.I.19, Скопје, писмо од С.С. до САНУ – Београд, бара да се преиспита случајот околу исплатата за ракописот со пошироко образложение.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С.АЕ XXX/27

1960.XI.12, Београд, писмо од САНУ – издавачка дејност, „Научни дела“ – до Стеван Симиќ со кое се замолува да испрати слика.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С.АЕ XXX/28

1961.II.27, Скопје, писмо од С.С. до САНУ, интервенира поради долгото чекање за неговиот ракопис „ Живот и обичаји народа у Кратову “, за печат од 1937 година.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/29

1961.IV.1, Београд, писмо од САНУ до С.С. со кое му се соопштува дека ракописот „ Живот и обичаји народа у Кратову “ е откупен како граѓа.

оригинал, отчукан

српски јазик

С.С.АЕ XXX/30

1958.X.25, Београд, потврда од Српско-географско друштво за две објавени студии од С.С. во „Гласник“, „СГД“.

оригинал, отчукан

српски јазик

С.С. АЕ XXX/31

1958.XI.19, Загреб, потврда од ЈАЗУ за откупени два ракописа од С.С. од Одборот за народни живот и обичаји и 1 ракопис прифатен за печатење.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/32

1956.XII.6, Скопје, договор со Советот за школство на НРМ за откуп на ракописот „Наша старовременска шмкола“.

оригинал, отчукан,

македонски јазик

СС. АЕ XXX/33-34

1958.X.4, Скопје, уверение од Советот за школство до С.С.

дека е откупен ракописот „Наша старовременска школа“ и едно писмо од Симиќа до другарот Спасе Чучук во врска со истиот ракопис, 1 л. белешка од авторот во врска со тоа.

оригинал, отчукан,

македонски јазик

С.С. АЕ XXX/35

1959.X.14, Скопје, потврда од Катедрата за јужнословенски јазици до С.С. за откупената збирка на зборови од Кратовско со 15.000 збора.

оригинал, отчукан,

македонски јазик

С.С. АЕ XXX/36

1955.IX.28, Скопје, писмо до Уредништвото на весникот „Република“ – Београд со опширно образложение за условите на признавање на стажот.

оригинал, отчукан,

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/37-38

1923.VIII.4, Битола, писмо од епископ Битолски Јосиф до С.С. со кое му соопштуваат дека ќе бидат распродадени неговите книги.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/39-40

1953.X.27,Скопје, писмо од С.С. до Милан Шантиќ –

помошник директор во „Политика“ – Београд, објаснение во врска со примањето на пензијата.

оригинал, отчукан,

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/41

1954.X.14, Скопје, писмо од д-р Чедомир Симиќ до Стеван Симиќ во врска со печатењето на ракописот на Стеван Симиќ.

оригинал, отчукан,

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/42

1954.X.26, Скопје, писмо од Стеван Симиќ до Сретен Вукосављевиќ – Београд; моли молбата да се предаде на друштвото на новинарите на ФНРЈ и за интервенцијата да биде за примање во членстовото на споменатото.

оригинал, отчукан,

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/43-44

1955.XII.31, Београд, писмо од д-р М.Ѓ.Милоевиќ – „Министар на страни у пензији“ до С.С., препорака до Влада Симиќ и објаснувања во врска со остварувањето на пензиското право.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/45-46

1957.XI.6, Београд, писмо од Мица..... до С.С. во врска со интервенцијата околу откупот на ракописите на С.С.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C AE XXX/47

1958.II.1, Кратово, писмо од С.С. до Редакцијата на етнографскиот одбор при Српската академија на наукитее – Београд, моли да се оконча работата околу печатењето на неговите ракописи кои се одобрени за печат.

оригинал, отчукан,

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/48-49

1958.X.5, Београд, писмо од Бора Дробњаковиќ – дописен член на САНУ, научен соработник, уредник на етнографскиот зборник до Стефан Симиќ во врска со ракописите понудени за печатење и откуп при САНУ.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/50-51

1960.IV.29, ******* Стеван Симиќ до Бора Дробљаковиќ, во врска со исплатата на неговите ракопси.

оригинал, отчукан,

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/52-53

1958.VIII.22, Зајечар, писмо од епископ Тимочки Емилијан до Стеван Симиќ; одговор во врска со прашањата поставени од Симиќ за обновувањето на Охридската архиепископија, избор

на патријарх и  др.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ      XXX/54

1958.II.16, Београд, писмо од Милан Рајиќ до Стеван Симиќ со кое се известува дека го примил писмото и фотокопијата и дека му го купил Законот и му го писпратил.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ      XXX/55

1958.III.16, Београд, писмо на М.Рајиќ, го известува Симиќ дека ја примил уплатницата за испратената книга како и за разговорот со Гајдаш во книжарата на Академијата српска, за р.„Кратовске богомоље“ и го известува дека ќе биде печатен на 20 март. Го известува и за разговорот со Митре Влаховиќ, управник на Етнографскиот музеј и за неговото ветување дека ракописот ќе влезе во Гласникот на Музејот во оваа година.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ      XXX/56

1958.V.24, Београд, писмо на Милан Рајиќ со кое го известува Стеван Симиќ за повторниот разговор со Гајдаш во врска со печатењето на ракописот.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/57-58

1958.X.11., Београд, писмо од Милан Рајиќ до С.С. со кое се известува дека ја прочитал книгата на Стеван Симиќ „Чича Арса“ како и други работи на кои повторно се навратувал со читање, бидејки му се допаднале.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C AE XXX/59-60

1959.I.25, Београд, преписка со Милан Рајиќ ** *** во врска со посетата на неговата ќерка и раговорот со неа за нејзиното одење во Скопје кај татко и (Стеван Симиќ).

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/61

1960.V.31, Београд, писмо од Милан Рајиќ до С.С. со кое му соопштува за разговорот со Лежимирац кој ги испратил коректурите во Скопје на Симиќа и дека се вратле назад па повторно се испраќани.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXX/62

1960.XI.12, Београд, писмо од М.Р. до С.С. соопштува за „Кратовски храмови“ – сепарат дека го примил ракописот и искажува свое мислење за овој прилог, како и некои општи разговори околу станот.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/63

1960.IX.19, Нишка Бања, писмо (дописна карта) од М.Р. до С.С.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/64

1959.VI.11, Београд, писмо од Коста Дошен – директор на гимназија, во пензија, до Стеван Симиќ во врска со заземањето на ставот за пензија.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/65-68

1959.X.2, Београд, писмо од Љ.Алексиќ до С.С., изнесува сеќавања за работата на училиштето во Скопје во 1919 година.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/69

1959.XII.28, Београд, писмо од Коста Петковиќ – академик, со кое му благодари на Симиќа за испратената честитка,

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/70

1960.IX.5, Београд, писмо од генералот во пензија Вој. Ѓ.Костиќ до С.С., известува дека испраќа сепарат од сп. „Ратник“ од 1928 година.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/71

1952.II.17, Сарајево, писмо од Миленко Филиповиќ, професор до Стеван Симиќ во врска со ракописот „Сеќавање од свијиќу“ како и за односите со САНУ.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/72

1962.IV.11, Сарајево, писмо од Миленко Филиповиќ, професор, до Стеван Симиќ во врска со ракописот за „Страцин“. Го известува дека го предал на Академијата.

оригинал, отчукано

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/73-78

1946-1947. Преписка со членови од семејството и роднини.

оригинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/79-86

1946-1960. Преписка со пријатели и познаници; 3 писма, 3 дописни карти, 1 разгледница и 1 покана за свадба.

оригинал, отчукано и ракопис

српскохрватски јазик

С.С. АЕ XXX/87

Туѓа кореспонденција, 1 писмо

оригинал, отчукано

француски јазик

## V Фотографии

1. Лични фотографии

С.С. АЕ XXXI/1/1-40

1909-1957. Фотографии на кои е сам како студент во Белград и Кратово

С.С. АЕ XXXI/2/1-11

1926-1938. Со семејството

С.С. АЕ XXXI/3/1-24

1923-1927. Како професор од неговата педагошка дејност и директор во велешката гимназија

С.С. АЕ XXXI/4/1-46

1934-1939 г. Од дејноста како народен пратеник

С.С. АЕ XXXI/5/1-3

1937-1939 г. Како народен пратеник и неговото ангажирање во подигнување на чешми

С.С. АЕ XXXI/6/1-4

1931-1935 г. Со неговите роднини

C.C. AE XXXI/7/1-11

1937-1938 г. Од пратеничката чешма и подигнување на чешми во Кратовската област

2. Туѓи фотографии

C.C. AE XXXII/1-174

1912- 1938 г. Фотографии од Кратово и Кратовската област

,

## VI. Документационен материјал

1 Литертура и исечоци од весници за неговите

објавени дел

C.C. AE XXXIII/1-2

1948 г. Београд. Трифуновски Јован “Стеван Симиќ”, Гласник српско географског друштва.

копија

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXIII/3-15

1923. Београд.Разни прикази за неговите дела и преписи од статии објавени во весници и списанија.

оригинал, ракопис

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXIII/16-30

1923-1933 г. Исечоци од весници за делата на Стеван Симиќ од

кои, Велешки манастир Св. Димитрија Велес, Охрид, Чича Арса, На прагу Отаџбине и Тешки искушенија во царство на демоните

оригинал,

српскохрватски јазик

2 Исечоци од весници за неговата дејност

како професор, директор на гимназии

C.C. AE XXXIV/1-6

1959 г. Разни исечоци од весници за неговата професорска дејност.

оригинал,

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXIV/I/1-17

1920-1924 г. Велешката гимназија и успехот на С. Симиќ како директор.

оригинал,

српскохрватски јазик

**VII Библиотечен материјал**

1. Негови дела (книги)

C.C. AE XXXV/I/1-55

1932 г. Скопје. Стеван Симиќ “По ревизије”, приказ од животот во Јужна србија

оригинал,

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXV/II/1-8

1957 г. Белград. С. Симиќ “Урвине у околине Кратово” сепарат објавен во Гласник српског географског друштва.

оригинал,

српскохрватски јазик

2. Книги (сепарати) на други автори

C.C. AE XXXVI/1-45

1944 г. Томашевиќ Жарко, “Смрт Горча Кратовца” спев во десет пеења.

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXVII/1-2

Велика Британија и Ирска

оригинал, отчукан

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXVIII/1/1-2

1960 г. Сепарат од др. Јован Трифуновски, Тридесетпедгодишница научног рада професора Миленка С. Филиповиќ.

оригинал,

српскохрватски јазик

C.C. AE XXXVIII/2/1-24 1928 г. Мариќ М. Љубомир, Један значајан догађај из пробаја Солунског фронта, Разоружавање на Бугарите кај Младо

| | | |
|---|---|---|
| | | Нагоричани, Ратник<br>оригинал,<br>српскохрватски јазик |
| C.C. AE | XXXIX/1-12 | Разно – Varia<br>оригинал, ракопис и отчукано<br>српскохрватски јазик |

# Четврта Глава

## Вредност (валоризација) и значење на фондот „Стеван Симиќ"

Стеван Симиќ е роден во Кратово на 9 мај 1882 година[94] од татко Симо Трајковиќ и мајка Ефимија. Татко му бил занаетчија- мутафџија, мајка му домаќинка. Во својот родителски дом и во основното училиште се напојувал со љубов кон татковината, вредностите и упорноста во работата. Неговите одлики останале неразделен дел од своето битие до крајот на својот живот. Своето основно образование го започнува 1890 година во родното место кај учителот Стефче Максимивиќ[95], кај кого ја изучува словенската азбука, букварот и почетните страни на часловецот. Но поради несредените политички прилики во тоа време и школувањето на Симиќ не се одвивало нормално. Започнатото основно образование го продолжува во 1891 година во Српското училиште во Кратово, а го завршува во 1894 година.

Надареноста и бистрината на духот го определија Стеван Симиќ да учи и да ја заврши српската нижа гимназија во Скопје, а по нејзиното завршување се запишува во вишата гимназија во Цариград која ја завршува во 1901 година. По завршувањето на гимназијата првата служба на Стеван Симиќ му започнува како учител во село Туралево кај Кратово на 2 август 1901, но истата година во месец декември е преместен во Куманово за наставник во граѓанската школа и овде останува до 30 септември 1902 година каде што самиот си дава отказ од службата.

[94] Според некои извори роден е на 5 мај 1882 година
[95] Роден во Кратово 1815 година каде што ја започнува учителската дејност во 1835 година и непрекинато ја извршува се до 1892.година. Во Кратово и кратовската област уште бил познат и како Даскал Стевчо. Умира во 1897 година.



Сл.3 Стеван Симиќ како студент на филозофскиот факултет во Белград 1904 година

Во 1902 година заминува во Белград каде се запишува на Филозофскиот факултет во групата географија со антропологија и историја на србите и општа историја. За време на студиите земал видно учество во сите манифестации на народниот живот и младинските проекти. Високото образование го завршил на 15.09.1906 год каде што дипломирал кај Јован Цвииќ[96]. Како студент на филозофскиот факултет земал учество во револуционерната организација која ја предводел Др. Милорад Гоќевац. По завршувањето на високата школа и по пауза од неколку години повторно започнува да работи на просветната работа. На 15 септември 1906 година е поставен за суплент во гимназијата во

[96] Јован Цвииќ е роден во Лозница тогашно Кнежество Србија на 11 октомври 1865 година. Тој е српски научник основач на Српското географско друштво, бил претседател на Српската кралска академија, денес Српската академија на науки и уметности, професор и ректор на Белградскиот универзитет, почесен доктор на Универзитетот на Сорбона и Карловачкиот иниверзитет во Прага. Се занимавал со социјалната и физичката географија, геоморфологија, етнографија, геологија, антропологија и историја. Тој се смета за основач на Српската географија. Умира во Белград на 16 јануари 1927 во тогашното Кралство на СХС.

Битола, се до 10 јануари 1907 година  каде е преместен во Плевље[97], по потреба на службата. Во Плевље останува да работи неполна година, каде на 25 август истата година е преместен во Солун, каде што останува до 2 септември 1910 година до кога се укинува Солунската гимназија, па од тука е преместен за Скопје, а на 29 април 1911 година е унапреден за професор.

Државниот испит го полага во 1911 година со темата Антропографските испитувања на картовската област, која му била примена за печатење но поради тоа што започнува првата светска војна не се отпечатува. Во ноември 1911 година е преместен од Скопската во Велешката гимназија. Делувал во просветните и политичко – националните работи каде во тоа бурно време се распаѓало Турското царство. Активно учествувал во тогашните случувања и се залагал за одбрана на правата на народот и за неговата ослободување под турско владеење со работа. Од Солун Стеван Симиќ земал учество во научните испитувања со својот учител во јужна Македонија со кои секогаш одржувал блиски врски.

По првата светска војна на 19 октомври 1919 година поставен е за професор – директор на гимназијата во Гнилање. На негово барање е пензиониран 18 март 1920 година, а на 27 август истата година е реактивиран и повторно вратен на работа во Гнилање.

Со указ на 15 мај 1922 година од министерството за просвета на тогашното кралство СХС е поставен за директор и професор во гимазијата во Велес, а на 30 октомври 1922 година е поставен за директор од прва класа во Велес . Во 1924 година повторно е преместен со указ во Охрид за директор на гимназијата, а следната година исто така со указ е преместен за директор на гимназија во Скопје. На 21 август 1925 година е преместен во Призрен за директор на гимназијата, а во 1927 година е унапреден во трета група прва категорија.

[97]Се наоѓа во Рашка или поточно Новипазарската околина, Турците го нарекуваат и уште Таслиџе.


Његово Величанство
Александар
по милости Божјој и вољи Народној
Краљ Срба, Хрвата и Словенаца
На предлог Господина Министра Просвете
благоволео је указом Својим од данашњег поставити:
За директора и професора у Гимназији у Велесу СТЕВАНА СИМИЋА, професора исте гимназије.
у Београду 15 маја 19 22. год.
С.Н. Бр. 7663
По наредби Министра Просвете,

Сл.4 Указ од крал Александар Карагорѓевиќ за именување на Стеван Симиќ за директор на Велешката гимназија

Во 1929 година поради несогласувањето со партиското опкружување и на негова молба се пензионира[98]. На споменатите должности ја подобрил наставата, бил добар предавач и многу е придонесол за организирање на претходни гимназии.

Во народното собрание за пратеник е избран на 5 мај 1935 година[99]. Во текот на неговиот мандат како пратеник во Народното собрание говорел шест пати, како прв говор се однесувал на внатрешната политика и храватското прашање, додека во другите говорел за просветната политика, социјалната, надворешната, понатаму за музеите и други проблеми[100].

Почетокот на Втората светска Војна Стеван Симиќ заминува и засолнува во Белград каде останува до самиот крај на војната. По завршувањето на војната Симиќ се враќа во Скопје во својата куќа, каде го чекало непријатност. Новите власти не само кон

---

[98] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симиќ к-1, АЕ 1, 1-6

[99] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симиќ к-1, АЕ I , 158

[100] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симиќ к-1, АЕ I , 171; Говор народног посланика СТЕВАН СИМИЌ Директора Гиманзије у пензији, Скопље 1937, 1938 година. Во своите говори во народното собрани говорел за Македонија каде секогаш изјавувал дека овој простор е ЈУЖНА СРБИЈА А НЕ МАКЕДОНИЈА.

него се однесувале лошо и спрема сите српски националисти во Скопје. Со самото вр́ќање тој не сакал да ја прифати македонската националност ни да го промени презимето и изјасни како македонец во Македонската држава. Властите во Македонија на било кој начин сакале да го казнат но поради тоа што немал никаква прекршочна или било каква постапка, па спрема него е применета тивка казна, во кој му се одземени граѓанските права. Слично се постапувало кон него и за неговото право на пензија, каде македонските власти не скале да ја признаат. Но после тешки и упорни борби со бирократијата, упеал во Белград да докаже да има право на пензија[101].

По кратко боледување на 25 јули 1962 година во својот дом во Скопје починал Стеван Симиќ, директор на гимназијата во пензија. Иако со страв се предвидувало неповолното завршување на болеста, надежта не се губила се додека не престанало да тропа издржливото срце, додека засекогаш не се склопиле очите и не се затвориле усните, од кои не се слушнал зборот болка ниту на болесното лице не се манифестирале знаци на стрв од смрт[102].

Истражувањата на Стефан Симиќ денес претставуваат вреден историски извор за животот во повеќе области во Македонија. Неговите записи и белешки ни даваат една концизна слика за областите што ги истражувал, каде соддржат податоци што можат да бидат од осбено значање за проучување на историјата, географијата, етногеографијата етнологијата, историјата на секојдневниот живот итн. Истражувањата на Симиќ се особено вредни и поради времето во кое се извршени, период од балканските војни и двете светски војни.

Во неговите записи запишил дека од самото ослободување на Стара Србија и Македонија во 1912 година од првиот ден се пишувало дека овие области се наизразените претставници на политичкиот, економскиот и културно – просветнио живот во стара средновековна Србија, кои се колевката на српскиот народ, во кои е започнала српската писменост и книжевност, литература, архитектонски споменици, уметнички творби и цивилизација, области во кои е прогласена српската патријаршија и српското царство,

[101] Српска Академија на Науките и Уметностите, Вардарски Зборник 8, Београд 2011 година, стр. 220
[102] Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena knj. 42, Zagreb 1964. g. str. 773-774

дека тие се нивни класични земји, во кои е родена и цветала словенската култура, каде е донесен Душановиот закон, а како доказ за тоа се многубројните српски средновековни архитектонски споменици со изворедни фрески[103]. Од минатото па до денес постојат неколку стотини напуштени и срушени, но и добро сочувани споменици, кои со векови го подржувале националното самоопределување и непоколебливоста вера за подобри и срекни денови.

Интересни се неговите истражувања и записи за кратовската област каде ни дава едне опширен приказ за историјата на оваа област и самиот град Кратово но и геграфијата каде е лоцирана со нејзините природни предели.

Кратовската област како природен тектонски склоп ги опфаќала пределите во сливот на реката Повишница, Кратовска или Табачка река, поголемиот дел од Злетовица и подножјето на планината Лисец се до Крива река, на север се граничи со пределот Славишко поле и Бреза, највисокиот врв на Лисца, на исток Пониква, Зеленаградска планина и Синковец, кои воедно ја сочинуваат вододелницата помеѓу Кочанска и Злетовска река, према југ се граничи со Овче Поле а на запад со Крива река и вододелницата помеѓу Повишница и Рударска река. Површината на оваа област изнесува 515 км квадратни[104].

Населените места кои се наоѓале во кратовската област главно се поделени на три групи Планински, Полски и Шопски населби. Во планинските населби спаѓале Кратово, Злетово, Турско Рудари, Шталковица Древено, Лесново и други, полските населби ги сочинувале Шлегово, Приковци, Гризаљевци, Пробиштип, Добрево, Тураљево итн., и шопските населби Врбица, Железница, Киклица, Шопско Рудари, Коњух и др.

Уште во најстаро време, на целата половина на Балканскиот полуостров се сретнуваат племиња под различни имиња. Едно од тие е Тракиското племе кое се населува во брдата помеѓу Горна Струма и Вардар, кои се викале Пеони. По ова племе цела денешна Кратовска област и околните предели се нарекувала Пеонија. За време на

---

[103] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/V/ , 311

[104] Стеван Симић ,Историја Кратовске области, Београд, прештампано из Годешњице Николе Чупиќа, књ. XXXIII, 1914 г, стр. 141

Римскиот период целиот централен дел на Балканскот полуостров се именувал како Дарданија во кој главен град бил Скупи, денешно Скопје. Според ова и Кратовската област била составен дел од Дарданија. Во текот на владеењето на императорот Василиј II, почетокот на 11 век Кратовската област се спомнува под името Злетово. Ова име го задржале се до XV века кога со напредокот на Кратово како еден силен рударски центар престанало да се именува како Злетово, а ова име се задржало само на едно село.

Денес Кратововската област позната е кај народот како Кратовски крај, Кратовска каза или скратено Кратовско[105].

Меѓутоа што се однесува до Кратово, во минатото немало доволно податоци за него. Се наоѓал во тесна котлина каде од сите страни бил опколен со планински венци, а околината била груба и оскудна, но богата со рудно богатство, што ова место може да постане само рударска населба. За време на Римската империја некаде во кратовската област постоел град по името Транупара, од овде се зема во предвид дека името во римскиот перод на Кратово било Транупара. Нешто покасно во XII век кај арпскиот географ Едриз се спомнува како Кортос или Коритос[106].

Во 1189 година Кратовската област влегла во составот на Рашка или Србија, кога Стеван Немања во договор со германскиот цар Фридрих Барбароса ги нападнал византиските земји и во таа прилика ги освоил Софиската област со градовите Перник, Стобом и Земин, потоа Жиглево, Скопје и др места. За време на Душановото владеење кратовските области биле во владеење на војводата Јован Оливер. По смртта на цар Душан во 1355 година овие области биле под владеени на браќата Драган и Костадин Дејановиќ кои управувале самостојно се до 26 септември 1371 година по Маричката битка станале вазали на Турската империја. Со битката на Ровине 17 мај 1395 година и смртта на браќата Дејановиќ овие области подпаѓаат по Турска власт.

[105] Ibidem, стр. 147
[106] Ibidem, стр. 151-152

Српското владеење со Кратовската област била најубавата епоха во историјата. Никогаш од тогаш Кратово со својата околина не забележал толку многу културни богатства и напредок, како што е за време на Немања и браќата Дејановиќ[107].

Првиод период од турското владеење во Кратовската област го одбележал голем застој. Трговијата била сведена на минмум, а рударството и самите рудници биле запуштено. Сепак во XVI Век Кратово со своето рудно богатсво го достигнува зенитот и бил едно од значајните места во цела Европска Турција[108].

Интерсни се записите за Кратово кои ни доваѓаат од турскиот патописец Евлија Челебија во 1660 година каде го опишува како град сместен помеѓу планини и се наоѓа во средина на една клисура, има 800 куќи од тврд материјал. Во градот имало 350 дуќани во кои работеле секакви еснафи. Поради тоа што во овој град се наоѓа многу бакарна руда, овде бакар се изработувале многу поубаво од Босна и Костамониј.[109]

Во почетокот на XIX век во кратовската област на поранешните места почнало повторно да се вади и обработува руда. Од интерес било да рударска управа во исто време која била и политичко-административен апарат да ја преземе работата во надлежност на турската држава.

Кратово и неговата околина било старо рударско место, во кој постоеле топилници каде се топела руда и се добивала благородни метали уште од римски времиња. Рударството во овие прдели било развиено и во времето на крал Милутин и цар Душан. Рудниците биле користени и од Турците, па за вереме на Сулејман II и Селим II се ковале монети. За ова време Кратово се развило во богата рударска населба, каде се истакнувале кулите кои биле подигнувани од страна на сопствениците на рудниците и топилниците, во кои се чувале металите добиени од преработката на рудата. Кулите опстанале и во текот на деветнаесетиот век кога рударството почнало да изумира во картовскиот крај, а опстанале и во дваесетиот век па се до денес. Во минатото не се сфаќала нивната историска и архитектонска вредност дури ни по ослободувањето на овие области од турските власти и преземањето од српските власти не обрнувале премногу внимание на

[107] Ibidem, стр. 153-157
[108] Ibidem, стр. 162
[109] Ibidem, стр. 166

нив. Интерсен е податокот каде една од кулите која била срушена по налог на претседателот на општината, а од самите камења која е градена кулата да се искористат за калдрамисање на улиците. За да укаже на вредноста на кулите и да го спречи рушењето Симиќ купил една од кулите.

Во 1934 година Ставан Симиќ купил една од шесте кули која денес е позната како Симиќева кула[110], ја преуредил со сопствени средства, каде поставил значајна музејска збирка. За време на Втора светска војна Симиќевата кула била провалена каде што се ограбени сите музејски експонати, биле уништени сите врати, прозори и мебел кои биле затекнати[111].

Во Кратово постојат шест камени кули, а до 1914 година биле седум. Според извештајот на архебискупот Петар Богданович во Кратово во 1685 година имало осум кули. Но во некои делови од градот има уште четитири кули кои се срушени а останале само основите, каде што според ова Кратово некогаш имало дванаесет кули и тоа пет на десна и седум на левата страна на Табачка река. Сите кули се зидани од обработен камен и малтер, но обработениот камен е користен и за аглите, вратите, прозорите и скалилата. Од остнатите шест кули кои денес некои делумно а некои целосно оштетени се Симиќевата кула (порано Абедин Ефенди), Хаџи Косовата кула, Емин беговата кула, Саат кула, Златкова кула, Крстева кула[112].

Неговите истражувања и записи се доста значајни во делот кон архитектурата со кој ни дава прецизни податоци за некои стари градби како што се манастири и цркви нивната историја, местоположба итн. Во монографиите за Лесновскиот манастир и Велешкиот манастир ни дава еден убав и опширен приказ.

Положбата на Лесновскиот манастир св. Отец Гаврил е поставена во источната половина на Кратовската област, кај сливот на Злетовица се наоѓа една голема населба од збиен тип под името Лесново која имала 120 домови. Поставена е помеѓу еруптивна

---

[110] Стеван Симиќ оваа кула ја купил на 10 август 1934 година од кратовскиот трговец Давид Гранаревич, која била најубава и најзачувана, подигната во делот на Кратово кој се викал Доња Махала.Култа била четвороаголна на четири спрата изградена од цврст камен која е до 1924 година била во сопственост на браќата Аџер, Рифат и Мехмед Абединович.

[111] Српска Академија на Науките и Уметностите, Вардарски Зборник 8, Београд 2011 година, стр. 219

[112] Гласник Скопског Научног Друштва, 8 Скопље 1940 година, Стеван Симиќ, Кратовски Кули, стр.145

вулканска купа. Ова е еден голем и доста интересн кратер каде ги има доста во оваа област.

Самиот храм е поставен во еден просторен и калдрамисан двор кој од сите страни е обграден со високи ѕидини и двоспратни згради. Во средина на северното крило се наоѓа четириспратна камена кула каде на самиот кров е поставено манастирското ѕвоно, а на источното крило е голема трепезарија. Освен ова околу црквата се наоѓаат и штали, казаници, кујна, печка за печење на леб и разни други потребни градби, а пред западните црковни врати е  поставена една убава чешма која изобилува со ладна планинска вода.

Храмот на овој манстир има правоаголна основа во облик на “брод”. На источната страна е продолжен во полуаголна олтарска апсида, а на запад е простран нартекс, кој со старите градби е подоцна припоен. Самата црква е покриена со олово, има две убави кули. Овој храм е изрграден со архитектонско знаење и уметнички вкус. Но кога самиот човек ке се загледа може да забележи дека храмот е составен од две одделенија, кое едно со друго се припојуваат, а ако го земиме во обзир и нартексот тогаш лесновскиот храм го сочинуваат три посебни градби. Првите биле изградени од 1341 до 1349 година додека нартексот во вторат половина на XVI век[113].

Во внатрешноста на храмот е и самиот олтар кој се наоѓа во источното одделение а е одвоен од останатите со дрвен иконостас, на кој, како што е секаде оставени се три врати варските двери и бочни влезови или споредна северна и јужна врата. Иконостасот кој стои како преграда за олтарт настанал порано некаде во XIX век од страна на тајфата на Петре Филиповски Гарката. Самиот иконоста е во длабока резба од ореово дрво[114].

Самиот храм е живописен со ликови на светци, апостоли, од разни старозаветни и новозаветни епизоди од животот на поедини пророци, Христа и негови следбеници. Живописот е доста стар од самата градба, записите на грчки јазик кои се наогаат на вратата од средината на храмот, потврдува да е овој храм ѕидан и исписан за време на Деспотот Јован Оливер и цар Душан во 1349 година.

---

[113] Стеван Симиќ, Лесновски манастир св. Оца Гаврила, Београд. изд. Свештеничког удружења у Београду, 1912 г. стр. 7

[114] Ibidem, стр.13

Од сите слики кои се нацртани на некои ѕидови најинтересни и историски најважни се сликите на Деспот Јован Оливер, Цар Душан и Царица Јелена. Овде Симиќ ни дава еден убав, точен и верен опис на сликите каде остава простор за понатамошно истражување на стручните лица кои се определиле за проучување на фреско – живописите.

Според најстарото прологшко житие на свети Гаврил Лесновски, кое што го напишал Станислав Граматик во 1330 година, оваа света обител потекнува некаде од 11 век, а го основал самиот св. Гаврил Лесновски и го посветил на Свети Архангел Михаил. Околу манастирот се подигнати бројни свети места – помали манастири, параклиси, испосници и скитови, кои биле во функција на познатата препишувачка лесновкска книжевна школа. Подоцна тие во време на Османлиското ропство биле разрушени. Од 1341 до 1349 година Јован Оливер го возобновил храмот каде подигнал две одделенија[115].

Во неа е прикажан самиот манастир, положбата, архитектурата, фреско – живописот, настанувањето на манастирот, неговото обновување, околината каде што се наога манастирот и односот на населението спрема манастирот.

Во велешката област денес постојат седум манастири и тоа Свети Јован Чичевски, Св. Архангел, Цар Константин и Царица Елена, Св. Богородица, Св. Никола, Св. Атанас и Велешкиот Св. Димитрија[116].

На десната страна од Велешката клисура, помеѓу Варадар и неговата притока Тополка на само два километри јужно од Велес се наоѓа манастирот Св. Димитрија. За настанувањето на манастирот датирањето е од постаро време, за коешто ни сведочат извесни историски податоци, запишани од повеќе патеписци, историчари, археолозии раскажување на постари луѓе. Но, како и да е, предност за постанокот на манастирот му се дава на средновековието. Не може да се негира и претпоставката оти овој храм потекнува од многу постаро време, кога уште постоел стариот град Вилазора. Само, се разбира, тогашното постоење на манастирот, не можело да ги има денешните димензии, од XIV век, кога го обновил властелинот на цар Душан, Раденко со својата мајка[117].

[115] Ibidem, стр.45-56
[116] Стеван Симиќ, Велешки манастир св. Димитрија, Скопље 1923 г, стр.5
[117] Ibidem, стр.12

Храмот е поставен на правоаголна основа со триаголна апсида, На западната страна, над главниот влез се наоѓа четвроаголна звонара. Во храмот има три врати од кои две се на северниот ѕид, каде на првата е сликата на Св. Димитрија а на втората ликот на Богородица. На олтарот е троаголна асиметрична апсида со еден мал прозор на средина. Храмот е доста темен затоа што на север се наоѓаат само два прозори. Живописот на црквата е доста богат а се наогаат слики и на кралот Стеван Дечански и Св. Гаврил Лесновски[118].

Во самото истражување за манастирот ни е прикажана положбата, архитектурата, фреско – живописот, настанувањето на манастирот, неговото обновување, околината каде што се наогат манастирот (црква Св. Никола, Маркова механа, Света Пречиста, Св. Недеља) и односот на населението спрема манастирот[119]. Самата монографија има интерсни и успешни снимки од самиот манастир, фреските и манастирката околина.

Интересен е ракописот "Наша старовремска школа" кој богато илустриран со слики и цртежи, каде ја опишува просветата во XIX век на какво ниво била. Во него ни дава слика како функционирал животот и работењето на школите, кој низ вековите ја одржувале писменоста и културата.

Школските згради биле сместени во приватни градски и селски куќи, но и често во кокошарници, плевни или под било какви дрвени конструкции, додека на некио места наставата била одржувана и по црковните препрати, ако школата е била во црковната зграда, или или некаде во близина, но често и на гробишта. Имало и случаеви предавањето да било и по подруми, што важело за поединечни села[120].

Објектите во кои се одржувала наставата биле мали обоени со кал, со еден или два прозора, кои во есен биле обложени со хартија. Таваните биле ниски кои можел секој ученик да ги дофати, на еден крај од собата имало ѕидана печка од керамиди или цигли а во некои простории камини. Покрај ѕидовите се наогале ниски миндери високи од десет до петнаесет сантиметри. Подот бил претежно од земја, но и имало и од даски кои биле

---

[118] Ibidem, стр.6-11
[119] Стеван Симиќ, Велешки манастир св. Димитрија, Скопље 1923 г.

[120] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симиќ к-2, АЕ III/2 , 2

облежени со кал. Учениците седеле на миндерите а учителот во еден агол од просторијата. По селските школи ништо немало од ова, на подот била сламена рагожа, на кој во круг седеле учениците додека учителот седел на почетокот на кругот. Во некио школи почнале да се снабдуваат со ниски клупи на четири ногарки на кој седеле учениците додека учителот седел на троножно столче, а во градовите почнале да се појавуваат таканаречените тронови за даскалите кои имале скалила, додека под нив бил затвор за казнување на учениците. Учителите претежно биле народни и приватни, но освен со образовната дејност тие се занимавале и со занаетчиство некои од нив биле терзии, бакалџии, муфтаџии, градежници, книговезалци и др

Работењето во школите траело без прекин, низ цела календарска година. Одмор е било само во недела и за празник. Почетниците оделе во школо најчесто на чисти понеделник или на чиста среда. Децата обично оделе на школо по навршување на седум години додека имало и случаеви да одат и нешто порано по навршување на шест години. Денот на поаѓање претставувал една убава свеченост која е попишана на овој начин: Родителите го информирале учителот со молба да дојде заедно со учениците по новиот ученик. Потоа го информирале свештеникот и сите роднини, пријатели и соседи. Детето еден и два дена однапред е носено во купатило да се искапи, па пред појдувањето во школо се облекувала во нова облека.

Во школите не се работело по некакви пишани закони, уредби или парвилници, но по посветена народна традиција со кои биле запознаени сите жители и дасаклот со учениците. Освен со изучување на азбуката во школите имале во употреба и голем број на учебници како што се Буквар, Наусница, Псалтир, Светче, Апостол и Јеванџеле, Богородичен Акатист идр.

По ослободувањето на Скопје 1912 година[121], српската власт ја имала во раце целокупната турска архива од времето на падот на Скопје по турски валст.[122] Турската архива била сместена во посебна зграда од тврд материјал која била во дворот на уќуматот. Таа била внимателно уредена и чувана како големо богатство. Не само за

[121] После победата во Кумановската битка 23-24 октомври 1912 година, Првата српска армија на 26 октомври влегла во Скопје.
[122] На 6 јануари 1392 година Скопје е освоен од страна на Османлиите.

Турците туку и за секој кој ке ја поседува оваа документација претставувало голема ризница за запознавање на културната историја за народот кој живеел на овие територии. Но по ослободувањето на Скопје некој од Српските воени власти ја обива бравата на оваа зграда со цел дека ќе пронајди нешто друго, за жал потоа доста од архивата завршила во раце на алвациите и бакалџиите со тоа што ја користеле за трговската стока, како и по самиот двор. Симиќ во врска со ова ни опишува како Српските офицери уште во воената академија учеле да во прилика на освојување било каква територија од непријателите треба да зачуваат, освен останатото, и сите археолошки објекти и архиви, вакви инструкции добивале и цивилните власти но за жал се ова било заборавено[123].

Со овој запис Симиќ ни дава една историска слика како треба да се постапува со културните богатства на една земја под окупација и како секој архивски материјал е важен за историјата на еден народ.

Од историска гледна точка големо е значењето на создавањето и работењето на српската револуционерна организација во која самиот Стеван Симиќ земал учество во неа, а од неговите записи ни дава една претстава за самата организација.

Почетокот на 20 век Македонија постанала арена за политички борби помеѓу Србија, Бугарија и Грција, при што голема улога е играла стратешката цел кој да ја добие Вардарска долина, а во овој случај Србија за да излезе на Егејско море. Претензијата која ја имале овие држави се засновало на историското право на владеење на оваа територија и на етничкиот состав на населението. Во Белград 1886 година се основало дрштвото Свети Сава која за цел имала да делува просветителски во Стара Србија и Македонија. Во Србија 1902 година се создала четничката организација кој еден од предводниците бил и самиот Стеван Симиќ. Тој земал учество и поради што неговото родно Кратово и целата кратовска област од крајот на 1890 година, а поточно после неуспехот на Илинденското востание било центар на тешки очани крвави борби и тамошното населени кој со сила било натерано од бугарските комитски чети да ја прифата егзархијата и бугарското национално име. Стеван Симиќ е меѓу првите кој се на тоа спротиставил, работејќи со сите сили бугаризацијата на Србите од неговиот крај да се отстрани на секој начин.

[123] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/VI/ , 71

Ништо не е случајно што пред соборувањето на Александар Обреновиќ почетокот на мај 1903 година во Белград е формирана организацијата Словенски Југ како студенско културно просветно друштво кое имало за цел соединување на сите јужнословенски народи. После мајскиот преврт[124] во 1903 друштвото значително ги зајакнало своите позиции и го активарало своето делување и во Албанија, Македониаја и Босна и Херцеговина. Еден од главните основачи бил Милан Прбечевиќ додека други активисти во организацијата биле капетан Јаков Недановиќ, поручник Мирко Наумовиќ, службеник од министерството за надворешни работи Љубомир Нешиќ, Љубо Јовановиќ[125] кој го има напишано статусот на организацијата и др. Милорад Гоќевац заедно со Стеван Симиќ биле значајна фигури во организаја на српското четничко движење во Македонија и Стара Србија. Во тесни врски со организацијата практично се наоѓале сите значајни фигури на српската политика посебно Љ. Давидовиќ[126], Ј. Продановиќ[127], Ж. Живановиќ[128], а и офицерите кои биле учесници во мајскиот преврт генерал Генерал Јован Атанацковиќ, мајор Петар Пешиќ[129] и поручник Живојин Рафајловиќ[130].[131]

---

[124] Мајски преврт е државен удар во које убиен кралот Александар Обренович и неговата сопруга а со тоа е прекината лозата на династијата Обреновиќ, која е била на престолот на Србија од средината на 19 век. После пресвртот на чело на Србија застанала династијата Карагоргевиќ. Превртот имал големо влијание врз односот на Србија со европските сили, затоа што Обренович политички се потпирал на Австро – Унгарија, а Каракоргевиќ на Франција.Самото случување, убиство на кралот и кралицата го спровеле група на офицери и цивили на кој на чело бил офицерот Драгутин Димитриевиќ Апис ноќта помеѓу 28 мај и 29 мај 1903 година (по стра календар).

[125] Љубомир Јовановиќ е роден Котор 14 февруари 1865 година бил српски историчар и политичар, редовен професор на Универзитетот во Белград, министер за просвета и министер за внатрешни работи. Умира на 10 февруари 1928 година во Белград.

[126] Љубомир М. Давидовиќ роден е Влашка 24 декември 1863 година е српски и југословенски политичар, државник кој 1912 година е постанал лидер на самосталната радикална странка, основач и лидер на Демократскат странка од 1919 година. Умира на 19 февруари 1940 година во Белград.

[127] Јаша Продановиќ е роден Чачак 23 април 1867 година е српски политичар, публицист и книжевник. Умира на 1 јуни 1948 година во Белград.

[128] Живан Живановиќ роден е Живковсци 26 октомври 1852 година бил српски политичар и публицист. Умира на 17 мај 1931 година во Београд.

[129] Петар Пешиќ роден во Ниш 26 септември 1871 година е генерал на српската војска, сердар на црногорскта војска, а во војската на Кралството Југославија бил армиски генерал. Во својата кариера бил министер за војна и началник на генералштабот на војската на Кралството Југославија. Умира во Белград на 6 септември 1944 година.

[130] Живојин Рафајловиќ роден е Мионица 1871 година бил срспски офицер, политичар, Истакнат бизнисмен и национален работник и еден од основачите на српскиот комитет на четничката акција. Бил еден од главните кои ги препраќале срските чети во Косовсо и Македонија. Умира Во Београд 1953 година.

[131] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 40-43

Доваѓањето на Борис Сарафов[132] по Илинденскот неуспех,ноември 1903 година во Белград, е еден значаен историски момент кој има за цел да склучи договор со српските революционери во организација на широко востание следната пролет, но и потоа од Белград да отпатува и да ги посети сите престолнини во Европа со цел да го привлече вниманието на владите за македонското прашање. Стефан Симиќ ни дава еден убав приказ како бил пречекан Сарафов каде што вели,сите “наши офицери го прегрнуваа, бакнуваа и носа на раце во Ниш, додека во Белград го чекале студенти со знамиња, а толпата го опфатила железничкиот перон и плоштадот пред станицата. Симиќ пишува дека нашата младина го дочека, гледајки во него вистински борец за слобода на Македонија”. Сарафов исто така разговарал со Симиќ каде се согласиле дека со “заедничка согласност не може да има успех против нашиот непријател”. Но до било како договор со лидерите на Српската револуционерна организација не можело да дојде бидејки на сето ова Милорад Гоќевац рекол “Се е тоа лага, Бугарите мислат на едно зборат друго а работат трето. Тоа им е во крвта”. Симиќ пишува “И навистина Сарафов од Белград заминал во Виена, а потоа во Берлин и Париз каде говорел за Македонија како исклучиво бугарска област каде што нема други народи освен Бугари[133] ”

Во текот на Илинденското Востание одреден број на Срби земале учество во востаничките дејства. Главно се работело за Срби кои биле од областите десно од реката Вардар. Така за време августовските борби со турската војска на чело на вооружените групации се наоѓале Глигор Соколовиќ[134], Вангел Скопјанче[135], Јован Долгач[136], Крста

[132] Борис Петров Сарафов роден е 1872 година во Либјахово, Пиринска Македонија бил бугарски офицер и војвода. Раководител е на Врховниот македонсо-одрински комитет и Внатрешната македонска-одринска революционерна организација. Завршил егзархиска гимназија во Солун, а после воено школо во Софија. Од 1899 до 1901 година бил претседател на Врховниот македонски комитет во Софија. Во 1903 година учествувал во Илинденското востание како член на Главниот штаб во Битолскиот револуционерен округ. Убиен е во Софија 1907 година. (Никола Жежов, Борис Срафов (1872-1907), ДАРМ, Скопје 2019)

[133]Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 52-53

[134] Глигор Соколов Ламев познат како Глигор Соколовиќ роден е во Небрегово на 17 јануари 1872 година бил деец во македонското револуционерно движење , учесник во Мелничкото востание, четник на Македонската револуционерна организација, каде подоцна се вклучува во Срспкиот комитет на четнички акции и станува војвода. Убиен е на патот од Прилеп до Небрегово во 1910 година.

[135] Вангел Димитријевиќ Скопјенче роден е Скопје 1875 година, бил комита во ВМРО и учесник во 1903 година во Илинденското востание, по основањето на српската четничка организација станува војвода во самата организација. Загинува во Битола во 1915 година.

Ковачевиќ – Трговишки[137], Тодор Алгуњски, Тома Крстич, Цане Маркович и др. Свеста дека Турците и муслиманскиот фанатизам се главна пречка за безбедниот живот на старосрпските и македонските христијани била главна причина за српското учеството во востаничкит акции. После Илинденскиот неуспех, благодарејки на сопствени иницијативи, се пристапило на озбилно градење Српски четнички организации.[138]Носител на спомената идеја би Др. Милорад Гоќевац[139], заедно со Генералот Јован Атанацковиќ[140], Васо Јовановиќ[141] и нивни истомисленици каде на 11 септември 1903 во Белград на состанок е основана Српската четничка организација и е усвоена програмата за нејзино работење., Истиот ден е формиран и орган под име Централен револуционерен таен комитет. Претседател на Револуционерниот оддел на српската четничка организација бил поставен генерал Атанацковиќ, секретар Др. Василије Јовановиќ, а нивни први членови биле Др. Гоќевац, Лука Чeловиќ[142] и Голуб Јаниќ[143]. Организацијата освен Револуционерен имала и Финансиски и Пропаганден оддел[144].

Работата на српската револуционерна организација била дефинира со Статут које е усвоен истиот ден на самиот состанок и содржел единаесет ставки. Како главна задача на организацијата во Статутот е поставен заштита на српкиот народ од угнетувачите до нивно конечно ослободување и обединување со кралството Србија. Самата организација

[136] Јован Цветковиќ или познат како Јован Долгач е роден во Кошино во 1860 година, бил српски четнички војвода во Западна Македонија. Во 1915 година во родното село бил заробен од чета на ВМРО каде бил ликвидиран.

[137] Крста Ковачевиќ Трговишки познат какп Крста Прешевски роден е Трговиште 1877 година е српски четнички војвода, учесник во Илинденското востание. Умира на 30 јануари 1948 година во Прешево.

[138]Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 1-23

[139] Др. Милорад Гоќевац е роден 1 март 1860 година во Ваљево бил лекар, национален работник, иницијатор и главна алка при основањето на Српскиот комитет на четничкаsа акција во борба за ослободување на Македонија. Умира во Белград на 21 септември 1933 година.

[140] Јован Атанацковиќ роден Неготин 24 март 1848 година, српски генерал, еден од основачите на Српскиот комитет на четничката акција и воен министер. Умира во Белград на 9 август 1921 година

[141] Василије Јовановиќ или познат како Васа Маќедонац роден е Скопје февруари 1874 година бил српски правник, политичар и национален работник. Тој е еден од основачите на српската четничка организација и југословенски делегат во основањето на Лигата на народите. Умира во Београд на 31 декември 1970 година

[142] Лука Челoвиќ е роден Придворци на 18 октомври 1854 година. Тој е трговец, изнајмувач, во почетокот на 20 век е еден од најбогатите луѓе во Србија, водечки финансиер и најугледна личност. Член е на српскта четничка организација, национален работник и голем српски просветен добротвор. Умира во Белград на 15 август 1929 година.

[143] Голуб Јаниќ роден Маврово 1853 година е српски изнајмувач, трговец, народен амбасадор, добротворец, еден од најбогатите луѓе во 20 век во Србија, финансиер и највлијателна личност на српската заедница во Јужна Србија и Македонија. Еден е од основачите и финансиер на Централниот револуционерен таен одбор во Белград. Умира 1918 година во Белград.

[144] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 23-26

се состоела од месни одбори кои имале претседател, негов помошник, благајник и советници. Статутот предвидувал да секој одбор има своја тајна полиција, а секој срез (округ) една или повеке вооружени чети кои ќе го штитат народот од непријателските насилства и пропаганди. Организацијата била финансирана од доброволни прилози, чланарини и приходи кои биле добивани од други страни.

Важно е да се истакне дека формирањето на четнички одбори на теренот се одивал постепено. Создадена по моделот на Внатрешната революционерна организација која имала задача да го одбрани српското население во селата и градовите на Стара Србија и Македонија. Во периодот од август 1903 до крајот на 1904 година Белград ги толерирал ангажирањата и делувањето на српските револуционери, но никако не им обезбедил активна подршка. Морална и материјална подршка главо доваѓала од граѓаните на Кралството Србија и цивилните организации како "Кола српских сестара" и "Српски браќа.[145]"

Значајно за српското четничкото движење во Јужна Србија и Македонија е во тоа што се разликува од сите останати по тоа што се водело прво против вооружената бугарска пропаганда, а потоа против Турција за конечно ослободување и обединување со Србија[146].

Нервозата поради успешното градење на српската револуционерна организација во текот на 1904 година на просторот на Скопски санџак и Битолскиот вилает припадниците на ТМОРО вршеле чести ликвидации на Србите. Први на удар биле учителите, свештениците и богатото патријаршиско население. Во намера да го преобрати населениото во Кумановскиот и Кривопаланечкиот крај од патријаршиски дух во егзархиски бугарските чети од август до септември 1904 година извселиле страшни убиства над мештаните во селата Кокошина, Шопско Рудари, Татомир и др. Овој настан кој се случил бил именуван како кокошински колеж.[147]

---

[145] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 29
[146] Споменица двадесетпетогодишњице ослобоцења ЈУЖНА СРБИЈА 1912-1937, Скопље 1937 година, стр. 271
[147] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 80-88

Интересно е да се напомене дека Кумановската каза со дејствувањето на српските чети е зачувана од теророт на ТМОРО, но присуството на Турците и Албанците задавал големи проблеми на дејствувањето. Во село Пелинце 1905 година присуствувале четите на Ѓорѓе Скопјанец[148] и Горскиот штаб на Источно Повардарие со вкупно 38 луѓе. Истиот ден во село Никуљане пристигнала четата на Павле Младеновиќ[149] со 130 четника со намера да после краткиот одмор неколку од нив да го продолжат патот до Пореч, а остатокотна Скопска Црна Гора. Такво масовно движење не можел да пројде незабележано. Турските сили дознале за концентрацијата на чети северно од Куманово па тргнале кон нив. Четата на Павле Младеновиќ започнала борба на брдо Челопек. На турските сили им се придружиле и Албанците од околните села со желба да се ограбат ѓаурските пушки, но благодарение на борбеното искуство и добрата проценка српките четници, како и ударот од зад грб кој го извел четникот Ѓорѓе Скопјенец од правец на Пелинце, османлиската војска доживеала пораз. Битката на Челопек станала симбол на првиот голем успех на српските четници над турската војска и албанскиот башибозук но и опомена на лидерите на српската организација да не концентрира голем број на вооружени сили на ма простор како што е била Кумановската котлина[150].

Во периодот од 1905 до крајот на 1907 година се случиле голем број на вооружени престрелки на српските четници со турската војска, албанскиот башибозук и со комитите, како во Западно така и во Источно Повардарие. Најголеми борби се воделе на Вуксан во подножјето на Скопска Црна Гора во април 1905, на Китка во мај 1905, на Петралица кај Крива Паланка јуни 1905, на Гуглина септември 1905, кај Мургаш декември 1905, на Паклишти јануари 1906, на Дреновце март 1906, на Бјаловце јули 1906, кај Владовца март 1907, кај Дреново јуни 1907 и др[151].

[148] Ѓорѓе Ристиќ наречен Скопјанче роден е во Пеќ 6 август 1881 година е српски четнички војвода. Гимназија завршил во Скопје а после се запишал на Подофицерската школа во Белград. Умира на 27 јануари 1911 година во Ниш.
[149] Павле Младеновиќ или познат уште како Чича Павле Јачински е роден Јачинце бил четнички војвода во Стара Србија и Македонија. Загинува во Бељаковци при судир со турците на 16 јуни 1905 година.
[150] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 100
[151] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-3, АЕ XV/IV/, 99-103

Со самото учество и работа во српската револуцонерна организација Стеван Симиќ имал за задача да ја шири идеологијата на организацијата во Македонија за нејзино ослободување од турска власт и конечно припојува кон Србија.

Во автобиографските спомени на Симиќ, освен животот и работата ни дава една проширена тематика за неговото школување во Кратово, Скопје и Цариград, со изнесување на бројни податоци, ситуации и случувања во врска со школувањето и работи во кои се пронаоѓал и снаоѓал и како го доживувал. Интересни се неговите изјави и опишувања за Кратово од времето на неговата младост а посебно од кратовските жители припадници на српската национална заедница. Ги прикажува неуспесите на бугарските комитски чети, немоќта на турската управа да обезбеди правна цел, јавна и лична безбедност на српските жители, а посебно на српските учители и свештеници. Интерсни се неговите прераскажувања за неговите школски другари, а посебно за српската гимназија во Цариград, наставниците, професорите и карактеристиките за директорот М. Димиќ. Запазени се Цариградските знаменитости и положбата на христијаните во турската престолнина. Посебно внимание му привлекла султановата поворка во одењето во џамија и др. каде што дал неколку белешки за српката публикација Цариградски гласник неделен весник кој се издавал од 1892 до 1903 година, а го уредувал охриѓанецот Коста Групчев[152].

Симиќевите раскажувања за Цариград спаѓаат во ретките обиди да се прикаже турската престолнина од страна на српските писатели. Пред него тоа го направиле Чедомиљ Мијатовиќ[153] и Владимир Кариќ[154], не земајки во предвид искази од српските дипломатски претставници[155].

[152] Коста Групчев е роден Охрид 1948 година бил македонски деец и борец за македонската национална самостојност. Бил член на Тајниот македонски комитет, тој е еден од првите македонисти од карјот на 19 век и почетокот на 20 век. Умира во Истанбил на 3 февруари 1907 година.

[153] Чедомиљ Мијатовиќ е роден во Белград на 17 октомври 1842 година е српски економист, книжевник, историчар, политичар и дипломат. Умира во Лондон на 14 мај 1932 година.

[154] Владимир Кариќ роден Светлиќ кај Крагуевац на 2 ноември 1848 година бил српски географ, педагог, публицист и дипломат. Умира на 8 јануари 1894 година во Баден тогашна Австро Унгарија

[155] Архив на МАНУ, ф. Стеван Симич к-1, АЕ I, 47-82

# Заклучок

Архивската наука треба да ги гледа архивските идеи, стратегии и методологии во текот на изминатите векови, и од тука натаму во идните векови, како концепти кои постојано се развиваат, постојано се менуваат, постојано се прилагодуваат, заради радикалните промени во природата на записите, структури за создавање на евиденција, организациски и работни култури, општествени и институционални функции, индивидуални и лични предиспозиции за водење на евиденција, институционални системи за водење на евиденција, современи употреби на евиденција и пошироки културни, правни, технолошки, социјални и филозофски трендови во општеството.

Архивистите треба да бидат способни да ги истражуваат, препознаваат и артикулираат сите овие радикални промени во општеството и потоа концептуално да се справат со нивното влијание врз архивската теорија, методологија и практика. Таа артикулација го формира нашиот колективен дискурс како професија, мета-наративот што ја анимира нашата секојдневна пракса, и со тоа е правилно во фокусот на архивската наука во новиот век.

Истражувањето и користењето на архивскиот материјал е една од првобитните фази за тоа како да се дојдат до првичните информации за некој настан и личност кој се случил во минатото. Сепак пред се е најбитно да се напомене дека со самото истражување и пронаогање на архивски документации се подобрува и се збогатува националната историја на самата држава во зависност до каков документ ќе дојде самиот истражувач а со правилното користење на архивскиот материјал се избегнуваат ризиците од негова злоупотреба.

Секој архивист е пожелно што посуштински и покорисно да се запознае со фазите на истражувањето и со начинот и постапката на користење на архивскиот материјал каде што ќе добие пошироки знаења за самата архивистика како наука.

Стеван Симиќ роден е во Кратово во 1882 година каде го започнал и завршил основно образование. Се запишува во српската нижа гимназија во Скопје, а по нејзиното завршување се запишува во вишата гимназија во Цариград која ја завршува во 1901

година. По завршувањето на гимназијата започнува да работи како учител во село Туралево, Кратово и Куманово.

Во 1902 година Стеван Симиќ заминува во Белград каде се запишува на студиите на Филозофскиот факултет во групата географија со антропологија и историја на србите и општа историја кој се важен дел од неговито живот затоа што преку неговите активности во манифестациите на народниот живот и младинските проекти се здобива со искуство кое подоцна ќе го употреби во неговата понатамошна работа. Таму се прикулучува во револуционерната организација која броела видни и високообразовани поединци со кои подоцна ќе соработува и на професионално ниво.

Интерсот за кратовската област на кој посветува поголем дел од неговото внимание се забележува уште во неговите најрани просветни амбиции. Можеби тоа што неговата тема за државниот испит не била во можност да се објави го притиска да продолжи да се бори за одбрана на правата на народот и ослободвање од турското владееење и надворешните влијанија во тој период, меѓутоа тој сепак наоѓа сила да ги продолжи научните истражуваања на неговиот учител Јован Цвииќ.

Стеван Симиќ живее и работи во периодот за време на и помеѓу двете светски војни и активно се борел за зачувување на интегритетот и слободата на народот. Неговите истражувањата и записите на кратовската област даваат хронолошки приказ на еден природен тектонски склоп.

Интересни се неговите истражувања и записи за кратовската област каде ни дава едне опширен приказ за историјата на оваа област и самиот град Кратово но и географијата каде е лоцирана  со нејзините природни предели. Овие населени места и нивната поделба според локацијата и надморската висина се доста богати со историја која е важна за истражување на раните населувања на народите на овие простори.

Познато ни е во минатото дека цела денешна Кратовска област и околните предели се нарекувала Пеонија, Дарданија и Злетово, се до XV век каде оваа област почнала да се нарекува Кратовски крај, Кратовска каза или скратено Кратовско која останала до ден денес. Додека самиот град Кратово во минатото го сретнуваме под името Транупарна, Кротос или Коритос. Самиот град  и неговата околина било старо рударско место, во кој

постоеле топилници каде се топила руда и се добивала благородни метали уште од римски времиња.

Истражувањата на Симиќ од делот на архитектурата даваат доста голем увид за позначакни манастири, цркви и школи. Го забележува и однесувањето на српските офицери и власти кои биле учени дека при освојување треба да зачуваат, освен останатото, и сите археолошки објекти и архиви.

Целокупното дело на Симиќ е слика за тоа дека доклку се води грижа за културните богатства на една земја под окупација или под било какво владеење може да се придонесе за зачувување на народниот интегритет и култура. Секој архивиран детал е важен при испишувањето и истражувањето на историјата на еден народ, нација, земја, територија.

Неговите истражувања и записи се доста значајни во делот кон архитектурата со кој ни дава прецизни податоци за некои стари градби како што се манастири и цркви нивната историја местоположба итн. Во монографиите за Лесновскиот манастир и Влешкиот манастир ни дава еден убав и опшрен приказ за нивната архитектура и историја, кој служи и како материјал за споредба на сличностите и разликите помеѓу народите во овој простор.

Политичката активност односно вклученоста во политичката сцена придонесуваат за разработување на детали од политичката ситуација на овие простори, за ширењето на политичките идеологии за ослободување на Македонија од турската власт и прифаќање на српската национална свест.

Многубројните податоци за секојдневниот живот, школството, ситуациите во кои се наоѓал за време на неговиот престој и живеење во Кратово, Скопје и Цариград се исполнети со успеси и неуспеси на борбата христијаните на овие простори со турската власт, а посебно се интересни записите за положбата на српската национална заедница во Кратово која не можела безбедно да ја шири нејзината дејност. Има објавено неколку белешки на оваа тематика во Цариградски гласник со што ова прашање добива зголемена важност.

Семејните и личните фондови најчесто содржат специфичен, раритетен и вреден архивски материјал, значаен за историските истражувања. Архивскиот материјал од фондот на Стеван Симиќ кој се чува во Архивот на МАНУ, содржи доволен број на податоци, кој ни нудат еден приказа за начинот и животот на населинието, историските, етнографските, оптштествените и политички состојби во областите на Македонија и локалната историја кои претставуваат значаен извор за историски истражувања.

Периодот во кој работел и творел се интересни затоа што го опфаќаат периодот од Балканските војни па се до завршетокот на Втората светска војна, со посебен осврт на Кратово и кратовската област, со што добиваме една различна перспектива на еден поголем и турбулентен период од националната историја.

# ПРИЛОГ

# Сеќавања на професорот на универзитетот во Скопје Др. Јован Ф. Трифуновски за Стеван Симиќ

## Сеќавања 1: МАКЕДОНИЗИРАЊЕ НА ЈУЖНА СРБИЈА

(Прв разговор со стариот Стеван Симиќ)

СТЕВАН СИМИЌ (1882-1962), долгогодишен директор на српските средни училишта во Велес, Охрид и Призрен, по завршувањето на Втората светска војна, се враќа од Белград во Скопје, каде ја поминува тешката германска окупација како бегалец пред Бугарите. Во Скопје бил стар и сам, со особено мала пензија. Живееше на приземјето на својата скромна, дотраена куќа крај десниот брег на Вардар. Радо беше примен во станот на моето семејство и се почестуваше секогаш кога ќе дојдеше, вообичаено пред вечера. На децата им носеше бонбони или овошје, а тие со нетрпение го чекаа доаѓањето на чичко Симиќ.

- Во времето во кое ја поминав младоста - рече еднаш Симиќ, роден во Кратово - да се биде интелектуалец, професор, научник или писател во нашите јужни региони, како што и јас планирав, беше скоро трагедија. Може и да имаш знаеење, но не можете да станете некој и нешто и да непредувате. Исклучителен, можеби и многу умен, но не сте потребен на никој, затоа што живеете во азиско-муслиманска земја, Турција. Што преостанува освен: да се бега во соседна Србија или Бугарија. И, дури и кога тие нема да ве прифатат, што понекогаш се случуваше, тогаш таквите лица палеа сѐ што стоеше зад нив - мостови и амбиции.

- По завршувањето на Првата светска војна - почнуваше нова приказна Стеван Симиќ - честопати го посетував мојот роден град Кратово, кој се наоѓа на западните падини на планината Осогово. Познавав многу луѓе од селата околу градот. Како и да е, покрај таквите луѓе кои по национално чувство секогаш биле Срби, имаше и такви кои се изјаснуваа како Бугари до крајот на Првата светска војна во 1918 година. Некои од нив отворено застанаа на страната на бугарските окупатори, помагајќи им во војната. А затоа што беа компромитирани кога војната заврши, тие се повлекоа со бугарската војска во два

бугарски града – Ќустендил и Софија. Таму се населија, чекајќи, дека можеби нашата нова држава, Кралството СХС, набрзо ќе се распадна.

- Но, тоа не се случи. Во текот на 1919 до 1923 година, постоењето на вакви бегалци од нашата земја во Бугарија, стана непотребно и политички бескорисно. Затоа започна нивното намерно враќање во нашата земја.

- Во првите денови во август, пред пладне, посетувајќи го моето лозје во близина на Кратово, се запознав со еден ваков повратник од Бугарија. Ова беше големо изненадување. Ситен и мал човек, сини очи. Добро се познававме уште од младоста. Прво се ракувавме, потоа сменивме неколку вообичаени фрази и седнавме во сенката на соседната калинка. Неговото лице ја смени бојата. Јас реков:

- Што е Томо? Отидовте во Бугарија со намера да не се вратите додека нашето Кратово е во српска власт. А сега овде те гледам.

- Да, така беше, рече Тома, кревајќи ја главата. -  Но.

- Но, што?

- Не сѐ што јас зборувам. Имам куќа во Кратово и во неа се жена ми и децата со сиот имот. Еден ден, ме повикаа на седиштето на политичките бугарски ВМРООВСКИ власти во Софија и рекоа:

- Што викаш Томо да се вратиш назад во родниот крај? Не грижи се, ќе ти испратиме нешто пари. Таму ќе дејствуваш со нашите други луѓе на кои може да се потпреш, застани пред српските власти и на јавни места спомнувај: Бугари, само името Македонци. Треба да се избегне и регионалното име Јужна Србија, а името Македонија да се прошири и одржува.

- За употребата на дадените имиња, - продолжува Тома,,, - нема да бидеш прогонувам  или не многу од режимот. И за нас, главната работа е да се потисне српското име во делот на Македонија под српска власт. Сега е важно да не бидете Србин таму, туку Македонец. И кога ќе дојде соодветен историски ден, бугарската држава лесно ќе го врати

името Бугари од името Македонци, а името место Македонија ќе го врати името Бугарија. На ова треба да се посвети сила и внимание. На тоа.

Небото сјаеше над околината на Кратово, додека грмушките, шумата и лозјата, менуваа боја. Патиштата беа суви, тврди. Насекаде се ширеше затишје.

- Со тоа што ми беше кажано, - продолжува Тома - дознав дека се дискутира и индивидуално со други поддржувачи на бугарските власти и бугарското име во Македонија, кои исто така се повлекоа во Софија на крајот на 1918 година со бугарската окупаторска војска. Денес, многу од нив се вратени и живеат во своите земји.

- А, така нели? Значи, сето тоа излегува со бугарско-вмроовскиот политички план. Името „Македонци“ треба да послужи како привремена маска за да се прикрие името Бугари, и да се потисне името Срби.

Ова беше крајот на интервјуто на Симиќ за тој ден.

Во периодот меѓу двете светски војни имало претпазливи, независни и национално свесни, длабоко одговорни луѓе кои знаеле за бугарската измама. И таа измама не успеа. Но, од почетокот на Втората светска војна и новата бугарско-фашистичка окупација во 1941 година, зад лажната слика на таа војна и лажното братсво-единство тогаш надвор од крајот на таа војна и лажно братство и единство, сè се смени во овој поглед: се верувало во измама како да е вистина. И тоа совршено успевало.

Дури и со државна наредба, брзо преовладуваат имињата Македонци и Македонија, а старите имиња Срби и Јужна Србија се присилно потиснати.

Стеван Симиќ, роден во Кратово, не бил било кој: студирал во српското граматичко училиште во Цариград, па се до 1906 година студирал национални науки - географија, етнографија и историја - во Белград. Бил професор на нашите гимназии во Плевље и Солун, а како што е и наведено погоре, тој е успешен директор на гимназии во Велес, Охрид и Призрен. Покрај тоа, Симиќ е автор на голем број објавени дела - стручни, научни и литературни. Тој исто така бил и пратеник во парламентот во Белград.

Неколку години подоцна (1962) стариот Стеван Симиќ почина во неговиот сиромашен дом во Скопје. Го гледав на постелата и се сетив на неговиот живот и дело. Не реков ништо, само се криев во потиштеноста. Оттогаш, честопати се сеќавам на приказните на Симиќ во приквечерите. Тука забележав само мал дел од нив. Доедека пишувам сончевото попладне се претвара во ноќ.[156]

## Сеќавања 2: ПОСЛЕДНА ПОСЕТА ДО БЕЛГРАД

(Втор разговор со стариот Стеван Симиќ)

Стеван Симиќ (1882-1962) бил по потекло од градот Кратово, професор и директор на српските гимназии до 1912 година во Плевље и Солун, а подоцна во Велес, Охрид и Призрен. Веднаш по завршувањето на Втората светска војна, тој се вратил од Белград во Скопје, каде што престојувал. Поминал четири години во Белград како бегалец под тешка германска окупација.

Во Скопје Симиќ беше сам, стар и со особено мала пензија. Живееше на приземјето на својата скромна, дотраена куќа крај десниот брег на Вардар.

Непосредно пред неговата смрт во 1962 година, седнавме на раскалтените столчиња во неговиот стан, слушајќи го дождот. Веќе беше доста доцна.

Откако смени неколку вообичаени фрази, Симиќ ја започна следната приказна: „Прифатено е мислењето дека во текот на ноќта се сонува за тоа што направило најмоќен впечаток во текот на денот. Сепак, тоа не е случај со мене. Заборавив сè од сонот веднаш штом се разбудив“.

Ништо не одговорив.

Знаев дека тие денови Симиќ се врати од Белград и затоа го замолив да ми каже – како е таму, што видел, слушнал и многу повеќе.

---

[156] Др. Јован Ф. Трифуноски, МАКЕДОНИЗИРАЊЕ ЈУЖНЕ СРБИЈЕ, Београд 1995 година, стр. 9-12

- Со нетрпение го очекував мојот престој во Белград и Србија – беа наредни зборови на Симиќ. Моето детство ги поминав во Белград од 1902 до 1906 година. Тоа беа клучните години на моето формирање, бидејќи учев со познатиот професор и уште поголем научник Јован Цвииќ. Јас бев еден од неговите истакнати студенти. Исто така, станав следбеник на науката и националните идеи на Цвииќ.

- И подоцна, како професор и директор на средните училишта во различни делови на нашата земја, ја искористив секоја можност да навратам и да задржам во Белград. Таму објавив научни и литературни дела. Подоцна, како пратеник и како бегалец во Втората светска војна, престојував таму. Ако сè се собере, тогаш за значителен дел од мојот живот бев Белграѓанин.

- Сепак, за време на мојот сегашен и последен престој во Белград - Стеван Симиќ продолжува да зборува - јас останав само неколку дена. Се вратив пред некое време затоа што не можев да издржам што се случуваше таму. По последната војна, светот во тој град, според мене, Скопјанац и стариот Србин од поранешна Јужна Србија, многу брзо се сменија без причина. Не само старите белграѓани, туку и другите кои живееле и работеле во Скопје пред војната во 1941 година, и се населиле и вработувале во Белград како бегалци. Постојат различни професии: од државни службеници, стопанственици, па сè до членови на Српската академија на науките и уметностите (Д. Недејковиќ, П. Колендиќ, П. Јовановиќ, М. Стевановиќ, В. Радовановиќ). Сите заедно земени се во голем број. Додека беа во Скопје, се познававме сите до еден. Се поздравувавме едни со други на улица, дури се повикувавме од спротивните тротоари, особено на Душановиот мост над Вардар и се посетувавме во објектите каде што работевме, па дури и во становите.

И сега: никој од нив не се интересира за мене, за Скопје, последователно за нашите јужни региони. Барем нешто да прашаат. Тие долго живееле во Скопје и Јужна Србија, сегашна Република Македонија. Градеа кариера како наставници, доктори, судии, професори од различни училишта или Филозофски факултет, како директори-администратори на институции. Децата се родени таму, многумина се стекнаа со некои средства, итн.

- Како тоа да не се веќе они. Во Белград тие станаа се повеќе рамнодушни и пред сè плашливи. На улиците минуваат покрај мене како странци, свртувајте ги главите на другата страна, избегнуваат да кажат „добар ден“. Се плашат од мене Србин и од други Срби од јужна Србија. Тие мислат дека со тоа ќе се замерат со некого. Дури и во белградските установи каде што работат, за мене познати поранешни Скопјани, се однесуваат незаинтересирано, ладно, ни трага од љубезност. Никој не прашува како е во Скопје, како се живее во „класичен скопски југ“.Така го нарекуваа порано. Научив дека истото се случи и со другите српски скопјани кога ќе дојад во Белград поради било која причина.

- Тоа е сигурен симптом на голема социјална болест.

- Дојдоа други времиња и луѓето во такви околности одеднаш се изменија - не можете да ги препознаеш. Очигледно, од последната војна, Белград и Србија нè отфрлија нас од јужниот регион како далечна мисла. Ние сме оставени сами на себе да се снаоѓаме и да живееме како што знаеме и умееме во многу тешки услови и под новиот државен режим. За народот во Белград, ние не сме Срби. Тие не избегнуваат и се срамат од нас. И јас и многу други, дури и за време на турското владеење и подоцна, бевме едно со Србија и со срце и во душа. Србија беше сè за нас. Некои од нас ушествуваа во  судбоносните војни кај Куманово, на Брегалница, во Кајмакчалан.

- Никогаш порано не сум размислувал за сето ова, Јоване, онолку колку што имам откако се вратив од Белград пред извесно време. Јас сум многу навреден. Не ми влага во глава овој голем пресврт. Тоа е над мојата моќ за разбирање. Ме тишти ненадејната загуба на српската самосвест. И се останато.

После последните зборовите, Стеван Симиќ силно се закашла што едвај стана. Тој страдаше од астма. После тоа, ние замолчивме секој со свои мисли.

Ова беа последните зборови од разговорот со  Стеван Симиќ таа вечер во неговиот скромен скопски стан. Мрзоволно тргнав по улицата кај Вардар за да стигнам до мојот

стан. Имав чувство дека иднината е тешка. Поминаа неколку години од тогаш; и како што ги запишувам горните редови, повторно е есен и врне ситен дожд.[157]

[157] Др. Јован Ф. Трифуноски, МАКЕДОНИЗИРАЊЕ ЈУЖНЕ СРБИЈЕ, Београд 1995 година, стр. 82-85



II/3/3

ДО ДРЖАВНАТА АРХИВА НА НР МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

М О Л Б А

Од СТЕВАН СИМИЌ, пензионер од град Скопје, ул. "Вардарска" бр.5.

Молам горниот наслов да ми издаде потврда за од која да се види дека сум бил како службеник на Вардарска бановина плаќал уредно социјални допринос од месец април 1930 година па натамо.

Оваа потврда ми е потребна заради регулисање на мојата пензија.

Смрт на фашизмот - Слобода на народот!

Скопје, 29 март 1956 г.

Молител,

Стеван Симиќ

Директор гимназије во пензија

Вардарска ул. бр. 5

ДРЖАВНА АРХИВА на Народна Република Македонија
бр. 259
29. III. 1956 год.
СКОПЈЕ

DO DRUGAROT STEVAN SIMIK, penzioner

Skopje
ul. "Vardarska" br.5

Vo povratok na molbata, Ve izvestuvame da baraniot dokument nemožeme da Vi izdademe, bidejki arhivata na bivšata Vardarska banovina ne se naoga pri nas.

Smrt na fašizmot - Sloboda na narodot !

TT/TP

v.d. D i r e k t o r,

/Todor Taleski/

Факсимил 1. Молба на Стеван Симиќ до Државниот архив на НР Македонија

II/3/20

НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИЗВРШЕН СОВЕТ

Biro za molbi i poplaki
Br. 1234/54
22.V. 1955 god.
Skopje

20-V-55

DO STEVAN SIMIĆ

KRATOVO

Vo odgovor na Vašata povtorna pretstavka, upatena do ova Biro, so koja molite za intervencija od naša strana da Vi se zeme vo rešavanje Vašata molba za priznavanje raboten staž od ZSO na grad Skopje, Ve izvestuvame deka Komisijata za priznavanje na raboten staž pri odnosniot Zavod ja zemala vo postapka Vašata molba i za konečniot rezltat ke bidete izvesteni od spomenatiot Zavod.

Prednoto Vi se dostavuva na znaenje i upravuvanje.

SMRT NA FAŠIZAMOT - SLOBODA NA NARODOT!

NAČALNIK,
( D. Andreeva )

Факсимил 2. Писмо од биро за молби и поплаки упатено до Стеван Симиќ

14-V-1953 г.

II/3/29

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЖУРНАЛИСТИТЕ
НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БР. 50

Скопје, 14.V 1953 год

До Господин Стеван Симиќ

Ве известуваме дека оваа Здружение неможе да Ви издаде уверение за новинарски работен стаж по следните причини: освен записникот од сослушувањето во Управата за социално осигукуруваање во кој господин Александар Буквиќ Ви сведочи дека сте биле уредник на Службениот лист Вардарска Бановина од 1.IV.до VII 1932 год. немате никакви други документи со кој би потврделе дека сте биле професионален новинар и живееле од тој позив.

С. Ф. С. Н.

За Управата на Здруж.
на Новинарите на Македонија

Факсимил 3.Писмо од здружението на журналисти на НР Македонија Скопје до С. Симиќ



IV/3/104

**И З Ј А В А**

Ние долупотписани и тоа:

Блаже Конески, в.професор во скопскиот универзитет, лична карта бр. 78597 ГНО, Скопје, ул.Народен Фронт бр.4 и

Јован Ф.Трифуноски, доцент во скопскиот универзитет, лична карта бр. 80415/51 на ГНО, ул.Орце Николов бр.94.

Изјавуеме дека ни/е другар Стеван Симиќ, директор на гимназија во пензија од гр.Скопје, ул.Вардарска бр.5 лично познат и како директор и како јавен, културен и научен работник. Со овија работи другар Ст.Симиќ активно се бави преку педесет години. До сега е објавил голем број штампани работи од историја, географија, етнографија, како и по голем број книжевни работи. Во овија работи другар Стеван Симиќ е активен и сега.

За истинитост на горните изјави јамчиме морално, материјално и кривично.

Б.Конески

Блаже Конески, в.професор на универзитетот во Скопје.

Др.Јов.Ф.Трифуноски

Др.Јован Ф.Трифуноски, доцент на универзитетот во Скопје.

Смрт на фашизмот – Слобода на народот!

17 октомври 1956 год.
Скопје.

Народен одбор и вода на град Скопје потврдува да потписит на горе потписаните се своерачно пред службеникот општото одделење при свој одбор Такса е платена по тар. бр 31 од законот за таксите, облепена и поништена
Скопје 17-X-1956 г. бр 2522.
С. Ф. — С. Н.
Оверил

Народен одбор на општина Кисела Вода Скопска околија Н.Р.М. Скопје

ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

ГРАДСКА ТАКСА Н.О. НА ГРАД СКОПЈЕ 50 ДИНАРИ

ГРАДСКА ТАКСА Н.О. НА ГРАД СКОПЈЕ 50 ДИНАРИ

Факсимил 4. Изјава од проф. Б.Конески и доцентот д-р Ј.Трифуновски за С.Симиќ



XXIX/32

D O G O V O R

Sklučen pomegju profesor Steva Simić i Sovetot za školstvo na NR Makedonija na den 6·XII· 1956 godina.

Vrz osnova ponudata od profesor Stevan Simić br. 2724 od 6·XII 1956 godina za otkup na rakopisot "Naša starovremska škola" i ilustracii za istata, i ocenata na komisijata formirana od ovoj Sovet pod br. 2725 od 6·X· 1956 godina, Sovetot za školstvo go otkupuva rakopisot i ilustraciite za potrebite na dokumentacijata od istorijata na školstvoto vo Makedonija za što na avtorot se obvrzuva da mu isplati suma za rakopisot 50.000 dinari i 30.000 dinari za ilustraciite.

So toa, avtorot istite gi prenesuva vo vlasništvo na Sovetot za školstvo na NR Makedonija. Avtorsko pravo za istite prema zakonskite propisi si go zadržuva i ponatamu

DOGOVORITELNI STRANI:

ZA SOVETOT ZA ŠKOLSTVO NA NRM
1/ S E K R E T A R,
/ D. Sopov /

6·XII 1956 god.
S k o p j e

1/ A V T O R,
/ S. Simić/

Факсимил 5. Договор со Советот за школство на НРМ за откуп на ракописот „Наша старовременска школа“.



XXXX/33

НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ ЗА ПРОСВЕТА
бр. 05-3849/1 1958
Н-Х 1958 год.
СКОПЈЕ

По повод молбата од Стеван Симиќ.директор на гимназијата,во пензија со стан на ул.Вардарска бр.5 - Скопје, Советот за просвета на НРМ врз основа на документацијата со која располага , му го издава следното

У В Е Р Е Н И Е

Дека бившиот Секретаријат на Советот за школство, на НРМ го откупил од Стеван Симиќ,директор на гимназија во пензија ракописот "Наша старовремска школа".

Ова уверение му се издава за да му послужи за регулирање на пензијата, та врз основа на Законот за таксите истото е ослободено од такси.

Смрт на фашизмот - Слобода на народот!

НАЧАЛНИК,
Јордан Белогаски

СОВЕТ ЗА ПРОСВЕТА Н. Р. МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Факсимил 6. Уверение од Советот за школство до С.Симиќ дека е откупен ракописот „Наша старовременска школа“



ПРЕПИС

XXX/3 9-VI-1938

државни грб

Српска краљевска академија

Но 396

9 јуна 1938 год.

Београд

Бранкова ул. 15.

Господину

СТЕВАНУ СИМИЋУ, директору гимназије у пензији

Скопље

124. Кеј Краља Александра

Част ми је известити Вас да је Етнографски Одбор одлучио на својој седници од 3 ов. м. да се Ваш опис "Живот и обичаји народни у Кратову" штампа у Етнографском зборнику, с тим да из њега изоставите одељке I–V и да спис спремите за штампу по напоменама у реферату г. Ердељановића.

На основу ове одлуке шаљу Вам се рукопис и препис реферата г. Ердељановића.

С одличним поштовањем

Претседник

Српске краљевске академије

А. Белић с. р.

Суд. чиновник:

ОБ. 919/52

16. IV. 1952

СКОПЈЕ

Факсимил 7. Писмо од „Српска краљевска академија“ до Стеван Симиќ, се известува дека неговиот ракопис „Живот и обичаји народни у Кратову“ ќе се печати во етнографскиот зборник по решение на Одборот.

# Список на користена и консултирана литература

## 1. Извори

- Архив на Македонската академија на науки и уметности фонд “Стеван Симиќ”

## 2. Литература


- Алексов Иван, Актуелни задачи на архивите во времето на транзицијата, Архив на Македонија, Скопје 1996,
- Архивист, бр. XXX, 1-2, Beograd, 1985
- Arhivistika za djelatnike u pismohranama, priredili Josipa Paver, Davorin Erzisnik, Zagreb, 1992
- Bernard Stulli, Arhivistika i arhivska sluzba, Studije i prilozi, Zagreb 1997
- Brenneke, A., Archivkunde. Ein Beitrag zur Theorie und Geschichte des europäischen Archivwesens bearbeitet nach Vorlesungsnachschriften und Nachlasspapieren und ergänzt von Wolfgang Leesch, Leipzig 1953
- Božić-Buzančić D., Priručnik iz arhivistike, Zagreb, 1977
- Вељановски Новица, За развитокот на архивската служба во Македонија, „Историја“, Скопје, 1967,
- Duranti, L., Arhivski zapisi, teorija i praksa, HDA, Zagreb 2000
- Гласник Скопског Научног Друштва, 8 Скопље 1940 година, Стеван Симиќ, кратовски Кули
- ГЛАСНИК СРПСКОГ ГЕОГРАФСКОГ ДРУШТВА, Год.42, бр. 1 Београд 1962 година, стр. 94
- Говор народног посланика СТЕВАН СИМИЌ Директора Гиманзије у пензији, Скопље 1937, 1938 година
- Дуйчев Иван, Лекции по архивистика, София, 1993
- Жежов Никола, Борис Срафов (1872-1907), ДАРМ, Скопје 2019
- IZ ARHIVISTIKE, Prirucnik za sluzbenika arhiva, Beograd 1959 godina
- ISAD(G) – Општ меѓународен стандард за опис на архивскиот материјал, Второ издание, Скопје 2016.

- Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena knj. 42, Zagreb 1964. g.
- Karaman Igor, Studije i prilozi iz Arhivistike, Zagreb, 1993
- Козлов Петрович Владимир – Археографија, Архив, Часопис архива Југославије, 2, 2001, стр. 9 – 27
- Критериуми за условите и начинот на образување архивски фонд и архивска збирка, Архив на Македонија, 1986 година
- Лапе Љубен живот и дело, Материјали од научниот собир одржан на 14 ноември 1995 година по повод 10 години од смртта на академикот, Скопје, 1997
- Лекић Богдан, Архивистика, Беогад, 2006
- Летопис на Македонската Академија на Науките и Уметностите 1968, Скопје 1969 година.
- Поповић Петковић Радмила, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд, 1972
- Препораката за условите и начинот на формирање архивски фонд и архивска збирка, САРЈ, 9 јули 1985 година
- Radovanovič Boriša, Ogledi iz Arhivistike, Kragujevac, 2010
- САРЈ: Архивски фондови и збирки во архивите и архивските одделенија во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982 година, стр. 215-216
- Симић Стеван ,Историја Кратовске области, Београд, прештампано из Годешњице Николе Чупиќа, књ. XXXIII, 1914 г
- Симиќ Стеван, Лесновски манастир св. Оца Гаврила, Београд. изд. Свештеничког удружења у Београду, 1912 г.
- Симиќ Стеван, Велешки манастир св. Димитрија, Скопље 1923 г
- Службен весник на ФНРЈ, бр. 12/50 од 18.февруари 1950 година
- Службен весник на НРМ, бр. 19/46 , 1/51
- Службен весник на СРМ, бр. 16/65, 43/68, 47/73, 14/77, 36/90

- Службен весник на Република Македонија, бр. 36/95, 95/2012, 01/2014, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015
- Споменица двадесетпетогодишњице ослобоџења ЈУЖНА СРБИЈА 1912-1937, Скопље 1937 година
- Српска Академија на Науките и Уметностите, Вардарски Зборник 8, Београд 2011 година
- Талевски Тодор Развој на Архивската служба во Македонија, Македонски архивист, IX-X (1980-1981), Скопје, 1981.
- Трифуноски Ф. Др. Јован МАКЕДОНИЗИРАЊЕ ЈУЖНЕ СРБИЈЕ, Београд 1995 година
- Упатство за единствено и задолжително евидентирање на архивскиот материјал и фондови во Архивот на Македонија, ДАРМ, Бр. 01-633/1 од 10.04.1998 година
- Упатство за средување на семејни и лични фондови, Државен Архив на Република Македонија, Бр. 01-271/1 од 25.01.2017 година.
- Upatstvo za izrabotka na klasifikacionen plan, Upatstvo za izrabotka na istoriska beleshka i Upatstvo za israbotka na regest, Makedonski arhivist XVII/1988, str. 25-42
- Schelenberg R. TH, Moderni arhivi principi I tehnika rada, Beograd, 1968
- www.manu.edu.mk